СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**ДИСКУТАНТИ ОД ВТОРОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 43-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3 ЈУЛИ 1992**


1. АБДУРАХМАН АЛИТИ - 40
2. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 59
3. АЛИУ ХАМИД - 86
4. АЛИУ ЕШТРЕФ - 113
5. АРСОВ ДРАГИ - 115
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 36
7. ГЛИГОРОВ КИРО - 88
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 118, 120, 122, 126, 127
9. ДИМИТРОВА РАТКА - 1
10. ЃОРЃЕВСКИ БОРКО - 115
11. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 75
12. ЗИБЕРИ НАСЕР - 127
13. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 28
14. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 125, 126, 150
15. КИТЕВ ЗОРАН - 76
16. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 112
17. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 113
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 13
19. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 82
20. МИНОВ ПАНЧЕ - 132
21. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 19
22. НИКОЛОВ ДУШАН - 25
23. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 47, 132
24. НИКОЛОВ ЈОВАН - 86
25. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 114
26. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 1
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 129
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 128
29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 49
30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 2
31. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 24
32. СПИРОВСКИ АЦО - 66, 129
33. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 133
34. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 120, 121, 123
35. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 35, 124, 13, 136
36. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 34
37 о ШАКИРИ ХИСНИ - 45


крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Второто продолжение на 43-та седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 3 јули 1992 година

Седницата продолжи во 10,35 часот.

Со седницата раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Газмен Ајдерага, Иван Иванов, Панче Насев и Димитар Поповски ме известија дека не се во можност од оправдани причини да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата нешто процедурално сака да каже госпоѓата Ратка Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи сметам дека денес треба дефинитивно да ја донесеме Декларацијата, предлагам да се изјасниме за тоа Собранието да работи додека Декларацијата не биде донесена, да не се прекинува во 17,00 часот туку да одиме до крај, д,а ј:а донесеме денес Декларацијата, да се изјасни Собранието.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, неколку пати беше иницирано, јас уште еднаш тоа го поставувам. Дајте да се договориме вака.

Прво да расправаме за Декларацијата  текстот на Декларацијата, ако треба и за текстот на амандманите коі се поднесени. Да се испрати таа Декларација каде што треба да се испрати и потоа ние можеме понатаму да дебатираме за другите работи.

Овој предлог сакам да оди на гласање, затоа што три - четири дена да расправаме за Декларацијата, за текст од две страници, а да не може да оди во местата каде што треба да оди - па нека биде оваа седница под а) и б), под а) да биде Декларацијата да оди, а ние и така и така расправаме за експозето на господинот Денко Малески.

**СТОЈАН АНДОНОВ**

Пак ви укажувам, исто ќе расправаме по Декалвацијата, само што ќе се измени редоследот на говорници, ќе дојдат нови кои ќе имаат право а не овие кои веќе се пријавиле. Уште малку се, нека завршат, па да одиме на Декларацијата и амандманите што се поднесени.

Мислам дека предлогот на госпоѓата Ратка Димитрова е логично треба да се договориме, така денес сепак да завршиме со работа.

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, би сакал однапред да ми простите што имам намера да ве задржам подолго време и со намера да ја злоупотребам оваа говорница во врска со времето на зборување, од причини што веќе две години слушам, или приближно година ипол како се злоупотребува оваа говорница. Мислев дека се работи само за

одделни сегменти на расправа во тоа бурно време кое претстоеше веднаш после доаѓањето во оваа сала на нас како пратеници и со документите кои сукцесивно ги донесувавме и пред дилемите пред кои бевме исправувани и со апсолвирањето на тие дилеми, со документите мислев дека веќе надминува таквата не рационална расправа и дека доаѓа време за еден друг конструктивен приод во градење на политиката што треба ова Собрание да ја гради за Република Македонија. Но се покажа дека всушност некои други моменти се на преден план, според мене, во ова Собрание и опструкциите што се прават во неговата работа, практично од седница во седница искрснуваа со целокупната своја жестина. Затоа, барам претходно извинување од вас и барам трпение да ме сослушате и во рамките на она што се беше кажано деновиве од оваа говорница, во ваквиот момент во кој се најдовме, мислам дека нужно е да се кажеме се што имаме и после завршувањето на ова седница да излеземе со јасни и Чисти поими и со интимни размисли во секого од нас во кој правец понатаму треба да ја градиме политиката на Република Македонија, тргнувајќи пред се и над се од уставната определба дека пратениците сепак овде одлучуваат по сопствена совест

Во секој момент на делување на ова Собрание, зборувам за мене, таа ми била мене прва водилка, определба за мојот став по сите прашања што биле овде. И во овој момент, исто така, и по оваа тема тргнувам од истата определба, дали мојата определба "за", "против" одредено решение што ќе се понуди на оваа седница ќе биде во согласност со совеста и со нејзиниот мир.

Притоа , расправајќи сега во оваа ситуација за оваа тема, нужно е според мене секој пратеник да се наврати кон тоа прашање и да си го постави пред себеси. И ако ги бараме тие корени мора да се вратиме

поназад, да видиме од каде треба да ги влечеме нашите исходишта за размислите за решавање на крупните проблеми кои се јавуваат во Собранието. Мојот метод при таквите размисли е дека сепак се навраќам на некои историски апсолвирани настани што се случиле во нашата поблиска и подалечна историја и нужно во вакви судбински моменти се јавуваат некои реминисенции и повторно асоцијации на трагичните околности во кои опстојувал овој народ на овие географски простори. При таквата размисла за мојата совесна определба на ова Собрание нужно при оваа тема, расправајќи за сите фактори и субјекти кои релевантно доведоа до ваква ситуација во каква фактички се наоѓаме денес, ми се чини треба да се навратиме пред илјада години наназад, некаде уште на 1014 година кога византијците на еклатантен начин ни ги вадеа очите и на секој стоти војник оставија по едно око да ги преведат кај својот суверен, за,откако тој ја виде трагедијата на сопствената војска ,од жал и тегоба да пресвисне и македонската држава во тие моменти се растури и се разнебиди за наредните шест до седум векови.

Сега, слушајќи некои дискусии овде овие два три дена повторно се навраќаат некои размисли кои нужно тераат на тие релации. И ако се има во вид опцијата дека некогаш или не секогаш или по некогаш историјата се повторува, еднаш како трагедија, а друг пат како можна фарса, јас затоа почнувам оттука и се обидувам да извлечам мисла водилка која ќе ги определи нашите натамошни активности, без разлика на партиска, верска, национална или интересна поделба во овој парламент и пошироко од овој парламент во рамките на Република Македонија.

Кога зборуваме за Декларацијата на Европската заедница, неминовно мора да се навратиме на тоа што ние како Република Македонија направивме на тие релации да дојдеме во ваква ситуација од моментот на повеќепартиските избори со доаѓањето во ова Собрание, со конституирањето на власта и вкупните обврски кои ги презедовме пред народот, пред граѓаните во Република Македонија во корелација со европските процеси, демократски и цивилизациски, во амбиент на распаѓање на комунистичкото царство, источно, во момент ан превирања и не снаоѓања на народите и во целиот тој вриеж каде се најде оваа Македонија. Иако само бележито, иако само навидум, обрнеме за момент внимание тоа де се случуваше во тие крупни европски простори во оваа една ипол две години и каде Македонија се наоѓа во тие релации, јас мислам и длабоко сум убеден дека воој Парламент и оваа Македонија создаде темелити основи за натамошно чекорење и за почитување. Впрочем, таквиот почит секојдневно сме сведоци и го заслужувавме пошироко преку признанијата што актерите од Европската заедница, всушност нивните високо почитувани претставници секојдневно ги упатуваат на адресата на Република Македонија и на нашите видни претставници кои ја претставуваа Републиката согласно уставните определби. Тоа се факти кои постојат, кои се бележани, кои се евидентирани и кои ќе си останат во историјата, да во едно тешко морбидно време овој мал македонски народ да најде синови цврсти и јаки во сопствените редови на цивилизациски и примерен начин, и посредно и непосредно да држат час и по демократија и по однесување и по чувство на одговорност за себе си и зад ругите кои живеат за еден заеднички соживот на просторите на Европската заедница. Јас сум длабоко убеден дека тоа ние го направивме и дека го сторивме и тоа е нашата заложба што ја

имавме за натамошната иднина, што ни отвара и конкретни визии дека се што понатаму ќе се случува има простор, сепак останува за нас и простор и надеж. Кога би било обратно, кога не би имале такво појдовно исходиште, јас би бил длабоко песимиста и лично не би зборувал, би тагувал во клупите овде и би ја носел сопствената тага за трагедијата која би можела да ни се случи дефинитивно и крајно и конечно во иднината што доаѓа. Во овој судбински момент мислам дека тоа треба да го афирмираме, а не да му го сотираме коренот и да го ставаме во длабока темнина, а од темнината да ваѓаме некои други сознанија кои ја убиваат и мислата за самопочит. И треба само охрабрување за себе си и за сите, а пред се за оние што не водат нас на ваквите реалци. При тоа нужно, демократски со конкретни забелешки и критични забелешки што би ги валоризирале заеднички во овој Парламент за се поуспешна валоризација на една таква политика.

За жал, овие два три дена преовладуваа други тонови. Јас длабоко верувам и тие тонови такви што беа кажани од овде, од оваа говорница одеа на релација и одат на релација за моментални потреби и дека истите луѓе што овде кажуваат, добар дел во нив интивно и не веруваат, затоа што ние се среќаваме и надвор од оваа говорница и на паузи, и во ноќи и во денови и интимно разговараме меѓу себе за многу проблеми. Но за жал, се валоризира она што се кажува од ова говорница и само тоа е нужно во политиката што треба да се валоризира и тоа добива одек на другите простори. Тоа затоа што ние направивме и јас имам чувство на гордост дека сум учествувал како член на овој Парламент во градењето на едни такви релации на политика што се градеше за оваа година ипол на овие

простори, во градење на државноста на Република Македонија и напорите за нејзиното меѓународно признаваше. Затоа што првенствено се чувствувам соучесник, а не надворешен фактор од сето тоа, некој независен дојден од вселената критичар,кој друг ми презентира и ми расправа други ситуации.

Судбината како што гледаме не зависи само од нас или во доволна мерка можеби не зависи само од нас. Зависи во време кога активно се вклучени и надворешни фактори, пред се од нужноста дека политиката не е љубов, не е романса, дека љубовта е пред се интерес, државен интерес изразен низ заедниците на народите што се конституирале многу порано од нас и што создале држави. со традиции поради познатите историски околности, и поради сопствените економски материјални интереси и заради своите државнички интереси. Ние се ставаме сега во корелација со еден корпус на субјекти, било да е тоа Европската економска заедница, било да се тоа САД, Канада, САД како единствена супер сила сега на просториве во светот, и во корелација најнапред со соседското опкружуаање. А соседското опкружување онакво какво што е со милјето што е, го знаеме помалку или повеќе, но се сведува на иста резултанта. Нивното внимание дека во секој момент, во секоја историска пресуда можат да посегнат со рака на овој мал простор да ги задоволат своите апетити и да ги обезбедат пред се како што мислат тие сопствените интереси. Без разлика на сите четворица. Некои не ја признаваат државата, не не признаваат како народ, некои не не признаваат како народ не^ не признаваат како држава, некои ни едното ни другото, трети ни името, а четврти ни ги оспоруваат и просторите и велат дека се туѓи, автохтони итн. И ако се погледне сега назад;историски може да се види секое од овие четири окружувања со каков интензитет и во кои моменти секој ги покажува своите аспирации спрема Македонија, помалку

или повеќе во зависност од приликите што ги имал и од констелацијата на снагите, политички, државни, што го подржувале во светот и односите и приликите кај себеси, при тоа никој пат не водејќи сметка за овој мал народ.

Грците со својата суровост низ историјата предначеле и со своите жестоки пресметувања по прашањето на Македонија. Онака како што ни презентира барем историјата. Тоа го правеле рамно пред 974 години со вадење на очите , за после десет века да стигнат на методот со регација на името, едноставно со бришењето а тоа е ист метод, разликата е само во временската дистанца и методот различно звучи во едно друго време. Затоа што намерата е иста, да се сотре еднаш за секогаш овој народ на просторите на Македонија. Ја имаме ли ние доволно таа свест во себеси? За трј континуитет историски, за нивна постојаност негативна? Јас мислам дека не доволно во некои историски моменти и историски сме ги имале, почнувајќи и од некои оценки да речеме за 1903 година, долго што ни беа презентирани, што јас никако во свеста не може да Ги прифатам дека Илинденското востание е дигнато многу порано од приликите кои биле и кои ги давале тогаш. Ниту тогаш не можев тој факт некако ме збунуваше, ниту сега можам да го примам, затоа што веднаш после пет години да следи Младотурската револуција , самите поробители да сфатат дека е зрел тој тиранин да падне, а после десет години од Илинденското востание да биде дефинитивно поделбата на Македонија.

II/1 сп/вц

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Долго нашите историчари ни сервираа дека не беа подготвени нашите во 1903 година и дека многу рано се дигнаа на востание. Тука говори само свеста само факторот на неединството на овие простори што постоело, што судбински се манифестирало било пресудно и клучно за нашите историски движења. Но, ваквите заложби ставени во денешниот контекст на расправата за единството што беа искажани од повеќето говорници од оваа говорница беа дочекани, за жал, на нож. Единството го бараме во тесни партиски интересни групи, а никако да го издигнеме на едно судбинско ниво што ни е потребно. За жал, Грција успеа на тие релации токму на тоа прашање што го постигна единството и консензусот по прашањето на единството на своите простори.

Јас зборувам и на оваа тема и на оваа релација многу повеќе поттикнат од една синоќешна расправа во 4 часот сабајле каде граѓаните тоа еднодушно го бараат. Го поставуваа прашањето без разлика на партиската определеност по ова прашање. Да ви кажам, прв пат се најдов во ситуација да не можам да дадам одговор, а притоа да не навредам некого.

Што некои субјекти во целата оваа релација наши што беа овде спомнувани деновиве зад оваа говорница, пред се, Владата, господинот Денко Малески како министер за надворешни работи, претседателот Киро Глигоров три клучни субјекти кои, согласно Уставот, ја носат позицијата за градење на надворешната политика и во кои релации можеме само врз основа на уставните овластувања, да зборуваме.

II/2

Јас би сакал неколку коментари да кажам и во врска со тоа вклучувајќи сопствено мислење по прашањето на делувањето на овие субјекти за меѓународно признавање на Македонија. Тоа што господинот претседател согласно својата уставна позиција, по мое мислење, и министерот за надворешни работи господинот Денко Малески вклучително и личноста на премиерот на Владата господинот Никола Кљусев и потпретседателот Блаже Ристески беа личности кои можевме барем преку средствата за јавно информирање, а некогаш и пред овој Парламент да ја презентираат нашата политика во странство и нивниот ангажман по тие прашања како и ангажманот на претседателот на Собранието господин Стојан Андов по*т>однос на контактите како претседател на Собранието, пред се, со Европскиот совет парламентарен со други парламентарни контакти мислам Турција колку се сеќавам, јас ги разбирав, пред се како уставни и работни задолженија, а интензитетот кој беше изразен во оваа група за луѓе некој повеќе или помалку го разбирав само по прашањето на нивната стручна определба и прашањата на нивниот приоритетен ангажман за решавање на другите проблеми. Лично сметам дека ангажманот на претседателот на Владата господин Кљусев е повеќе ангажман на внатрешните економски проблеми кои, исто така тежат како "Дамаклов мач" над нашата судбина во овие моменти. Во таа корелација ангажманот на претседателот на Републиката согласно одредбите од членовите 79 и 84 овластувањата што ги има како претседател што ја претставува Републиката, ги сметав како нужен ангажман од аспект на авторитет и плус авторитетот што го има претседателот на Републиката во однос на корелацијата со бројни личности од политичкиот естаблишмент на Европа, Америка, Канада и другите земји.

II/4

Ни на крај не можев ни на сон ниту сега размислувам дека се работи за некои разидувања по прашањата дека е некој отстранет со своите овластувања, а дека на друг му е даден приоритет* Само така, ако некој работел во решавање на одредени конкретни проблеми и ако тоа го правел на организиран начин во досегашната своја активност од голем број од вас пратениците ќе знае дека првин постои поделба и планска и оперативна на работата и дека таа е нужна. Оттаму го разбирам поголемиот дел од пратениците кога замолчуваат и не кажуваат ништо дека многу повеќе, за мене, зборуваат.

Не би сакал да двојам никој, но би го издвоил господинот Ламбе Арнаудов човек кој води организација и кој животно ги чувствува* и проблемите кои се присутни. Неговата боја на искажување и говорот кога ќе застане зад оваа говорница звучи"дисонантно" од својата пратеничка група. Всушност, не е тоа дисонанца, туку тоа е живеење со актуелните проблеми кои притискаат на животот и кој чувствува одговорност за сопствената работа. Добар дел од нас кога ќе сакаме да застанеме зад оваа говорница и да одржиме една слободна промоција на сопствените ораторски способности, без чувство на одговорност за состојбите зад кои стоиме, можеме да кажеме се и сешто.

Ова го издвоив, нека ми прости пратеникот, како еден пример, а можам да издвојам полно примери овде од сите пратенички групи и од мојата и од ПДП и од Реформските сили итн.

Само така го разбирав ангажманот на Владата. Господинот Денко Малески, за него беа кажани мислења и не само во оваа прилика и по оваа тема што расправаме, туку и по темата кога расправавме за една покрената одговорност за меѓународната политика. Мој впечаток е, ако има грешка, тоа е единствената грешка што ја има господинот Денко Малески што во вршењето на својата функција целосно ја има внесено својата личност. Тоа

може да се види од потезите кои ги влечеше од контактите со овој Парламент и поготово може да се види од неговото излагаше што некни го имаше овде. Но, дали може да се биде активен субјект во историски околности истовремено да се биде македонец во вакви услови во, какви е Македонија, а да не се внесе целосно и сопствената личност и да се даде личен белег. Мислам дека не би можело иако е тоа во корелација на водење на политиката некоја оптоварувачка околност.

На крајот да кажам дека плуканиците што од оваа говорница се упатени, пред се, на претседателот на Републиката со таква горчина и .подлост и со таква жестина многу повеќе зборуваа за нас, пред се, и за плукачите. Ако вакви судбински моменти се избираат да се поплука првиот човек на Републиката, пред се, од уставната позиција што ја има како претседател на Републиката, а потоа и како личност на господинот Киро Глигоров што ја има и што ја внесе целосно во овие историски моменти останува на совеста за размисла на поединците што ја џвакаа плуканицата од овде. Не може да се најде никаква корелација ниту ронка во функција на некоја политика или во функција на некоја продуктивна политика.

На крајот да кажам за прашањата што ги отвори дискусијата на господинот потпретседател Блаже Ристески,гледано од мој аспект, јас ги доживеав како лош сон и сеуште верувам дека не е тоа вистина. Синоќа го зедов стенограмот повторно да прочитам и да соочам евентуално во тие реагирања што беа во Парламентот да не не сме се слушнале, не сме се разбрале. За жал сме се слушнале и сме се разбрале уште во првиот миг. Дисонанцијата која е искажана овде во неговото излагање во овој момент од функција на потпретседател на Владата има оловна тежина и нужно отвора и повлекува и други расправи. Кажана зад некоја колоквијална

говорница може да се прифати како основ за размислување, за делување, за простори кои се гледаат во поинаква диоптрија за простори кои некој гледа подалеку некој поблиску во конклавни и енклавни огледала итн., но кажани зад оваа говорница нужно имаат свои консеквенции и само од тој аспект можеме да ги гледаме.

Иницијативата што е покрената од група пратеници за одговорноста на Владата нужно мислам дека треба да тече, потписник сум и јас лично на таа иницијатива, сега не би сакал таа расправа да оди во тој правец додека не завршиме со Декларацијата.

На крајот јас имам амандмани на Декларацијата, амандманите се од редакциски карактер и ако добро ги погледате, треба да се прифатат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Трајан Мицески.

**ТРАЈАН МИЦЕСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, дознавајќи за оваа Декларација така трагично ја сфативме и како ја почнавме работата како да не постои Македонија. Па што сте се уплашиле толку, таа не загинала, толку векови и години и по такви жестоки борби и притисоци, зарем сега ќе се плашите, каде сте храбри македонци? Македонија постоела и ќе постои, немојте така толку да му отворате апетит на оние кои сакаат да ја заграбат. (аплауз). Никој нема право тоа да го стори. Како почнавте вие како ништо повеќе да немаме. Јас сум убеден дека во најскоро време Македонија ќе биде и ќе биде призната. Сакам да ме сослушате за неколку работи не сакам да повторувам и ќе наведам кои се причините за непризнавањето. Убаво е да внесеме малку ведрина во оваа работа.

Ако сериозно ја сфатевме и ако во првите моменти кога сите го започнаа издвојувањето, ја вршевме подготовката, укажувајќи дека е

потребно да одиме во чекор со републиките кои се одвојуваа и бараа признаваше и ние да одевме така до денеска сто посто ќе бевме признаени. Луѓето наговестија дека ќе не признаат, но ние сега обвинуваме други, а не се обвинуваме самите себе. Тоа ќе го потврдам со еден пример. Комшиите си одат на репа, си ја копаат репата, ние спиеме, сега не чини мојата виновни се комшиите мојата репа не чини. Па не чини, ти спиеше и нема репа.

Нема да повторувам, многу работи се кажани, но само неколку што не се кажани.

Социјалистичка партија држеше прес конференција и рече дека ја осудуваме Декларацијата од Советот на Европа што не не призна а зад нив стои сликата на Тито. Ние рековме дека требаше да се донесе одредба за тоа да се отстранат тие работи, па Европа толку ли е неписмена и не гледа што правиме, па ќе му ги затнеме ушит^е и очите и со истите коњи ќе одиме на трка и ќе им developing речеме ова беше.

Вчера одам на автобуската постојка и гледам на автобусот Богданци - Југославија, дајте еднаш да расчистиме со тие наши топоними со тие наши белези, па тогаш да рече Европа оти одат луѓето и гледаат и се враќаат со други мислења. Што ако им велиме ние, ќе ги убедиме? Фактите треба да зборуваат, а не голи зборови. Еве пишува населба Стеван Синѓелиќ, МЛАЗ - Богданци - Југославија и ред други работи.

III/1/рд/см

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Ако порано предлагаше Владата со системски закон си донесоа, се сеќавам јас претседателот кога го избравме, тој рече доста со овие крпеници, треба веднаш системските закони да се донесат. Тие закони беа стопирани назад. Зошто не кажеме, зошто се стопираа. Која е таа сила што ги стопира тие работи. На пасошите на нашите државјани им пишува државјани на СФРЈ. Каде е таа СФРЈ сега? Изгледа ние ќе останеме последниот бастион, музеј на комунизмот, и ќе бараме после признавање. Јас ќе повторам некои работи за кои рековме дека не чекаат дури и надворешните соседни држави да не признаат. Ќе ги набројам Германија, Австрија, Италија и други, уште пред Словенија и другите ние ги исполнувавме условите. Но, ние сами ги истеравме условите. Наместо да се изврши посета на Германија, се направи таен договор во Охрид. И кога барав што е тоа, одговорено ми беше дека после 50 години ќе се отворат анонимите и тогаш ќе се знае и веднаш утредента во печатот Австрија, Германија и Италија се повлекоа од тоа, После следуваше наместо таму да се оди. Ние бараме во Европа да се отвораме, да се признаваме, а му е дозволено на Милошевиќ да пропишува со блендирани коли, со Грција да води преговори против Македонија. Кого сега ќе го лажеме. Ние сме најпаметните во светот? Се зафативме со Изетбеговиќ, платформа па платформа. Таа платформа, навистина платформа ни стана. Наместо да си ја бркаме работата ние платформи ќе кроиме без ракави.

Велиме ќе се отвораме кон светот, кон Европа, кон соседите. Се отворивме само кон Србија, допуштивме таму да се оди без влезни визи, другите републики ги затворивме. И сега ние сме тука најпаметните. Во дискусиите се нафрливме сите како таа Европа да ни е мајка и мора таа да

не дои, да не милува. Сами треба да си ја свршиме работата. Зошто е крива само Европа? Кога ќе чуе што нашите одговорни луѓе дозволија во Нова Македонија наслов голем, којзнае дали е ред да го речам тука, а тоа беше речено внатре и сега ќе бараме утре да не признаат. Најголем вулгарен збор што може да постои кај нас беше употребен во весникот. Понатаму, ние велиме Европа не паметна, празни глави на 12-мината. Кој ја изрaни таа Европа? Кога пропаднале тие ако биле празни глави? Кој пропадна? Комунизмот пропадна, тука барајте ги празните глави. (Аплауз). Цел свет го храни

Европа, цел свет го помага, а им велиме празни глави. Празни глави сме ние тука. (Аплауз). Европа си ја тера работата. Знае таа што треба да направи. Јас ве уверувам Европа ви кажува што да смениме. Не името, системот и луѓето што го раководат. Тука е пречката, таа ни кажува, три пати не донесе на изворот да се напиеме вода, а ние не можеме да ја наведнеме глава, да дојдеме до водата. Тоа е тоа што го немаше. Јас сум сигурен дека веднаш ќе следи тоа признавање од Европа. Јас не се сомневам од господинот претседател. Јас го ценам и уважувам, како добар политичар. Но секаде има политичар за свое мислење. Не беше политичар Хитлер? не беше политичар Брежњев, но секој си тегнеше кон својата политика. Ние овдека бараме да бидеме признаени, а вториот човек на Тито 40 години бара признавање на Македонија. Тој може сега е најголемиот патриот. Тој може е најдобриот сега, меѓутоа во Европа не може тој да рече сега до вчера не караше Америка и Англија да пееме "Биве земља пролетерска" Тука по мене требаше да дојдат, како што беше спомнато, запрени се младите.

Кој ги запре, зошто не се дојдени младите? Во излагањето на пот-претседателот имаше вчера дека запрени се. Кој ги запре? Затоа требаше

да дојдат. Не е толку непаметна Полска која има огромна река на доктори и научници, политичари и стручњаци, а го донесе Лех Валенса на чело на државата. Зошто го донесе? Знае Европа кој е Лех Валенса. Можеби ќе следи одговор дека и во Словенија остана Милан Кучан. Милан Кучан можеби пред 10 - 15 години работел во Америка за уривање на овој систем. Затоа нема забелешки за него. Исто така и за во Хрвстска и за во другите. Ние така треба да ги гледаме работите, а не таму биле и ние тука ќе бидеме. И ние ама,таму инаку велеа. Еве ги причините каде се. Со пасош ќе патува, а со лична карта сите симболи што се напред одиме таму. На царината на преминните уште стои СФРЈ, па тие гледаат, поминуваат германците, французите. Со печатите на Југославија, со обрасците на Југославија се води се. Тоа требаше прво да се направи и тогаш ние да почнеме.

Ние се запнавме, Уставот, па уставот. На Европа не и е гајле дали ќе имаме ние устав или нема да имаме, но дали ние ќе ги исполниме нивните економски и политички барања. Тука е причината. Ние можеме со години и без статут да бидеме, а да не признаат. Ние уставот па уставот. Тоа беше време на задоцнување итн.

ВО однос на излагањето на потпретседателот Блаже Ристевски јас не го одобрувам во целост, тоа е мое мислење. Мислам дека многу се зафати предисториски, а последното не го кажавме. Зошто тогаш секој кога се спротивставил на Тито завршувал на Голи Оток. Тука мене малку ми се мели умот каква е ситуацијата, бидејќи секој кој што нема да го послуша него не останувал тука. Незнам дали така беше таа работа. Ако беше така, немаше да биде претседател на Сојузното собрание, претседател на извршен совет на СФРЈ, министер за финансии и ред други функции. Во

сите реформи има учествувано за пропаста на Југославија. За стопанство, за развој, оние реформи што ги правиме. Со едно се китиме овде, мирот кај нас, мирот кај нас. И за ова ќе ви кажам дека ниедна партија, ни претседател ни потпретседател ни Владата да не се китиме со туѓи перја. Кај нас мирот стана со тоа што после окупацијата 1941 година Македонија беше исчистена од србизмот. Во секое село имаше по 10 - 15 фамилии во градовите колонисти, одземена земја, доделена и што законот го носеа србите да се повратат на колонистите да им се даде. Ако тие останеа до сега кај нас ќе ве прашав која ќе беше таа наша слобода, кога ќе беа измешани браковите, кога ќе се грабневме ние, ние македонци вие срби итн. Само благодарение на тоа што беше чиста Македонија, а малку имаше овде во Кумановско и овде нема мир. Мирот си е мир, тоа си оди природно. Природниот процес никој нема да го спречи.

Јас гледам еден список на пратеници од реформисите потпишани за доверба на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тоа на дневен ред:

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Уште едно прашање имам во врска со ова на господинот претседател. Кога би биле живи и кога би седеле во овие клупи Ченто, Шаторов, Карангелески, покојниот Мијалков - министер за внатрешни работи, какво ќе беше вашето мислење за суверена не- зависна Република Македонија.

III/5

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и останати присутни, веќе четврти ден расправаме по темата, Декларацијата за поранешна Југославија од Европската заедница усвоена во Лисабон, по однос на прашањето на непризнавањето на Република Македонија, под името Македонија и предложената декларација од Владата на Република Македонија, за неприфаќањето на овој заклучок од европската заедница.

Наместо да расправаме исклучиво по текстот на Декларацијата на Владата кој објективно требаше да се усвои, можеби нешто евентуално посреден,да се усвои со консензус, што ќе беше најјако, најдостоинствено и најприватено од јавноста, ние по обичај се впушам во непотребна ширина, многумина се изгубија од темата, а дел од партиите, односно поголемиот дел од нивните пратеници, почнаа жестоко, а некои дури и приметно некултурно од оваа говорница да атакуваат на претседателот на Републиката и министерот за надворешни работи.

Определувајќи се за тој пристап, тие дискутанти несвесно му се придружија и почнуваат да им ја исполнуваат желбата на нашите непријатели,кои работат и сонуваат за тотална дестабилизација на Републиката, токму баш на оние кои ја постигнаа оваа состојба, непризнавањето на Републиката времено под името Македонија. Господа, пристапот од поединци на говорницава, да ја бараат грешката за непризнавањето на Републиката времено, во субјекти внатре во Републиката, сфатете дека е потполно грешка и избрзан пат и има  две

крајни цели. Прво, или да се спечали на партиски план,во ова исклучително тешко време за Македонија и со тоа да се покријат поразите од минатиот период за сопствената активност или второ, да се создаде натамошен политички хаос во Републиката, кој пот- помогнат со економските тешкотии кои ги имаме да создадат тотален пропаст на Републиката, што е и јавно објавена проценка на господинот Мицотакис во јавноста. Затоа, историски момент е да се сфати дека македонскиот народ треба да прекине со ништен>ето на сопствените кадри, да не ја повторува грешката од минатото, од причини што правејќи ги истите грешки, ќе му нанесе повторно историски тешка неправда со страотни долгогодишни последици. Денеска не е време да се кука и плачи над чинот на непризнавањето на Република Македонија. Да оставиме лицата кои ја отпочнаа оваа битка со меѓународната јавност, Глигоров и Малески да ја продолжат истата и натаму достоинствено и културно, како тоа до сега го правеа. Многу лесно и едноставно е гледањето на ова прашање од страна и не можам да се изначудам на дел од дискутантите кои професорски од оваа говорница се однесоа кон работата и активностите на овој план на господинот Глигоров и господинот Малески. Тоа воглавно за мене се истите дискутанти кои секогаш знаат се и се експерти за се, и имаат во секој момент решение за се. Дванаесет- мината од Европската заедница, посебно господинот Митеран, кој ја потегна акцијата за носењето на овој заклучок за Македонија во Лисабон, очигледно направија голема грешка за Република Македонија, грешка од времен карактер. Но господата Вандер Брух, Кинќел, Херд, и другите да не ги спомнувам, не се случајни луѓе и убеден сум дека се потполно свесни за неправдата која ни ја нанесоа времено и се надевам

дека нивната големина како правични луѓе и прави демократи наскоро ќе ја надрасни оваа сторена грешка према нас и ќе го донесат она право решение кои со векови овој македонски народ и народностите "кои живеат на овој простор во Република Македонија го чувствуваат. Господа пратеници, убеден сум дека признавањето на Републиката и под името Македонија наскоро ќе отпочне да доаѓа од сите страни. Но дали тоа решение со неговото доаѓање, поставувам прашање, ќе ни го олесни животот што денеска го живееме, ќе ни ги разреши одеднаш и преку ноќ стопанските тешкотии, кои денес ги имаме и кои од ден на ден се се потешки и потешки и се приближуваат кон границата на катастрофата.

Прашувам, кога еднаш ќе сфатиме дека не е време да се губи енергија и да се трошат огромни финансиски средства за бесцелни дискусии на вакви седници. Дали еден дел од пратениците имаат чувство дека времето е прескапо и дека конечно треба да сфатат ако вака продолжат^со својата интензивна и бескорисна активност од оваа говорница, дека ќе доведат до ситуација природно и тоа за многу кратко време да им секне и изворот од касата од ова Собрание од кој го примат својот личен доход. Би бил позадоволен тоа да се случи што побрзо, утре ако може, само заради тоа за да конечно сфатиме дека се живее од друго, се живе од работата и од профитот на стопанството, на кое за жал до сега, скоро ништо не му помогнавме, а нему од ден на ден му е се потешко и потешко.

IV/JM/лј/1. -

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:** (продолжение)

Проблемите во производството кое опаѓа со вратоломна брзина, проблемите со извозот, со страотно ниските плати и пензии, проблемите во здравството и пензиското осигурување, проблемите со невработеноста, проблемите на штедачите, развојот, долговите према странство кои и натаму растат со голема брзина, проблемите со нефункционирањето на правната држава, проблемите со банките и неликвидноста инт. од ден на ден растат и се зголемуваат со таква брзина што брзо можат и ќе доведат до појава на нова неизбежна и висока инфлација која на никого не ни треба, до појава на нови загуби и несфатливо големи тешкотии кои можат да создадат тотален колапс на животот во Републикава. Господа, токму е тоа она што најмногу го сакаат и чекаат нашите непријатели, посебно од странство. Тоа го сака и господинот Мицотакис за да повторно мавта со податоци пред Европската заедница сега за нашата неспособност, некаква неспособност да ја водиме и градиме оваа Република на стопански план. Затоа барам од овој момент да се ослободиме од трансот во кој се наоѓаме и да ги прегнеме и организираме сите расположливи сили и во овој парламент и од граѓаните на оваа Република за да ги изнајдеме сите можни решенија со кои за брзо време ќе ги завршиме кога ќе ги завртиме кон позитивен правец негативните текови на стопански план во Републикава. А за тоа за среќа имаме сеуште и снаги и кадри и волја , а условите заеднички, организирано и синхронизирано заедно со Комора1] ќе ги создадеме. Зарем ќе можеме да ја оствaруваме огромната желба на поединци кои овие денови ја изрекоа од оваа говорница за отворање и функционирање на МИА, за отворањето на културни центри и конзулати во странство, за спремање и испраќање на пропаганден материјал за републикава во странство, онака како тоа го чини Грција, зарем ќе можеме

IV/2.-

да ја оствариме желбата за отворање нови општини, да ја развиваме науката и унапредуваме културата и спортот, зарем ќе можеме да ги одржуваме личните контакти со странство ако стопанството го оставиме да пропадне што и го посматраме тој чин, стопанство кое е изворот на сите финансиски средства со кои треба да ги оствариме нашите историски желби и желбите кои ги бара денешниот наш живот и кои се онакви какви денес ги имаат граѓаните од високоразвиениот свет. Затоа повелете, бидејќи од утре чесно и со аргументи, издржа- ни предлози сите помогнете и на оваа република да отпочне брзо да го зголемува профитот, продуктивноста, извозот и стандардот со што на светот и посебно на нашите непријатели надвор ќе им докажеме дека не сме она како народ и граѓани како некои денес од соседите не претставуваат во светот и ќе им докажеме дека и на тие нивни организирани и смислени атакувања нема да им подлегнеме. Со решавањето на економските тешкотии ќе се овозможи многу полесно да ја постигнеме оваа цел за која со месеци се расправаме и последниве четири дена непрекинато. Со решавањето на економските проблеми ќе се одржува и мирот кој го имаме. Кој човек со висок стандард денес има мир, односно кај богат човек, кај човек со висок стандард денес има мир и слога, има единство, или е скриен национализмот. Кај сиромавиот секојдневно искрснува по нешто лошо и крајно доколку сиромаштијата потрае подолго, неминовно се постанува вечен роб на некого заради економската зависност. Сиромавиот никогаш не може да отвори и одржува своја држава, а денешните примери со некои од народите во светот тоа ни го потврдуваат на што сериозно треба да се замислиме веднаш.

На крајот сакам да го речеме следното поврзано со изразите кои некои дискутанти во изминатите четири дена ги изрекоа од оваа говорница,

неокомунизам, неокумунисти. Дозволете господа јас со внимание ги читам сите декларации од Европската заедница и ако такво нешто таа Европска заедница забележеше дека постои во овој парламент, постои во оваа држава, бидете убедени дека тоа прво ќе го поставеше како услов во документите за непризнавањето на Македонија и пред условот името на Македонија. Во ниеден документ тоа не е потенцирано. Според тоа, немојте да создавате вештачки проблеми сами внатре, да и докажуваме на Европската заедница дека има нешто кое не постои само со единствена цел за да сами си нанесеме штета и неправда на Македонскиот народ. Според тоа, апелирам и молам, отфрлете ја употребата на неокомунизам и неокомунисти. Не ни е потребно.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Лисабонската Декларација не навреди сите кои живееме во оваа Македонија и сите оние кои живеат од Македонија во дијаспората. Не навреди и не понижи. Се прашувам дали има место за песимизам. Лично сметам дека нема место за песимизам. Ова не е првпат што Европа ни го свртеа грбот, ова се случувало низ целата историја на македонскиот народ. Сме го издржале досега, ќе го издржиме и ова се до конечното признавање кое неминовно ќе дојде ако во светот постои демократија. Европа од секогаш била подарежлива кон нашите соседи отколку спрема Македонија. Тука биле доминантни интересите и на Европа и на нашите соседи кои се испреплетувале меѓусебно. Велат дека во политиката имало само интереси, а не пријателство. Тоа и сега се докажа дека е за жал гола вистина. Македонскиот народ ќе живее, ќе опстои и без признавањето кое кога тогаш ќе дојде. Од било кога досега нас ни е потребно единство, единство овде во парламентот меѓу партиите меѓу сите

граѓани. Само со такво единство ќе можеме да го пребродиме овој критичен момент,а ратните секири да ги закопаме и да се свртиме кон изнаоѓање на патишта за што поскоро признавање. Ако сакаме да правиме држава тогаш не можеме да ја правиме со кавги и со неединство. во прилог на тоа неединство овде паднаа доста дискусии. Тоа не единство им оди во прилог само на комшиите и тоа тие ќе го искористам како што и до сега го искористувале. Критиките упатени до врвното раководство на републиката кое успеа да не извлече од воениот виор кој ги зафати северните републики на бивша Југославија се некоректни, неконструктивни и неаргументирани. Затоа треба да се праша народот. Народот од нас бара да, му обезбедиме мир, сигурност, вработување а на вработените поголема заработувачка. Народот не бара крвопролевање, не бара разурнување.

И на крајот лично се залагам за сплотеност, за единство на сите овде во парламентов и во целата Република за прифаќање на Декларацијата на Владата корегирана од комисиите на парламентот и за целосна поддршка на актуелното државно раководство.

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитуван господине претседател на Републиката и останати гости. Во интерес на времето не оптоварен со деловничкото право што можам да ги користам па по цена и на ризик и да не бидам доволно разбран, ќе настојувам да бидам доста краток, но воедно доволно јасен. Наиме, наместо расправата да добие функционален карактер таа поприма просторен карактер. Но не само тоа, произведе и бесцелна и беспредметна конотација. Но, за ова би се произнел во друга погодна прилика кога ќе има точка на дневен ред. Се прашувам дали и не претеравме? пренагласувајќи одредени аргументации

кои не се во прилог на прашањето што денеска е на дневен ред, односно Декларацијата за признавањето на Република Македонија. Иако беа изнесени бројни аргументации може да се истакне дека доста од нив не се во прилог на точката што е на дневниот ред. Ако се направи една вредносна оценка, односно анализа сигурно одговорот ќе биде незадоволителен. Но, ако психолошкиот фактор се земе како израз и критериум за оценка на таа вредност, одговорот би бил веројатно низ призмата на празнење задоволителен. Но, да не навлезам во замка, мислам дел, или некои од работите кои беа изречени од оваа говорница, мислам дека треба да се оградиме, по готово навредливите оценки упатени на адресата претседател на Републиката, парламентот, пратениците, народите, Европа итн., што некои од пратениците ги користења при емотивните искажувања. Со ова сакам да нагласам дека лично од свое име не се согласувам и не сум подготвен да прифатам такви оценки, а воедно и не го делам таквото мислење, бидејќи мислам дека не е достоинствено и не заслужува ниту бирачкото тело кое мене ме бирало, ниту бирачката единица пред која сум биран, а да не зборувам во името на целиот македонски народ така да го претставувам. Мислам дека самиот чин на признавањето што се случи, како и што се случи од страна на Европската заедница за Македонија доби пренагласена димензија не - респектирајќи ја вистината, а вистината е Македонија ќе биде призната. Лично сум убеден дека признавањето е само одложено, а не и исклучено. Нашата Република повеќе од сигурно е дека ќе биде признаен во четвртиот квартал од годинава. А за тоа зборуваат низата аргументи кои беа од некои пратеници споменати. Најзначајниот аргумент по мене е во тоа што Европската заедница веќе донесе една декларација и ние денес по неа расправаме. Сигурно, по нашиот одговор таа повторно ќе расправа. Тоа доволно

зборува за самиот процес и за чинот на признавањето на Република Македонија. Ние го оптимиравме нашиот концепт на државноста, преку Уставот искажавме граѓанското општество ја дефиниравме целта преку референдумот на граѓаните, ја избравме технологијата на мировната политика, а преку оценките во неколку наврати ја верифицираме нашата надворешна, па и внатрешна политика, а преку тоа и дипломатијата. А како производ на сето тоа е мирот. Оттука не можам да разберам, или пак не сум доволно способен да сфатам дека во стратегијата сме направиле толку големи грешки како што беа изречени по повод чинот на признавањето и преку водењето на надворешната политика и презентирањето на дипломатијата. Емотивните методи со прекумерни и нагласени агресивни карактеристики не ни обезбедуваат позитивен однос на нашите настојувања. Но, со ревитализација на политичките процеси поготово економски не злоупотребувајќи го пред се социјалниот фактор, со метод на активна политика мислам дека целта ќе биде остварена заради тоа изразувам спремност да ја поддржам предложената Декларација односно наведените решенија на нашата Декларација како израз на висок степен на усогласеност кое е и предмет на расправата, кој се користи и ќе се к ристи како одговор на бриселската декларација.

На крајот истакнувам дека сум спремен да поддржам и други решенија кои се во прилог на процесот на признавањето на Република Македонија, се разбира со нови аргументи кои се добро изучени, а се во функција на претходните размислувања. Настојував да бидам доста разбирлив иако кус, респектирајќи притоа значаен дел од дискусиите во оваа насока. Вистината е вистина и таа ќе остане само вистина а наше е како ќе ја претставуваме

IV/7.-

таа вистина. Бавно се докажува но е сигурна светисвакција без разлика на околностите со вистината се оди напред и се постигнуваат значајни резултати. Со агресивни методи не мотивира напротив дестимулира, а активната политика доживува позитивен процвет.

**ЦВЕТАН JOВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, на почетокот да кажам дека од каде толкава загриженост на коалицијата ПДП и НДП за непризнавањето на Македонија од страна на Европските дванаесетмина и од каде до вчера таа иста коалиција беше гласноговорник и бараше статус на народ на албанската популација, или нема признавање на Македонија. Исто така, ме чуди од каде толкава загриженост и за оставката на господинот Денко Малевски. Дами и господа пратеници уште на почетокот ќе речам кардиналната грешка е направена уште пред една година кога Хрватска и Словенија побараа своја независност и раздружување од сега непостојната СФРЈ, а нашата официјална политика тоа го сметаше за сецесионизам, безумие, нецивилизиран акт, иако имаше од националните партии барања истиот чин да го стори и Република Македонија, но за жал се случи она што не требаше да се случи, како да асе водеше разговор со глуви. Пред една година од оваа говорница беше искажана мислата на претседателот Глигоров дека Македонија и македонскиот народ не се зрели и дораснати да имаат сопствена држава. Ако навистина му беше достоинството и честа на македонскиот народ ... ќе се побаат стенографските белешки (реагирање од страна на пратениците) а неговата стратегија се знаеше каква беше и таква остана, пројугословенска. Да се потсетиме на платформата Глигоров, Изетбеговиќ кормилари на потонот брод. Господинот Глигоров како да заборави дека достоинството и честа на македонскиот народ не можат да

се бранат со пројугословенска стратегија, со стратегија на трули компромиси и постојна дефанзива на стратешките национални и државни интереси на Македонија. Нашиот претседател како да заборави дека честа и достоинството се бранат и одбрануваат само со една независна офанзивна, долгорочна осмислена независна македонска надворешна политика, а не да се седи на два стола, со југословенска и македонска опција. Која од опциите ќе победи, за неа да се биде. Господинот Глигоров сега повикува на единство и национален концензус со нагласување дека македонскиот државен врв, позицијата на Македонија ќе ја гради со мандат кој и е доверен од граѓаните. Дали господинот заборави, ако заборави можеше да огледа на јужниот сосед кој скоро секоја седница ги повикуваше сите политички партии и се консултираше какви чекори да превземе за да му успее неговата политика за непризнавањето на Македонија. Сега како да му е јасно дека токму благодарејќи на неговата мудрост, а всушност стерилна надворешна политика Македонија денес се најде за^рамена, понижена, поразена и со изгубено достоинство. Би сакагл да ми одговори, колку пати за неговиот досегашен мандат ги има повикано политичките партии кои егзистираат во парламентот и вон парламентот да ги ислуша нивните ставови како на планот на внатрешна така и на планот на надворешната политика која е најактуелна во овие времиња. И после сето господинот претседател има смелост да бара и повикува на единство и национален консензус, а цело време им служи на политичките партии кои ја имаат позицијата на власт во Македонија. Ако навистина му беше за Македонија како што на Кучан и Туѓман им беше за Словенија и Хрватска тоа ќе го стореше нашиот претседател многу порано. Затоа денес неговите

жалопојќи не можат да се сфатат никако поинаку освен како жилав напор да се остане и сочува власта по секоја цена, па макар таа била и на штета на македонските интереси како што е случајот со нашиот далековиден, мудар, неокомунистички претседател кој вели и кога би бирал повторно министер од сите шест сега бивши југословенски републики, рака на срце, му лежи СФРЈ на душа нема што, пак би го избрал господинот Денко Малевски. И ништо не е чудно кога од нафталин може да ги извади старите болшевици, Крсте Црвенковски, Вера Ацева, Димче Беловски и други, зошто не би го избрал и болшевикот Малески.

Дами и господа пратеници една генерација која се борела да создаде болшевичка комунистичка држава со изумрени граници и секому спрема потребите, сега таа иста генерација и гарнитура не може да гради држава која пред се ќе го има националниот карактер и пазарното стопанство, а свое времено за национална држава и пазарно стопанство се сметаше другиот капитализам и конзерватизам и што е уште покарактеристично една генерација не може да извојува две револуции со различни општествени уредувања. А можете да ме убедите ако успеете јас ќе прифатам и компромис. Несфатливо е барем за мене како може висок државен раководител за Македонија да вели пред светската јавност дека на овие простори егзистира држава со 50-годипп традиција. Ја знам дека Македонија егзистира неколку милениуми на овие простори, вклучувајќи ја и Македонија со античките македонци и Македонија е вековно нераскинлива уште со Александар Македонски и нема промена на вековното име. Оваа држава успеа да ги ограби девизните штедачи кои макотрпно ги заработиле

своите пари, а сега со мудрата политика ги оставија на цедило без патни исправи за да не можат да си ги видат своите најблиски и фамилијата, бидејќи имаат најразлични пречки со патните исправи од СФРЈ која држава веќе не постои повеќе време. Дали Европа не го гледа сето ова, дали Европа не знае? Таа ја напаѓаме и ја нарекуваме блудница, а господине претседателе со каква униформа ни е македонската армија, македонската полиција, македонската царина, со какви обележја се капите на работниците од железничко - транспортните претпријатија, во која - асоцијација се Авто – мото - сојузот на Македонија и железничко-транспортната организација од Скопје? За жал, сеуште во СФРЈ која не постои. Зошто висат симболите во сите институции од култот на едноумието и да не набројувам понатаму. Но, вие го загубивте неповратно својот мандат кај македонскиот народ. Министерот за надворешни работи поднесува оставка, но кај него ни збор како да нема само- критика. Цинизмот на Малески, оди до таму што тој својата оставка ја образложи како знак за протест против Декларацијата на Европската заедница. Таа навистина претставува невиден и единствен случај во досегашната историја на дипломатијата. Со ваквото образложение на својата оставка може да претпостави дека е дадена по директива на неговиот наредбодавател.

V/1/JJ/OM

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Нашиот министер за односи со странство очекува да биде прогласен за национален херој за мачeник. Па, господо пратеници, каде е видено еден министер за надворешни работи да дава оставка како знак на протест против акт на друга земја. Тоа, едноставно, е можно само кај нас, и можеби револт што не успеа до крај Македонија да ја зачува во остатокот од Југославија, бидејќи првично изјави има опција и ќе му биде да ја сочува Југославија. Впрочем и во излагањето на господинот Блаже Ристевски беше кажано дека господинот министер се залага за самостојна Македонија да, само без него, а упорно нашиот претседател го форсира да биде тој п никој друг министер за надворешна политика. Добро и е познато на македонската Влада каква беше политичката ориентација на Денко Малески, таа ориентација како и кај неговиот наредбодавач беше и остана пројугослвенска. И замислете, човек кој водеше цело време антимакедонска надворешна политика, денес нуди оставка, во знак на протест на Декларацијата на Европската заедница. Каква неморалност и каков цинизам!? Неговата оставка е логична последица на неговата активност во надворешната политика на Република Македонија. Зарем македонскиот врв не можеше да сфати дека во својата досегашна политика во голема мера придонесе за да се запечати судбината на македонското национално прашање, за едно подолго време, чие траење ќе биде потполно неизвесно. Затоа господинот претседател и неговите истомисленици мораат да дадат сакале или не, отчет доколку држат до своето достоинство и моралот пред широката македонска јавност за досегашната надворешна политика. Како можеше господинот претседател да очекува да бидеме признати со внатрешната катастрофална политика со свесното саботирање

на системските закони и со заокружувањето на македонската неизвесност со упорното трагање од култ на неговата личност и со повампирувањето- на неокомунистичкиот режим на Републиката, За тоа сигурно не ни се виновни ниту Европа ниту соседите,

Кога беше, пред извесно време побарана одговорност за работата на министерот за односи со странство господинот Денко Малески, господинот Бранко Црвенковски кој е и претседател на Комисијата за надворешна политика и односи со странство на која и припаѓам и јас, се стави во одбрана на министерот. Нема што!. Навистина господинот Денко Малески си ја изврши својата задача што му е доверена, но се разбира на штета на Македонија. Таа негова задача, дадена од други, беше многу јасна, да се молчи и да се чека? другите како? ќе реагираат, како ќе се постават кон Македонија. Фактички, тој мошне успешно пливаше во оазата на мирот, возејќи ја Македонија кон нејзиното непризнавање. Зачудува и денеска зошто господинот Црвенковски и неговата партија отворено застака на одбраната на лошата непродуктивна надворешна политика, своевремено господинот Црвенковски мислам тоа беше кога се расправаше за интерпелацијата, беше речено , лично од оваа говорница дека министерот Малески е најдобриот министер од целата Влада што ја има Македонија. Тој тогаш го гарантираше тоа со сиот свој ум и разум. А еве сега резултатите, од таа негова гаранција ги гледаме сите. Македонија може да остане и без своето историско и вековно име, а за тоа ако има морално и одговорно чувство пред македонскиот аудиториум, би требало јавно да се извини.

V/3

И би сакал да кажам на крајот, бидејќи имаше реагирање од господинот Алил Џаферовски, на жалост, ќе констатирам ако и понатаму се ослонува господинот претседател на поддршка од такви луѓе кои што се заплеткани во аферите на нечесната игра на трилери не ќе издржи повеќе . г(Интервенира претседателот Стојан Андов со ѕвончето, има реакции во салата и ништо не се слуша).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам Алил Џаферовски е извикан и за една кратка реплика ве молам многу кратко ќе затвориме со реплики. Молам уште малку да завршиме.(Реакции на дел од пратениците)

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас оваа говорница нема да ја користам да плукам било кого, бидејќи немам мандат од тие што ме бираа за пратеник и за вакво нешто. Сите оние, кои говорницава ја користат да докажат колкави сојузници се на оние кои не оспоруваат, и не негираат тоа е нивни проблем ( во салата настанува гужва тропање по клупите од дел пратеници) за тоа граѓаните ќе кажат. Инаку личните работи (гужвата настанува поголема, претседателот Андов вели дека ќе ја прекине седницата бара тишина и ред, а тропањето станува посилно),Инаку клеветите од типот - нечија жена не е морална и сл., за оваа говорница не се. Ова е највисокото законодавно тело во Републиката, а не е за глупости тресење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина! тишина!(одекнува ѕвончето) Ве молам за тишина и секој да седи на своето место.

За збор се јави господинот Абдурахман Халити.

Ве молам тишина. Молам мора да го бранам редот во салата тоа ми е должност (дофрлувања од пратениците на што претседателот Андов настојува да се смират пратениците и продолжува:) господнине Флоровски да замолчите, седете тамо. Седете и молчете. Кога ќе добиете збор, овде се зборува. Ја прекинувам седницата. Не можам да одржам ред. (Реакциите продолжуваат). Барам пауза од половина час, за да се мират луѓето малку и ве молам да има ред во салата. Вака не може да се работи.

(Пауза).

Седницата попродолжи во 12,55 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме, молам пратениците да седнат на своите места. Пред да продолжиме со дискусијата за збор се јави Бранко Црвенковски за едно процедурално прашање, кое е во врска со текот на седницата. Секогаш по Деловникот секој пратеник има право да интервенира и тоа е процедурално.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, за време на паузата парламентарната група на социјалдемократскиот сојуз на Македонија одржа средба на која изгради еден став, кој јас овде би го изнел, бидејќи тоа може да има влијание врз натамошниот тек на расправата. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија очекуваше од оваа седница да биде седница на која што ќе се даде јасен и единствен одговор на целата македонска, европска и светска јавност, по прашањето што ни беше наметнато во вид на ултиматум од страна на Европската заедница. За жал, наместо таква расправа во изминативе три дена добивме расправа која што не не води кон создавање на единствено кон ова прашање, туку се по- веќе и во голема мера го дели македонското национално ткиво. Од тие причини пратеничката група на СДС донесе одлука да не учествува во понатамошниот тек на оваа расправа, без разлика што досега беше речено и што ќе биде кажано, се разбира тоа не

V/5

се однесува по прашањето ка текстот на Декларацијата. Без разлика на се она што имаме прилики во изминативе три депа да го чуеме од страна на одделни пратеници или поодделни парламентарни групи, без разлика на некои клевети и невестини што овде беа изречени, како партија повторно сме спремни по ова прашање, по прашањето за меѓународното признавање на Македонија да соработуваме со сите, буквално со сите партии во Македонија на кои што им е исто така единствена цел Македонија да стек-не меѓународно признавање. На крајот на краиштата што ќе ни се партиите ако ја изгубиме државата

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова значи дека од пријавените уште е тука Туше Гошев, кој нема да земе збор.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мојата дискусија ќе ја приложам

Почитувани пратеници, оправдано отворајќи една маратонска расправа во врска со донесената Декларација на Советот на членките на Европската заедница, во која декларација на Република Македонија не само што не се верификува меѓународниот субјективитет, туку и и се одзема сопствениот идентитет со барањето за да биде признатa да го избрише или пак да се откаже од името Македонија.

Респектирајќи го сето тоа што беше искажано и во овој момент, ослободен од секакви политички, па ако сакате и партиски аспекти на погледи по ова прашање, мојот став е дека донесувањето на таквата Декларација од Советот на членките на Европската заедница уште еднаш покажа дека никогаш до сега па ниту сега ќе му се донесе праведен суд, ниту праведност, туку само штета на Македонија и на македонскиот, народ и сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Европа и овој пат покажа дека градењето на демократијата и целокупната филозофија на демократијата дека граѓанинот е извор на целокупната власт и самоопределувањето на граѓаните и неотуѓиво право на секој народ да го избере и. своето име со оваа Декларација овој принцип не се почитува. За мене оваа Декларација е еден спротивен документ на таа демократија, или пак еден неправилно изречен суд, или пак тие основни принципи се однесуваат само за нив, а не за сите кои живеат и опстојуваат во Европа и на Балканот или пак нашиот случај е само почеток на спор стварање на право за граѓанин од прв и од втор ред.

Фактички стварањето на оваа нова демократија на слободни и неслободни граѓани, народи на поважни и неважни, правењето на различни правни квалификации спрема секој истоветен случај со ра лично решение, фактички напуштајќи го принципот на еднаквост и праведност кој е основен извор на, западната демократија и дека законитоста не е инструмент на остварување на посилни интереси а не остварување на формалната праведност и еднаквост за сите граѓани родени со исти права и достоинство е чиста негација на сопствениот принцип и сопствена негација.

Република Македонија, за мене објективно победи, а не из- губи како овде се сервира, а граѓаните на Македонија треба да бидат горди затоа што има квалификувани и способни кадри кои имаат интенција да ја задоволат Бадинтеровата комисија која правно и квалификувано утврди и пресуди дека Република Македонија ги исполнува условите за да биде меѓународно призната. Тоа што Европската заедница не сака да го верифицира би рекол само формално за мене е еден неподобен обид за да задоволи некој кој сам не е во состојба објективно да го постигне оно што го сака. Оттука сметам дека политиката на Република Македонија и нејзиното раководство е верификувана и потврдена.

V/5б.-

Република Македонија напуштајќи го собранискиот систем на организацијата на -политичката власт и прифаќајќи го принципот на рационално - политичката власт, организација на власта на граѓанскиот суверенитет односно парламентарната демократија со донесувањето на Уставот инаугурирајќи го граѓанскиот концепт на држава, оствари почетен но незапирлив процес на градењето на демократијата, а во исто време и сигурен би на македонскиот народ со сите националности како рамноправни граѓани, кој концепт единствено за мене е исправен како и силно оспоруван од оние кои што не се спремни и способни во ова време да го сфатат, ќе ни овозможи да влеземе во Европската заедница.

Морам да истакнам дека неочекувано од моја страна не можам да прифатам таква неправда, но во исто време ствара непобедива сила за понатамошна борба за победа која сите овде заедно мораме да ја добие^е до крај

Морам да го истакнам и моето видување за различноста во гледањето и дискутирањето на членовите на партиите:: во "Парламентот

За дадените предлози на поедини пратеници од прокламирањето на политичките и партиските ставови, дали дадените предлози се примерни или непримерни за политиката на Парламентот и раководството, за мене во политичка смисла, е само настојување да се наметнат сопствените аспекти како интереси на граѓаните во Македонија, што во овој случај е само обид за обезбедување на некаква позиција пред новиот суд на граѓаните во новите избори.

Но за мене различноста во гледањето и дискутирањето на членовите на партиите, па дури и на член на Влада кој се обиде недозволено уставно и деловнички да настапи е само потпирање во партиската демократија, односно избор на различни можности и според мене, во овој Парламент со учество на повеќе партии би претставувал амортизационен фактор за

V/5в.-

стабилизирање на состојбата во Парламентот, па дури и во Републиката, сигурно и со никакво строго почитување на формалната процедура на работа на Парламентот и демократскиот принцип, а тоа е мнозинскиот принцип на одлучување кој што сите овде мораме да го почитуваме.

Меѓутоа,обилни дискусии на определени пратеници покажаа и оспорување на легитимитетот на политичкиот поредок што го одбравме да го изградиме и тоа, ова оспорување може да се идентификува од нивните дискусии, како и дека овие пратеници и политички партии не го делат мислењето на неговата оправданост и добро одбраниот модел, кое нешто се манифестира и во рушењето на уставниот морал во поедини системски закони и каде како основа за непризнавањето се напаѓа и граѓанскиот концепт на државата.

Длабоко сум убеден дека сите оние кои се обидоа да го инаугурираат концептот, концептот на национална држава и нападите за неокомунизам во Република Македонија се во крајна заблуда и токму се самите тие за стварање на реалсоцијализам и комунизам во Република Македонија, затоа што:

Националната држава е концепт на XIX век кој што посебно се појавува како програма и делува во подрачјата кои со десетици години биле внатре во реалсоцијалистичките режими. Клучен правен и политички проблем на овие држави формирани на етнички единствени територии настанува неминовен процес на сукоб на односите со малцинствата што во последно време е посебен проблем и на други развиени земји како што е Франција.

Идеолошката одбрана на ваквиот модел од распаѓање се воспоставува како патриотизам, кој настојува државата да ја карактеризира како татковина, односно како заедница на секој на припадност како "школска целина",а не како заедница која е поставена на слободно оптирање.

V/5г.-

Таквиот концепт за Република Македонија е надминат и надживеан, а може да биде и крајно контрапродуктивен.

Граѓанскиот концепт поаѓа од определен субјект, односно државјанинот, бидејќи само на овој начин е одржлива претпоставката на еднаквоста, која начелно почива како највисока вредност. Само таквата држава воспоставува владеење врз основа на гласање и искажана волја на мнозинствата во услови прифатливи за сите, што фактички значи и јасна заштита.

Прифаќањето на тие услови претставува основен консензус (фактички легитимирање на поредокот) на основа кој прифаќа соживот во демократска заедница, кој во овој момент е неминовен за Република Македонија.

Оттука оправдано сметам дека таквата аргументација и напад за неуспех се крајно погрешни и можат да имаат крајно лоши ефекти на внатрешен и надворешен план

Го поддржувам претседателот Киро Глигоров, неговата заложба и политика можеби бавно но сигурно ќе се материјализира во целосна смисла.

**СТОЈАН АНДОВ**

Има збор господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Се надевам дека нема да бидам прекинат по трет пат. Веднаш да кажам:лека ние денеска тука расправаме за ставот на Владата во врска со Декларацијата на Советот на Европа, што ни беше презентиран преку излагањето на министерот за надворешни работи господинот Малески. Јас тој став содржан во неговото излагање го прифаќам и чувствувам потреба да кажам гласно дека ќе гласам за текстот на Декларацијата што ќе го утврдиме.

V/6.-

Тоа што посебно загрижува при водењето на расправата во овој домен, според моето убедување е начинот на кој ние ги бараме причините поради кои сме доведени во ваква состојба, каква што сите ние денеска и вчера и завчера -ја оценивме. Се разбира дека може да се критикува и Владата, може да се критикува министерот, не е недопирлив и претседателот на Републиката, меѓутоа, при сето тоа мора да се води сметка да се исполни еден елементарен услов, а тоа е критиката да биде поткрепена со факти. Искажувањето на политичкото мислење на говорница да биде на културен начин, на достоинствен начин, на начин кој доликува на еден Парламент, на една држава. Јас сум приморан да кажам дека од одделни истапувања овде, добивам впечаток дека не сме ја научиле основаната абецеда на политичката култура, дека одделни дисквалификации со неодмерени зборови итн. беа на линија на политичкиот привитимизам и политички дилентантизам. Мислам сето тоа не ни служи на чест и на крајот на краиштата што и од простата причина од начинот на нашето истапување од начинот како ние ги е изразуваме нашите мислења, даваме за право на другите да мислат .дали заслужуваме да имаме меѓународно призната држава или не заслужуваме. Дозволете, меѓутоа, одделни дискусии навистина не се на тоа ниво. И при елаборирањето на тоа, зашто нашата надворешна политика, според тие убедувања не била успешна, најчесто спомната причина беше наведена таа дека таа не била агресивна. Ако ми дозволите, никој не кажа што разбира под поимот агресивност. Ако под агресивност подразбираме активна, секаде присутна, наметлива политика, мислам дека немаме право да тврдиме дека нашата надворешна политика не беше таква. Таа беше токму таква. И преку активноста на претседателот на Републиката и преку активностите на одделни членови на Владата, а особено преку активноста на министерот за надворешни работи.

V/7.-

Меѓутоа, ако под синтагмата агресивна политика подразбираме, што ја знам некаква намршеност на тој што ги води преговорите, не каква накострешеност или некаков став за напад итн., тогаш таа не беше таква, затоа што и според конструкцијата на нашиот министер кој не изгледа таков. Меѓутоа, ние треба да се договориме дали ни е~потребна таква политика. Овој дом треба да утврди дали таква агресивност ни е потребна.

Второ, често пати тука беше спомнувано, без притоа доволно да се елаборира дека ние имаме комунистичка власт. Да бидам искрен мислам дека во овој Парламент од никаде немаме информации, од странство од некоја меѓународна институција или друга асоцијација дека имало приговори на таа тема, на таа линија, дека имаме комунистичка власт. И сите тие што тврдат дека власта ни е комунистичка, не кажуваат која е таа власт. Дали е овој Парламент комунистички. Веројатно не е, затоа што е овој повеќепартиски. Дали е Владата комунистичка? Сигурно не е затоа што рековме дека е таа експертска Влада таа не е политичка Влада. Дали судската власт ни е комунистичка? Јас досега не сум чул некој- да каже дека судовите работат според некои комунистички прописи, туку тие прописи ги донесе овој Парламент.

И ако дозволите уште малку, при квалификацијата дека власта е политичка се споменуваат две-три министерства што за мене е многу индикативно. Притоа се спомнува Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи. И ништо друго. А од тоа уште и информативниот простор дека е комунистички, меѓутоа тука говорни- кот веднаш наоѓа потреба да прави дистинкција дека министерството не е комунистичко. Не знам дали и вие забележавте тоа што јас сега го кажувам зашто ни се потребни тие квалификации, јас навистина во овој момент не знам, а ќе се обидам да дознам што е во прашање.

И трета работа која што беше спомната тука и со право тоа е дека треба национален концензус. Неспорно е дека националниот концензус е

потребен, многу потребен. Тој беше потребен и вчера, тој е потребен денеска, а ќе биде потребен и утре. Тука јас немам никаков приговор. Тоа што срамежливо се правеше, а беше спомнато, не можам да бидам неправеден, меѓутоа срамежливо - беше спомнато дека е потребен и меѓунационален консензус. Јас ви тврдам господо, дали ви се допаѓа тоа или не, дека е потребен и многу потребен и меѓунационалниот консензус. Без тоа можеме да имаме и меѓународно призната дражва, меѓутоа нема да имаме внатрешен мир. А мирот е тоа што ни е многу потребен и за кој сите без оглед на националната и друга припадност се залагаме.

Кога во контекстот на спомнувањето на националниот консензус беше речено дека тука како причина за признавање на Република Македонија е дека ние не направивме устав, национален и да воспоставиме национална држава, Јас ги разбирам причините поради кои тие говорници тоа го истакнуваа и веројатно е тоа од маркетиншка природа, меѓутоа, има потреба да се објасни и повеќе да им се објасни на неупатените дека тоа ќе беше уште полошо. Уште полошо ќе беше ако Македонија во нормативниот дел беше дефинирана како национална држава или како матична држава или незнам уште што.

VI/1дв/вц

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (продолжение)

Меѓутоа за да не оставам недоумици, јас тука јасно ќе кажам дека никој нема причини за загриженост затоа што Уставот на Република Македонија е национален и тој во својот уводен дел во таканаречена преамбула јасно кажува дека е ова национална држава на македонскиот народ и тука нема никаква причина за загриженост, Ако некој треба да биде загрижен, тој е некој друг.

Сакав исто така да кажам неколку работи за кои тука изгледа не наоѓаме мерка за однесување. Искрено да ви кажам сеуште незнам во каква функција беше истапувањето на потпретседателот на Владата и покрај тоа што претседателот на Владата се обиде да ја разјасни неговата позиција. Меѓутоа дека со оглед на тоа дека претседателот на Владата беше тука ако потпретседателот зема збор, за мене значи дека тој се договорил со претседателот на Владата тоа да го искаже ставот на Владата. Меѓутоа тоа*-не било случај, но другите говорници помогнаа дека потпретседателот истапил во име на некоја политичка партија, затоа што говорникот јасно кажа дека потпретседателот ги изнесе ставовите на мојата политичка партија. Ако не ја кажувам вистината кажете. Ако е тоа така тогаш пак зошто тврдиме дека немаме политичка Влада. Ние господа треба да ги разјасниме и тоа докрај треба да ги разјасниме овие работи. Инаку со вакви небулози ние навистина немаме шанси да си го трасираме патот по кој сме тргнале.

Некои истапувања тука јас ги квалификувам,со должен респект кон тие мислења, меѓутоа во моментот ги квалификувам како контра продуктивни за битието на Македонија. Зошто имаме потреба во нашите дискусии да внесуваме романтизам национален, да внесуваме, што знам

какви жалопојки и т.н. кои не ни се потребни. Треба да се биде политички реалист, треба вистината да се гледа во очи и врз основа на практичните околности треба да се преземаат и практични чекори.

Само да спомнам едни примери. Појдете ве молам на плоштад. Ќе видите карта на голема Македонија. Таа е добра идеја таа е возвишена идеја, тој идеал е возвишен и јас го респектирам до крај. Во моментот, меѓутоа, печатењето на такви карти е контра продуктивна работа. Кога реков појдете тоа не важи за пооделни министри затоа што одделни министри во своите кабинети имаат такви карти.

Конечно да завршам со два три збора за оставката на господинот Денко Малески.

Јас ќе се воздржам од секакви совети и од секакви сугерирања. Би го потсетил само на еден стих на Мајаковски кој од прилика, ако добро сум го запаметил на српски гласи: "на овом свету није тешко мријети, изградити живот куд и кам је теже".

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Поаѓајќи од тежината на проблемот за кој се води расправа јас сметам дека е многу важно да се даде една реална оценка од овој Парламент по Декларацијата на Европскиот совет и Европската заедница усвоен во Лисабон на 27 јуни годинава.

Во делот што се однесува во врска со промена на името на Република Македонија условување на признавање на Република Македонија со промена на името не е засновано врз принципите кои произлегуваат од меѓународните правни документи. Но, причината за еден ваков настан за непризнавањето на Република Македонија од страна на ЕЗ

е тоа што тие одлуките ги донесуваат со консензус и без надгласување, за едно такво решение не е постигната согласност поради ставот на грчката дипломатија која е членка на таа асоцијација Според тоа држејќи го својот ултимативен став кој беше поврзан со промена на името го доведе целиот процес во една стагнација. Според сите тие околности јас се наденам дека на крај ќе преовлада разумот и толеранцијата во настанатата ситуација во врска со спорот меѓу Грција и другите членки на заедницата по ова прашање.

Бидејќи ЕЗ не сака да има проблеми во ниеден дел на континентот тие земји се со парламентарна традиција и ги осудуваат сите актери кои сакаат спорните прашања да ги решаваат со примена на сила. Но Балканот како невралгична точка по овие проблеми каде што национализмот и нетрпеливоста во овој простор на поранешна Југославија достигна колуминација, а сето ова е резултат на непопустливост и непочитување на еден кон друг, барајќи власта да биде концентрирана само во рацете на еден народ, што значи еден вид на бирократија врз национална основа и со сила да им наметнат решение на другите помали народи спротивно на нивната волја. Еден вид на таква политика каде проблемите се решаваат со непочитување на интересите на сите е како пракса и во нашиот парламент бидејќи интересите на албанците во секој вид на работа досега беа минимизирани и отфрлени. Бидејќи бараме од земјите на Европа коректност и респект спрема сите народи било мали или големи, што е сосема оправдано, но истите критериуми треба да ги почитуваме и ние господа пратеници и да настојуваме во иднина во пракса да ги применуваме. Зачестени се и барања од поедини пратеници каде се бара од албанците да бидат лојални. Јас ги прашувам истите пратеници па и државните институции колку се тие лојални спрема албанците а тоа се знае кога во Куманово пред 10 години покојниот Ариз Сафери само поради еден пиштол што му е најден во куќата бил приведен во истражниот затвор во Скопје каде и почина. Нели е овој случај без преседан во една демократска правна држава.

VI/4

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

После сите овие дискусии за политичката активност ка државното раководство на Македонија може да се констатира дека пациентот е мртов а операцијата успешна. Македонската политика овие две години беше водена во куќите на информативните средства од телевизиските спикери, новинари и радио - репортери контролирани од власта, пишуваа и известуваа дека секој момент Република Македонија ќе биде признаена, со што на народот не му се дозволуваше и критички да размислува за оваа политика од истите тие средства и нивните поедини уредници за сето во Македонија што се случуваше на негативен план се обвинуваше ВМРО, со што се ограничуваа можните расудувања на луѓето, критички да се однесуваа кон состојбите во Македонија, како во Македонија само оваа партија да постои, тони хартија се потрошија за клевети над ВМРО но сепак дојде денот кога народот доби претстава за вината и за состојбите во оваа држава. Јас сум присталица на оние политички критичари кои негираат секакви партии и; личности со комунистички идеи и нивна политичка активност какви што се СДС, и други кои се директен производ на еден недемократски систем, па затоа денес во Македонија има тоталитарни партии и систем кој ни нуди демократија по нивен аршин, со што Македонија денес се наоѓа под комунистичка, диктаторска чизма. Спроводниците на овој систем за овие 50 години владеење се покажа како неспособни да организираат и формираат на национална основа македонска држава, бидејќи темелот врз кој се потпираше комунизмот е учењето дека "со одумирање на нацијата ќе одумре и државата", па така ние денес во Македонија сме доведени во ситуација тие исти луѓе да ни создаваат држава кој цели 50 години работеа да ја умрат државата, а со тоа и нацијата. На таа тема денешните политичари докторираа, магистрираа и така натаму. Кога не успеаја во тоа на ред е македонската нација да го умре комунизмот кај раководните луѓе и партии на Македонија и со тоа од пред својата врата да го тргнат мртовечкиот сандак кој чека цели 50 години некој да влезе во него, бидејќи време е во Македонија некој да умре, па Македонецот нека одбере или тој ќе влезе во овој сандак и ќе ја запечати својата судбинакако човек и ќе стане мртовец или пак тоа ќе му го направи на комунистичката идеологија и партии. Како како да верувам во оваа политика во која има луѓе на раководни места во МТВ, Нова Македонија и други институции и влијаат врз политиката која уште од 1946

година убиваа, затвараа за идејата за создавање ка македонска држава за која се залагаше Методија Андонов - Ченто и други негови соборци, па така денес имаме ситуација кога деца играл. фудбал со нивните глави, па нели тогаш ако сакаа овие луѓе и ова политика- У „зошто не ја направија Македонија како самостојна држава, тогаш * ни Европа ни Америка не ќе ви пречеа бидејќи сами Македонците се изборија за својата слобода за потоа овие исти политичари жртвите и слободата биде продадена на Југославија и сместена во мелницата на идеите за самостојна држава "Голи оток". Резултатите од таа внатрешна политика се такви да секој од каде и да дојдеше за овие 50 години во Македонија ќе се населеше само Македонецот некаде одеше никаде не стигнуваше, па така и мак- симата на Гоце Делчев "јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите во светот таа денес за нас Македонците со мала корекција на крајот реално би гласела вака: јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу Македонците во светот

Не можам да ја разберам оваа внатрешна политика во Македонија која, сеуште монтира процеси во титовиот Велес на македонци кој се организирале за одбрана на Македонија. Се снабдувале со експлозив со поминат рок на траење и бил безопасен по животот на луѓето со рибарски нож, конец и така натаму. Тие денес од судот се оквалификувани како луѓе за заговор против државата во време кога Македонија немаше јасна политика што сака самата со себе, самостојност или федерација со Југославија, а однадвор доаѓаа закани дека некој групи ќе им дојдат на помош на ЈНА, за борба против самостојноста на Македонија, па се прашувам каква држава сакаат да прават овие државни институции кога своите синови ги затвараме само затоа што сакале да ја бранат својата земја и народ, не е ли тоа продолжение и континуитет на 50-годишни политички процеси, иако тогаш се убиваше, од полтронство кон таканаречена Југославијавија, на кого денес се удвара и на кој богови поднесува жртва. Ако ловецот на овие велешки маченици, Љубомир Фрчковски по националност се определил за Југословен и направи устав без име и презиме, го обезличи Македонецот во него, тогаш се знае на чии богови се поднесени овие жртви.

Додека министерот Денко Малевски еднаш рече дека имал мандат да преговара за Југославија, и само без него Македонија може да биде самостојна. Може ли овие луѓе "Македонија да ја направат самостојно среќна држава. Од овде, од еден пратеник на СДС беше нападната Германија како недемократска и кројач на југословенската судбина, напротив јас мислам дека Германија води најисправна и најчесна политика и има висок степен на демократија, а се сатанизираше и цела Европска економска заедница без да се видат прво сопствените грешки на сопствената политика, па потоа г да се оди во критика на други кој имаат дел од вината за сопствениот неуспех. Сите партии во Грција успеаја да се договорат за спречуваше на меѓународното признаваше на Македонија без разлика на меѓусебните политички разлики, ставови и програми. Истото , тоа не беше;направено со политичките партии во Македонија за заеднички меѓународен настап, него се дозволи сето тоа да тече стихијно, неорганизирано и водено од тројца луѓе Киро Глигоров, Денко Малевски, Стојан Андов.

И една мала реплика на господинот кој пред мене излезе . И рече дека плоштадот е излепен со плакати за некаква Македонија. Само да го потсетам тој господин дека во секоја книжарница ќе купи карти на таа Македонија која што е и цртана од француски картографи а не од македонски или не е цртал оној што ја налепил таа карта таму каде што стои. Тоа се географските граници на Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници вклучувајќи се во расправата по повод Декларацијата на Европскиот совет во однос на признавањето на Република Македонија за меѓународно правен субјект и предложената декларација како наш одговор поготово на тој дел ни се предлага да си го смениме името не можам да се оттргнам од впечатокот дека такво нешто не е наметнато и со благослов на некои "наши' одговорни господа кои учествуваа во тоа пазарење.

Во обемната расправа во која учествуваа поголем број од пратениците .слушнавме различни анализи и за успешноста или неуспешноста на досега водената политика, па и критиките оние добро- намерните се секогаш добредојдени и големината на луѓето што се занимаваат со државнички работи да ги прифатат за добробитта на сите.

Јас би сакал да истакнам некои спрема моите лаички можности промашувања во однос на водењето на таа надворешна политика од која со векови очекуваното создаваше на една меѓународно верифицирана македонска држава треба да биде стварност а не сон.

Мислам дека водењето на надворешната политика беше некако анемично без цврстина, премногу во ракавици со страв. Така размислував се до вчера до излагањето на Блаже Ристески кога на мене обичниот смртник а сега пратеник ни беше предочено дека господинот министер за односи со странство д-р Денко Малески во излитна искреност им соопштил на членовите на Владата дека како човек воспитан во југословенски дух многу му е тешко и несфатливо што повеќе ја нема Југославија барем на овие македонски простори. Досега си велев господинот Малески, се разбира слушајќи го и гледајќи го на ТВ и радиото е еден високо квалитетен стручњак во областа за која се школувал космополит по вокација, џентлмен од англиски сој, па ќе знае да се справи со итрите и секогаш со интерес настроени министри од Европскиот совет и другите држави со кои сакаме да воспоставиме дипломатски односи и да не признаат.

Но, по се изгледа дека својот излив на искреност го презентирал и пред горе споменатите господа на кои сигурно не им било јасно што е тоа што го бара овој космополитски џентлмен кој изјавува дека е вљубеник во

Југославија, аваму "бара" меѓународно признавање за таму некаква си Ј4аќедонија. Значи излезе на видело дека господата од Европскиот совет секој посебно се тесногради и пред се и над се мислат на своите нации. Значи космополитизмот кај нив не е на цена.

Уште нешто ми стана појасно кога во вторникот на закажаниот митинг "Има нешто да и кажеме на власта" среде Скопје и се упатуваа пароли на поддршка на некаква си Југославија на некаква си комунистичка партија на Југославија па се прашувам себе си па и вас господа која е таа Југославија, кои се тие ултракомунисти кои ни продаваат утопија и магла, кои исто така му дадоа безрезервна поддршка на господинот министер за односи со странство.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение)

Верувајте ми потполно сум збунет, можеби е лицемерно од нивна страна. Збунет сум и од односот на поедини пратеници кои од името на своите пратенички групи исто така му дадоа безрезервна поддршка на министерот а сега гледаме бараат одговорност од Владата, согласно Уставот, се разбира, што јас исто така го поддржувам затоа што овде, често пати сум кажал, оваа Влада на некој начин се покажа многу непродуктивна. Направи многу промашувања во сите домени на своето дејствување, нарочно околу неисполнетите ветувања за откривање на можните малверзации и корупции во администрацијата. Тоа ни беше ветено, но сведоци сме дека сеуште не е обелоденето.

Но, ако министерот е член на таа Влада, а предлогот за одговорност е даден на седница на Собранието кога се расправа за Декларација - одговор кон Европскиот совет, значи на некој начин се расправа за водењето на меѓународната политика, мислам се работи или за дилетантизам или пак за смислено лицемерие. Значи 2+2 не се четири.

Гледајќи кој се е потпишан на Иницијативата за која повторувам ќе гласам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

По Уставот не може да дискутираме пред да поминат три дена. Ви укажувам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во ред, вие укажувате, меѓутоа јас ќе ви укажам дека водењето на внатрешната политика секогаш се рефлектира и кон водењето на надворешната политика. Тие се една со друга меѓусебно поврзани. И затоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мое е да ви укажам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас знам дека вие сте погодени, меѓутоа мое право е што ќе кажам затоа што за овие четири дена се изнаслушавме многу работи.

Гледајќи кој се е потпишан на Иницијативата за која повторувам ќе гласам, затоа што реков дека сум незадоволен од оваа влада и ако не сум потпишан оценувам дека постои еден договор за формирање политички одговорна коалициона влада составена од Реформистите,Социјалдемократскиот сојуз или скратено СДС како чудно и познато звучи и ПДП-НДП. За ова, верувам дека е консултиран и претседателот на Републиката господин Киро Глигоров кој е предлагач на сегашната така наречена експертска влада на чело со господин Кљусев.

Да се потсетиме малку и на тоа како дојде до тоа господин Кљусев да биде мандатор предложен ад некој друг туку од претседателот господинот Глигоров.

Во меѓупартискиот договор беше договорено местото претседател на Влада и одреден број министри да му припадне на ВМРО-ДПМНЕ За таа цел ВМРО предложи, на барање од претседателот дури четири свои кандидати кои беа прогласени од претседателот а нарочно, со невидена кампања во средствата за јавно информирање како недоволно компетентни, на тоа сите се сеќаваме. Затоа беше предложена, исто од претседателот, експертска влада за која истите средства за јавно информирање, дури и истите новинари би рекол што сега фрлаат со дрвја и камења по оваа Влада ја прогласија за единствено можно и најкомпетентно решение во тоа време во Македонија. На полтронството, ќе речам му нема крај. Важно е добро се да се наплати.

VII/3

Значи сега, кога е пред донесување Законот за трансформација на општествениот капитал со кој се предвидува меѓу другото, и ревизија на неправилно издадените акции, оние интерни, без вложен капитал со законите на господин Анте Марковиќ, а за што во СОК постојат подебели досиеја, и за можните малверзации во однос ан овие интерни акции, господата директори кои се махери во се, па ако треба и во рушење на државноста на Република Македонија за да ги сочуваат, се разбира, своите позиции и стекнати богатства на лесен начин кои во предизборната кампања инвестираа огромни средства во поедини партии од левиот блок,а најповеќе во Реформските сили на Југославија за Македонија/ исплашени од најавената можност дека оваа Влада ќе обелодени кој се учествувал во разните махинации, кој е корумпиран во државната администрација, кој подигнал девизи од своите девизни влогови од кога тоа беше стопирано и уште многу, многу малверзации. Таа елита, сега, преку своите опоненти и во Владата и во овој Парламент како сива еминенција сака сето тоа да не излезе пред јавноста.

Би го замолил почитуваниот бар од мене г-дин претседател Глигоров да го каже своето мислење околу Иницијативата за одговорност на оваа експертска Влада. Би го замолил исто така да се произнесе без да бидам сфатен погрешно и околу сознанието дека господинот Малевски од секогаш бил воспитуван и се чувствувал себе си во тој југословенски дух што спрема мене е и негово лично право, едно од основните човекови права и слободи. Се надевам за ова нешто и господин Кљусев ќе има што да каже околу тоа зошто Владата до сега не обелодени некои свои сознанија.

Верувам дека господинот претседател ова не го знаел. Ова ми е потребно за да ја задоволам мојата скромна суета на еден непоправлив македонски националист, шовинист никако не сум, затоа што не гледам

ништо лошо во тоа над се и пред се да си ја сакам својата ..нација, но да не мразам ниту една нација.

Јас не признавам поголеми и помали македонци, туку само македонци. Но, се прашувам, што е тоа што само нам македонците ни се случува. Само ние сме тие на овие балкански простори што меѓусебно се навредуваме и во многу помал обем и денеска тоа ни се случува. Се обвинуваме за разни филства, за љубители на нациите кои не опкружуваат. Така и за себе имам чуено дека сум србофил, друг пат дека сум бугарофил и што уште не. Да престанеме еднаш со тие работи. И време е повеќе.

Овде завчера се пушти во завиткана форма импутација дека членовите на мојата партија се исто така љубители на одредена соседна нација, а сведоци сме и денеска се случи, и тоа од пратеник кој, за љубовта на вистината во предизборната кампања во 1990 година, беше заедно со некои новинари - платеници еден од главните организатори на печатење и растурање летоци напишани на бугарски јазик, поради импутација дека одредена партија, т.е. ВМРО-ДПМНЕ е бугарска итн. за да не гласаат луѓето за неа. Каква дрскост!

Тоа се случува затоа што Министерството за внатрешни работи и покрај многубројните барања сеуште не ги соопштува имињата на организаторите. Демократија велам, нема што.

Малку да се навратам и на Грција.

Грчката пропагандна машинерија им презентира на своите европски соговорници, преведени исечоци од изданијата на НИП "Нова Македонија" во кои поедини новинари - "волонтери" на големо импутираа дека ВМРО-ДПМНЕ е пробугарска партија за да во последно време не бранат, впрочем и денеска имаме еден таков текст од бугарските средства за јавно

информирање кои пак исто така, цитирајќи ги дотичните "само македонски новинари" во последно време велат дека во Македонија има многу, многу бугари,што го експлотираат на некој начин и Грците покажувајќи дека Македонци може и нема во Македонија. Жалосно е ова.

Каква рашамонијада. Повторувам тоа само нам, на Македонците ни се случува.

Си велам цело време ми кажуваат националист, националист Ми го спомнуваат и Солун. Ми го спомнаа и тука. Ах тој Солун, сите знаеме! Па и во песните наши го има, господо. Но, повеќе од година ипол чекам на телевизијата, на радиото да слушнам македонски патриот ски песни онака за душа а не да навредам некоја друга нација но не се пуштаат. Нема, па нема. Висока политика или нешто друго што мене не ми е познато? Си велам - ех да пуштаат цел еден час и повеќе, белким ќе му биде на народецот наш мирен и послушен а ЕГО последно време и се погладен, полесно и во душата и во срцето да ги преброди овие тешки времиња и конечно да го дочека тоа долго очекувано признавање на независноста на нашата сакана, верувам од сите, Република Македонија. Значи, американците кога ги пеат и слушаат песните за битката кај Аламо, Иво Џима итн. за Дејвид Крокет не се националисти, Французите своите патриотски песни, Германците а Грците да не ги спомнувам, излегува само ние Македонците сме националисти ако слушаме или пееме свои патриотски песни. Чудно нешто.

Овде се спомна и за симболите. Па, господа, кој е тој народ што нема свои симболи, своја традиција. Зарем ние ќе се откажеме од нашава традиција. Би ве замолил да ми посочите макар еден народ што нема свои симболи и своја традиција. За симболите беше спомнато од еден господин дека не може да биде прифатен лавот како симбол итн. па да го потсетам

тој ист господин дека Албанците имаат свој симбол. Тоа е двоглавиот орел. Гледаме на маици го носат и никој ништо не може да им каже. Тоа е нивни национален симбол и тоа е во ред. Па, оставете и ние да имаме свој симбол, со традиција се разбира, не нов симбол, туку со традиција.

Јас лично тоа го признавам, како пратеник често пати ниту бев информирам изворно како и на кој начин и кој се е определен да работи за меѓународното признавање на Република Македонија, па така приклонувајќи се кон она што ни го сервираа и мене и на граѓаните средствата за јавно информирање и моето расположение се менуваше од еуфорија до апатија.

Таа жешко - студена терапија ни ги истенчи нервите на сите. Само тој што не сака да ја види и доживее својата татковина како суверена и независна држава, а верувам и го знам тоа тие се многу, многу малку, со името што го носела со векови, само тие можат задоволни да ги тријат рацете, се разбира заедно со грчките политичари и сите наши непријатели. Најновите случување на грчко- македонската граница каде што според некои сознанија повторно е ставено да се вее југословенското, бившата југословенска тробојка со петокрака, ако е ова дезинформација би било добро, но ако е вистина тешко нам.

Мислам дека далеку поцелисходно ќе беше пред секој позначаен состанок на претседателот на Републиката и министерот за односи со странство со европските и други соговорници да се повикуваат на заеднички договор лидерите на сите партии регистрирани во Македонија, впрочем знаеме дека Грците го правеа и се стекнаа со имиџ дека во однос на македонското прашање имаа консензус.

Значи со такви состаноци кај претседателот Киро Глигоров ќе им парираvме на Грците дека и ние имаме консензус околу името на Републиката а не да тврдат дека 50% од граѓаните во Република Македонија не го сакаат тоа име. Јас не верувам во тоа и знам дека тоа не е точно. Затоа, мислам дека претседателот од сега добронамернмо ќе прифати една сугестија пред секое патување во странство или разговори со одредени странски политичари на некој начин да ги повика лидерите на регистрираните партии во Република Македонија и да му покажеме на светот, ние знаеме дека имаме консензус, меѓутоа треба ан светот да му покажеме дека имаме консензус околу името. Верувам и денеска тоа ќе го докажеме.

Критика на постојниот и сеуште непроменет систем и највисоката државна власт е потреба. Тоа е постулат на демократијата, граѓаните да стекнат верба во демократијата и нејзините за нас сеуште неокриени можности. Треба исто така јавно да се изнесат тоа и преска го кажав, ќе повторам уште еднаш, сите досегашни манипулации, луѓето кои се корумпирани по разни основи на тој начин луѓето ќе ја сфатат демократијата и во голем процент ќе излегуваат на разни референдуми кои за жал во последно време доста од нив пропаднаа, па и на идните избори ако сакате, затоа што не е сеедно од името на колку пратеници од избирачите ќе владее една партија или коалиција.

Но, да се навратам на декларацијата. Овде треба да искажеме едно високо единство за да можеме на Европскиот совет да му речеме: "Господа вие згрешивте, згрешивте како во 1913 година, името никогаш нема да го смениме. Никој од нас го нема тој кредит, не ни го дадоа ниту нашите предци, ниту пак можеме да одлучуваме за и во името на нашите поколенија.

Сценаријата за обездржавување на Македонија,за создавање анархија се препознатливи и нема да дозволиме ниту ние, како пратеници, верувам во тоа, ниту пак македонскиот народ и националностите некој да не стави под своја капа или да не поделат уште еднаш како во 1913 година иако соседите можеби чекаат "со испружено лонче" како вие господине претседателе еднаш што кажавте "Да го до- бијат својот дел".

Значи, господа пратеници консензусот е само консензус во одговорот а за другите прашања на друга седница до бесвест можеме да се надмудруваме и прегласуваме.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувани пратеници, после овие неколку дена, слушајќи ги дискусиите својата денешна дискусија ќе ја почнам со една моја искажана мисла со која завршив една дискусија пред неколку месеци. Тоа е "некој народ, некое време,некој може да го лаже, но никој не може цело време целиот народ да го лаже". Очигледно е дека времето на лагите помина. Сматам дека и времето помина и луѓето кои можат да се лажат им нема веќе број.

Ова го велам од следните причини, затоа што се слушнаа такви дискусии овде што и јас самиот не можам да поверувам.

Меѓутоа, треба да се види кој грешел и кој го лажел овој народ. Тоа право, јас го оставам на сопствениот народ, бидејќи сите одлуки и решенија што се носат овде во овој Парламент во овој состав, независно дали се продуктивни или не се во ред се во корист или на штета на народот и затоа нему му го оставам тоа право.

Исто така и од една друга причина, бидејќи сигурно сите вие овде и јас, а веројатно и членови на Владата, некои дури и самиот претседател на

Републиката исто така се наоѓаме во двојна улога. Сме, нека ми простат и измамени и измамници. По вертикала ако оди така, јас верував дека нешто ќе направам, тоа го ветувам на својот народ, меѓутоа, јас сега тоа не дојде и сигурно дека сите имаме свои објаснувања зошто тоа не дојде и сигурно ќе биде тоа овде искажано.

После седницата на Советот на Европа на 27-ми, чувствував голема загрижненост кај нашите народи сите кои живеат на овие простори и сега ја користам таа прилика да укажам дека кога спомнувам народ мислам на сите луѓе без оглед на нација и вера, рамноправна за сите и ве молам така да ме сфатите бидејќи не само што го зборува туку така се однесувам.

Сите луѓе беа загрижени и веднаш прашуваа кога ќе имате седница да видиме што ќе донесете вие, Парламентот. Од нас очекуваа еден спас, една надеж. Ние моравме тоа да му го пружиме. Меѓутоа да^ви кажам искрено од овие разговори што се случуваат тешко дека народот ќе помисли така, иако ве уверувам, Македонија како независна ќе биде призната држава.

Зошто го велам тоа така? Ние, господа пратеници, какви такви, овде кои сме раководство на овој народ, на Македонија, законодавно тело ни е па имаме некоја вредност. Нас не избрале. За- тоа сметам дека треба да се однесуваме така како што народот ни дал доверба. Секој човек вреди толку колку што е способен да ги направи среќни луѓето околу него. Ние овде сите заедно требаше да го направиме целиот македонски народ, сите луѓе во оваа наша Република среќни. Која беше најголемата среќа? Таа е возвишена тоа е создавање на суверена самостојна држава меѓународно

призната. Суверена и самостојна држава ние имаме, тоа никој не може да го побие очекуваме и меѓународно призната, тоа ќе биде сигурно, тоа го заслужува овој народ и таа среќа ние не му ја подаривме, а знаеме дека нашиот народ на Референдумското изјаснување едногласно одлучи дека е за таква суверена самостојна држава Македонија.

Овој наш Парламент наречен и од нас и од новинари, со секакви имиња, мене да ви кажам искрено ми личи на едно "чистилиште". Меѓутоа, чистилиште во обратна насока. Место на решетката да се одржи а да ги пропушти само неубавите работи, нечистотиите, ние често нечистотијата ја задржувавме горе а убавото го пропуштавме долу. Но, се надевам дека има доволно сили во овој Парламент да биде на висина на својата задача и дека во иднина ќе донесе многу корисни одлуки во интерес на македонскиот народ.

VIII/пј/см

**ЛАМБЕ АРНАУДОВСКИ**: (Продолжение)

Каде ја гледам сега иднината на македонскиот народ и признавањето што побргу да дојде. Верувајте моите гледања се само во својот сопствен народ. Што може народот сам за себе да направи, не може никој да направи. А овој народ тоа го заслужува и има, тоа ќе го повторувам неколку пати и немојте да ми замерите Народ кој е способен да живее во заедништво со повеќе народи кои имаат различни вери, националности и јазици, тој заслужува да има своја држава. Народ кој никогаш во животот не бил поробител, ниту имал некакви асимилаторски и експазионистички цели према други народи тој народ заслужува да биде почитуван. Народ кој во својата вековна историја, дури и кога му било најтешко се солидарисувал со другите народи кои живеат тука, а за пример нека послужи само тоа дека ние никогаш не сме имале антисенитизам. Тоа се земји кои на една рака можат да се избројат и тоа од прогонот на евреите од Шпанија, па се до Втората светска војна кога и нашиот народ беше во тешка ситуација, но никогаш не ги напушти. Народ кој во историјата одел со книга и со крст и ги заменувал со мач и со сабја само тогаш кога бил загрозен неговиот живот и неговиот пород. Народ кој има блескава култура која во овој момент е единствена конвертибилна и дипломатија која нема ни криеше, ни лицемерие, која е дар на природата, или дар на господа. Тој народ заслужува да биде признат и ќе биде признат. Јас ќе ви насочам еден пример сега една информација која можеби малку ќе ве зачуди, но, ве молам да бидете внимателни.

VIII/2

Академијата на филмски уметници во САД во својата кинотека држи филмови кои не се многу значајни. Еден наш филм таму заслужува да биде како реликвија и се чува тој филм од Мистон. Во тој филм уметниците во Америка оцениле дека има голема вредност, затоа што со еден обичен човек прикажан преку ликот на Мандана кого во прв момент госпоѓата Еленстон го смета за побуненик тој се претставува како човек за социјално ослободување. Вие ако се сеќавате на тој филм кога таа го прашува колку пари сакаш да ме пуштиш на слобода, тој бара толку пари колку што изнесува уцената, 20.000 турски лири. Исто така, во еден момент прашува каде се наоѓаме, а тој вели кај орлите. На крајот го прашува како не ти е срам ти стар човек овде наместо да работиш таму во полињата, си зел пушка и си дошол овде. Тој објаснува тогаш дека има пет деца, дека неволјата го натерала да се бори за слобода на својот народ и дека таа цел е возздшена и дека ги жртвува сите свои други убави работи. Токму тоа зборува дека тој народ сопствен нешто направил за себе. Тој Мандан е продукт на својот народ и ние сме негов пород, наследници, па затоа мислам дека ние засекогаш ќе бидеме ценети во светот.

Сега филмските уметници на САД ова го потенцираат, а историчарите во Институтот за историја на народите во Америка проверуваат дали е тоа автентично и кога дознаваат дека тоа е автентично сигурни бидете дека ќе ни помогнат во признавањето на Македонија како суверена самостојна држава. Јас живеам во туристичко место, ние имавме луѓе и народи кои доаѓаа во Македонија од секаде.

VIII/3

Тие луѓе го засакаа македонскиот народ токму заради овие причини, заради гостопримливоста, заради што сме трудољубиви, вредни и скромни во своите барања итн. Дури ќе ви кажам и еден пример, можеби ќе ве зачуди, имаше луѓе и фамилии, сега е покоен дури и зеде имиња македонски, се прекрсти во Коле, а своите деца ги прексти во Климент и Наум, асоцирајќи на Охрид бидејќи таму тоа име е често. Тоа зборува дека нас народите не почитуваат и тоа е голема гаранција дека ние ќе бидеме признати, затоа што тие се држави со голема демократија и таму се слуша гласот на народот, а гласот на народот мора да го почитуваат и политичарите. Кога - тогаш тие ќе увидат, таа грешка и нашата земја ќе биде призната. Но, има и нормално други земји кои тоа не го почитуваат. Малку се тие. Јас ќе ве потсетам на едно дело на за мене многу почитуваниот писател Петре Андреевски кој пишува за едни тешки времиња, војни, меѓувојни, предвојни, за жал ние Македонците немаме многу убави времиња и на писателите им е скратена можноста да пишуваат за добри времиња, но се надевам иднината ќе биде таква за да можат да пишуваат и убаво. Тоа дело се вика "Пиреи". Верувам дека сите знаете, Пиреи е една треба која практично е невозможно да се уништи. Јасна е асоцијацијата на таа порака и пораката до сите земји кои сметаат дека овој народ ќе го голтне темнината како што се изјасни потпретседателот на Владата. Сега се нашло некое тврдоглаво, глупаво животно, магарето и ја јаде таа треба. Меѓутоа, да ви кажам откога ќе помине низ органите за варање на животното и откога ќе се најде повторно на почвата со уште поголема жестина се развива и живее. Таква е судбината на македонскиот народ и Македонија ќе биде, повторувам пак, земја призната со сите свои права и народи кои тоа го заслужуваат

VIII/4

Сега би сакал нешто да кажам за луѓето кои дискутираа дека ќе имаме тешкотии околу стандардот ако се одлучиме за самостојна и суверена држава. Се сеќавам на една дискусија на господинот Бранко Црвенковски точно овде прикажа дека со ова што ќе го направиме колку толку ќе биде нарушен стандардот на човекот, нашиот работен човек, но ние имавме една потврда и еден кредит од македонскиот народ кога тој излезе на референдум. Иако пред тоа беше опоменат и ги прифати сите тие работи мислам и да страда само да има своја сопствена држава. Мислам дека тоа не му е тешко на македонскиот народ, бидејќи македонскиот народ во својот живот повеќе бил гладен отколку сит и не е излезена џабе една мисла кај старите наши луѓе кои викаат стомакот јаде и главата. Мислам дека тоа е многу значајно за нашите луѓе кои на тој начин докажуваат дека е подобро да се биде гладен но со глава односно со лик, со идентитет, отколку да си сит а да немаш личност и да бидеш безличен. Сметам дека овие вредности се големи, дека ги почитуваат сите народи во светот и кога тогаш се надевам дека многу брзо ќе дојде и признавањето на суверена самостојна македонска држава

Сега јас би ве замолам и понатаму малку да бидеме потрпелив до сега требаше да бидеме потрпеливи, но сега се случи ова да видиме да изнајдеме можност и да бидеме потрпеливи. Соломон рекол долготрпеливиот и оној кој што владее со себе е многу посилен и подобар од силниот кој разурнува градови. Затоа, би ве молел ако имате некој тешкотии со некои жртви што треба да ги поднесеме, немојте да потклекнувате на тоа и да ги кажувате овие зборови овде дека Македонија е фрлена на колена, понижена, тоа се зборови кои за својот народ не смее никој да ги изговори. Јас ве молам во иднинатакви зборови да не

употребувате, бидејќи македонскиот јазик е сиромашен со такви зборови, со гневни и со гнасни зборови, нашиот јазик е поетски, милозлив, повеќе има молитви отколку клетви и ве молам многу е непријатно бидејќи ние треба да го заштитиме и својот јазик кој е одбележје на една нација. Затоа, ве молам уште еднаш, јас овде еднаш порано имам речено, што и да направиш за својата татковина, никогаш не е доволно. Татковината никому должна не му остана. Затоа, ве молам однесувајте се во овој стил и ќе завршам со својата дискусија со милион повторената работа, тешко е без мајка, тешко е и без татко, но најтешко е без татковина.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, изгледа требаше малку порано да се јавам за дискусија, па да се вклопат во една атмосфера од причина што јас сепак ќе изнесам некои свои размислувања, оценки, нормално сугестии и предлози и тоа се чисто субјективни, а вие оценете дали сум во право или не. Ќе се задржам на моментите кои не доведоа до оваа состојба односно од субјектите кои активно учествуваат околу признавањето на Македонија. Исто така, ќе изнесам едни свои согледувања, односно по моја лична оценка одредени грешки кои се направени, а што требале да бидат навреме превземени со цел да се постигне очекуваниот резултат. Пред да почнам со таа дискусија, сепак, бидејќи имав прилика да слушнам поголем број на дискутанти, незнам дали сум последен или после мене има некој друг дискутант, можам да донесам одредени заклучоци, а тоа се однесуваат пред се, малку ме чуди, пријатно изненадува, морам да кажам однесувањето на пратеничката група на ПДП и НДП што направи заокрет во однос на прашања, а кои се однесуваат на натамошната активност во меѓународната политика. Колку што можев од повеќе дискутанти од оваа

партија  да забележам е тоа дека и тие се за тоа да Македонија биде призната под името Македонија, дека и тие се за тоа да се постигне една единственост што до сега не беше таков случај. Можеме да се потсетиме дека во сите оние моменти кога требаше да биде призната Република Македонија, имаше одредени активности кои одеа на штета околу признавањето на Републиката, сега се прави еден заокрет што јас искрено незнам и не можам точно да оценам дали тоа ќе биде и натамошна заложба на групата ПДП и НДП, меѓутоа, ако се верува на тоа, тогаш сигурно ќе се очекуваат одредени потези од оваа група во смисла на тоа што се виде дека консензус поготово од Европската заедница не може ЈШ^се постигне односно сите членки наеднаш да не признаат, натамошната работа на овој парламент, на високите државни претставници на Републиката околу поединечно признавање на Републиката, секако очекувам особена поддршка на групата од ПДП и НДП во поглед на тоа на развивање на активностите на признавање кои одат кон Република Албанија односно нивна поддршка и нивно барање од господинот Сали Бериша и останатото раководство со цел да помогне на Македонија, затоа што тоа ќе биде многу значајно и важно. Ако би ја сфатил нивната дискусија во овие 4 дена во смисла на тоа да даваат поддршка на господинот Денко Малевски, на неговата надворешна политика затоа што не успеа да го добие името "Македонија" тогаш им забележувам на нивното лицемерие. Јас сметам дека треба да бидеме исркни и да одиме натаму

Сега би се задржал на неколку работи што по моја оценка, по мое мислење се направени пропусти во однос на признавањето на Република Македонија. Сметам дека не е водено особено активна политика на овој план. На тоа имавме укажување уште на 16- ти декември 1991 година на

Европската заедница дека Македонија и се гарантираат границите и нивната неповредливост. Меѓутоа, не и името. Се бараше модус на името. Сосема мали беа активностите во тој поглед, свесни сме претседателот Глигоров истапуваше, се залагаше но по мене недоволно во тој поглед, па требаше активно, претерано активно да се работи во смисла на тоа што и министерот за надворешни работи по мое длабоко убедување воопшто не требаше да се враќа во земјата туку требаше апсолутно да работи на тој план, затоа што ние имав ме индикации од други држави кои го поминаа истиот пат. Ќе ги посочам и кои се тие. Словенија и Хрватска дека мошне малку сме присутни на меѓународната сцена му забележувам на министерот за надворешни работи, уште кога ја презеде таа улога не беше дефиниран во своето барање. Не ја имаше точната дефиниција дека треба да се бара Македонија, тоа беше барање на нашата група, а не барање на другите партии. Влијанието на другите партии беше мошне поголемо, неговото залагање одеше кон тоа да се бара Македонија во рамките на заедницата со Југославија. И покрај околностите кои се случуваа околу него требаше да забележи и да предвиди дека до ваква ситуација ќе дојде единствена алтернатива е Република Македонија, никаков сојуз со суверени држави, пошто тој сојуз беше наполно разбиен. Се случија работите што се случија, прво, со Словенија, Хрватска, Босна, а ние заради нашата неодлучност, заради нашиот страв, заради тоа што не бевме определени и не реагиравме кога се решаваше судбината поготово за Словенија и тогаш не ја искористивме можноста да бидеме признати, нас времето не уништи. Сметам дека Министерството за надворешни работи мошне мал акцент има добиено како од Парламентот, така и од државниот врв тоа е особено важно министерство, Министерство каде што не достасува кадар, каде што се јавуваат многу сложени прашања,

министерство каде што воопшто нема искуство на меѓународен план секако не можевме да очекувавме чудо од министер кој веројатно и физички не ќе можеше да постигне одредени работи, меѓутоа, кадарот апсолутно во тоа министерство не достасуваше од причина што се јавија многу прашања не само на политички план, туку требаше да регулира и прашања од економска природа. Оставката на господинот Денко Малевски мора да се сфати како морален чин, како личен чин и мене ме зачудува оваа енергична жилавост во настојувањето односно притисок невиден притисок од одредени партии, одбори, здруженија итн., тој сепак да остане на функција. Јас сметам дека лично не ќе е оправдано ние да навлегуваме првенствено во неговите лични мотиви околу тоа, околу неговата оставка, меѓутоа, мораме да прифатиме дека тој не ја имаше опцијата, не ја предвиде опцијата како единствена опција Република Македонија беше погрешно ориентиран и јас апсолутно се сомневам дека натаму најенергично ќе се бори за позицијата на Македонија. Ние мораме да бараме министер кој ќе има особена динамика и ваков правец на делување.

Инаку, ставот на државното раководство беше сосема погрешен во однос на работите кои се нудеа пред светската јавност, особено опасно се покажаа изјавите и да не кажам резултат што овој народ оваа земја се прикажа како мал народ, мала земја, сиромашна земја, земја со два милиони народ и тн. Во ова изнесување од светот и јавноста има доста невистини. Вистина е дека ова е мала земја, територијално.

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение)

Ако се мисли тука на границите на постојна Република Македонија вистина е дека оваа земја е сиромашна земја, ако се мисли и гледа на ниво на Европа кои сме и што преставуваме во поглед на економијата од причина што ние сакале или не сме на дното во однос на развој, единствено моментално заостанува Албанија зад нас и можеби Босна каде што се води војна итн. Меѓутоа не е точно дека тоа е два милион народ и таа погрешна политика апсолутно ја натера Европа сосема поинаку да се однесува према нас и можам слободно да кажам апсолутно поценувачки да оди кон тоа. Ние не сме народ со 2 милиони народ. Јас не сум толку слободен да изнесам колку народ има низ светот, меѓутоа сигурен сум дека има преку 2 милиони народ. Меѓутоа, истото тоа одеше погрешно кон тоа што Република Грција добро ја знае вистина за овој народ , добро ги знае македонците, ние со вакво изнесување пред јавноста фактички признавме односно и дадовме на знаење дека во Грција во Беломорска Македонија воопшто не постојат македонци, а -грците токму од тоа бегаат, во смисла на тоа, што ако и самиот збор македонец се спомне, ако македонецот ги добие права тогаш гркот ќе мора да признава и геноциди и одземање и пљачкање на земја, материјални богатства и протерување итн. Ние проблемот пред Европа не го поставивме на тој начин. Ние проблемот пред Европа го поставивме сосема егоистично само за овие простори и тука јас имав во претходните излагања едно свое кажување дека треба во дипломатските работи да одиме со чекор напред, меѓутоа стартувавме со неколку чекори назад. Проблемот на Грција е тој и сега Европската заедница виде дека овој народ се повинува на секакви работи односно прво ни кажаа ќе го мените Уставот, во Уставот внесовме одредби кој не ги содржи ниту еден Устав во светот. Понатаму кога видоа дека меко одат работите ние прифативме една политика на коленичење, молење,односно апели, молби за меѓународно

признавање наместо според мене да прикажеме една поголема агресивност односно да одиме напред со вистината. Тоа е основната грешка и тоа е она што сега ни се случува. Европската заедница ни ги гарантира постоечките граници и оди сега уценувачки да ни промени името односно Грција вековно да го реши проблемот и ние да кажеме дека таму навистина не постојат македонци, вековно го решава проблемот во смисла на тоа го чува внатрешниот мир, а со ова секако лесно и ќе се справиме.

Би се задржал на еден друг сегмент, што исто така одредени работи во Републиката одат премногу споро. Грција , уште еднаш ќе се навратам јавно ја манифестираше својата политика. Мора да се признае грчкото лоби апсолутно делуваш« максимално секаде низ светот меѓутоа, исто така и Србија доста активно, но тајно ја води својата политика.

Кога кажувам дека некој работи премногу споро одат мене ете зачудува како ние досега не најдовме можности, термин и време да донесеме знаци. Да го донесеме, грбеар, знамето и химната. Каква е таа наша неверојатна плашливост, да не кажам неспособност итн. Зар толку време треба за овие обележја. Според мене, верувајте ако бараме меѓународно признание во земјите да владее пазарно стопанство, каде што од комунизмот ќе употребам еден термин што тие го употребуваат бегаат како ѓавол од темјанот, ако ние пред светот сеуште мавтаме со нашето знаме, не мислам да го навредам, меѓутоа петокраката многу смета, а ко тие работи ги знаеме зошто не одиме на промена Тука се јавува една опасност. Ние измисливме и конкурс, повик, зошто тие работи не беа регулирани со закон, дадовме одредени предлози, решенија меѓутоа тоа толку споро оди и просто е неверојатно што се случува. Плашливоста ја

IX/3

ценам од тоа што некој можеби смета дека со обележјата ќе се навреди некоја нација или народ. Некој смета дека знамето се појавило во Беломорска Македонија, дека лавот шетал малку и низ Бугарија, секако нашиот модифициран, дека нема да биде прифатен од националностите во Македонија , тоа е сосема погрешно.

Во претстојната политика која што треба да ја води земјата се појавуваат одредени нелогичнсоти. Како што реков ние не сме мал народ, ние сме многу поголем, меѓутоа нашиот народ живее во светските центи, живее во Австралија и тоа во Мелбурн и Сиднеј, живее во Канада во Отава, живее во САД во Њујорк, живее во Франција во Парис и каде уште не во светски центи и нашето македонско лоби е толку неорганизирано, тоа самостојно се организира и дава резултати, меѓутоа се јавува една нелогичност. Тие луѓе излегуваат со нашите обележја, излегуваат со транспаренти и викаат Македонија, ја бараат Република Македонија. Тие излегуваат со обележја и знаци, а ние имаме сосема други знаци. Измислуваме, модифицираме знаци. Се поставува проблемот кого тие луѓе претставуваат, кој се тие кој сме ние. Како во тие сите луѓе во тоа огромно прекуокеанско пространство не се најде ниту една модификација, ниту една измена сите го најдоа знакот и белегот и тој насекаде истиот се наоѓа, а ние тука измислуваме некои модификации, работи и нешта што одат во наша штета.

Декларацијата дојде, последиците кои што таа ги носи се навистина страшни, ќе се одржат на економски план, ќе се одразат секако на политички план што сметам дека е време да се прекине со ваква политика на молење, ќе треба сосем поагресивно, веќе сум со идејата дека и на овие простори во Македонија мора да се организираат митинзи да се крене гласот на Македонецот секако и во дијаспората. На економски план штетите секако ќе бидат многу големи што ќе се јават одредени општопознати

работи во однос на трансформација на стоки и услуги и капитал итн. ќе биде еден период навистина тежок. Сметам дека особена грешка ќе биде со доаѓањето на господинот Даглас Херт на 18 јули ако ние дотогаш не излеземе со свое национално обележје да не сфатиме дека со неговото пречекување со таквото обележје дека доаѓа во систем како што е во Србија. Да дадеме нешто ново, да докажеме.

Исто така одредени работи што треба да се менуваат, а тука беа доста искажани во поглед на трансформацијата, трансформацијата на општествениот капитал секако е актуелен проблем, меѓутоа искрено ви кажувам јас не верувам дека таа ќе се случи на вакви постојни односи Тоа мерило има и показател само еден единствена тоа беше уште пред три години, еве самите потсетете се Законот за продажба на општествени станови, освен неколку воени станови што се продадоа ниту еден не се продаде, каде што критериумите и мерилата за продажба се сосема едноставни и тоа е еден дел на трансформација на општествен капитал, ние тука паднеме на испит, не продадовме ниту еден и не направивме никаква динамика. Сега ќе продаваме фирми каде што односите, критериумите и мерилата *се многу посложени и немаме најдено спремност и начин истото тоа да го спроведеме, а велиме ќе се ориентираме на пазар стопанство, на светско стопанство, на многу работи. Сепак тие работи сметаат не само на економијата туку и на политиката затоа што политиката е многу влезена во економијата.

На надворешната дипломатија исто така забележувам неактивност во смисла на тоа што се видоа работите како стојат со Економската заедница, меѓутоа има и земји кој пројавија волја и интерес Македонија да биде призната. Тоа го направи Русија, таа не призна, меѓутоа нотата не е добиена. Неверојатна пасивност на нашето раководство во тој поглед во однос на барањето на та толку барана нота. Не ми е јасно зошто се чека, се

исчекува некој нешто да направи. Зашто не се превземаат чекори во тој поглед.

На крајот би завршил, а исто така беше честопати тука спомнувано за систематското одложуваше на системските закони. Или правиме држава или навистина ќе продолжиме да ги до толку влечеме работите да ги донесеме до степен на сложеност односно на неможност истите да ги донесеме. Дајте еднаш определете се и закажете една седница и да ги донесеме овие закони. Тие се многу потребни на оваа држава, со тие закони оваа држава ќе може да пулсира без разлика што мисли и како мисли Европската заедница. Признавањето ќе го чекаме како што ќе дојде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, уште кој бара збор, се договоривме само по еднаш да се зборува. Господин Горан Зафировски, Зоран Китев, Авди Муртезани, Николов Јован.

Дали има уште (Нема)

Бранко Арсовски се откажува од дискусија.

Со работа седницата ќе продолжи по паузата во 15,30 часот.

(Паузата започна во 14,25 часот).

X/1/ЛК/лј

(Пауза од 14,25 до 1б,00 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Кој уште сака да зборува? (Никој)

Се пријавија Горан Зафировски, Зоран Китев, Авди Муртезани и Јован Николов.

Има збор господин Горан Зафировски.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не мислев да се јавам за збор и затоа во ова излагање ќе бидам краток.

Гледајќи ги два дена политичките демагози на кои око не им трепнува од сите наши излагања, не можам а да не бидам вчудоневиден зарем е .можно да веруваат дека исклучиво е виновна Европската заедница и Грција. Зарем не им е познато дела Европа не сака да преговара ,со .демагози и тирани? Зарем мислат дека Европа не 'го слушна прашањето на новинарот во Сараево поставено до претседателот Глигоров? Дали бевте искрени, господине претседателе, 50 години градејќи го југословенскиот социјализам или сега кога ја градите македонска демократија?

Гледајќи ја македонска демократија како ја спроведуваат истите луѓе, со истите методи и пароли од типот - кој поинаку зборува, наклеветува и лаже, се повеќе сум убеден дека тие не се способни навистина да бидат демократи. Не им дава срцето да ги исправат сопствените грешки , туку повторно експериментираат со наоѓање на наш оригинален пат во демократија, правејќи го на тој начин народот "бели глувчиња". Дали Европа не предупредува дека нема признавање со таква псевдо

X/2.-

демократија. Сака ли Европа да ги смени преговарачите од Македонија и ни дава сигнал да го спроведеме правилото - за екипа која губи, таа мора да се менува. Со какви очи Европа ќе не гледа, ако тргнеме по патот на Словенија и Хрватска и ако веќе утре донесеме закон со кои ќе ги поништиме сите типично комунистички закони, национализација/ одземање на земјата, куќите, фабриките и се друго одземено и опљачкано.

Случајно вчера од еден наш македонец од Пиринска Македонија ни беше даден список на се што му ограбиле комунистите и решение од сегашната Влада таму сето тоа да му се врати во грам. Наместо тоа, нашата власт дури и сега вложените девизи не ги враќа. Дали мислите дека тоа е случајно? Не, не е. Тие девизи и тие богатства се прелеваат на многу едноставен начин во џебовите на новите акционери. Сето тоа е плански направено, а сите се прават будали. Само декларативно комунистите се откажаа од името и од паролата  ќе работиме колку сакаме и ќе си земаме колку што ни треба. Тоа за нив е главно мото и ден денес.

Затоа, го замолувам господинот претседател Киро Глигоров да ги согледа сите овие состојби и барем сега да биде чесен и искрен и да си даде оставка,со што длабоко ќе ја задолжи македонската држава и македонскиот народ.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници, најпрво се поставува прашањето зошто пратениците на Социјалдемократскиот сојуз се откажаа од натамошно учество во расправата и дали мислеа дека ќе се откажат и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, за да не ги потсетиме на првата седница на ова Собрание кога цел ден пратениците на тогашната СКМ-ПДП плачеа по југохимната и дали мислат дека нема да ги потсетиме на срамниот чин кога на ликот и

X/3.-

делото на Гоце Делчев и Никола Карев, кога со нивни благослов беа ставени едни минијатурни слики во вид на карикатура покрај сликата на Тито.

Како прво и основно, точката на дневен ред гласи "Информација на Владата на Република Македонија во врска со Декларацијата на Европската заедница околу признавањето односно непризнавањето на Република Македонија". Но седницата доби друг тек и бевме ставени во ситуација да учествуваме во сценарија на сите веќе добро познати, а од страна на сегашните носители на власта, кои добро го испекоа занаетот во изминатите 50-тина години, кога на овие простори владееш а и сеуште владее комунизмот. Но што и да се каже за сценаристите на оваа 43-та седница, само може да добие форма во стилот на поговорката "Кучињата лаат, караванот си врви". Но во интерес на ефикасноста на овој парламент пред очите ан македонската јавност, нема да продолжам со т.н. дисквалификување на државното раководство.

Имено вистината која што се кажа овде од пратениците на ВМРО ДПМНЕ некој^се обидуваше тоа да го нарече дисквалификација на начин како што овде имаме примери да добиваме писма од претседатели на општини каде што на првите избори добија комунистите и од боречките организации во цела Македонија кои постојано атакуваат на ВМРО-ДПМНЕ, а од друга страна се додворуваат на носителите на власта во Македонија, се цел задржување на привилегираниот статус и пензиите кои достигнаа износи од 92.000 денари.

За момент ќе ми извините што ќе испаднам од точката на дневниот ред и повеќе не можам да го скријам во себе револтот спрема Здружението на борците кои секогаш се јавуваат во улога на раководители на било кого, ако во таа ситуација од спротивната страна стои ВМРО- ДПМНЕ. Еднаш за секогаш сакам да им кажам еден пример на човечко достоинство.

X/4.-

По завршувањето на Втората светска војна господинот Шарл Де Гол им понудил паричен надомест на борците на отпорот. Веднаш потоа избувнува скандал во кој борците велат дека се бореле од љубов за Франција, а не за пари. Па сега се поставува прашањето: Дали овде некој се борел за Македонија? Во тој случај сигурно ќе речат - да, но со дебело плико во рацете и со какви очи ќе погледнат во земјоделците или во работникот кои се доведени на работ на егзистенцијата, а згора од тоа актуелната власт си дозволува и луксуз да употребува пендрек - демократија. Последни примери знаеме кои се  Куклиш, Радовиш, Дојран итн.

По втор пат ќе кажам - "Кучињата лаат, караванот си врви". Но а се задржиме на проблемот кој сите не мачи, како што истакнаа сите дискутанти и да направиме хронолошки преглед на оваа 43-та седница.

Го ислушавме личниот став на господинот Денко Малевски, иако тоа требаше да биде информација на Владата на Република Македонија во врска со текстот на Декларацијата на Советот на Европската заедница. Откако го ислушавме личниот став на господинот Денко Малески, потоа се отвори дискусија. Главната улога во сета оваа заврзлама ја презеде сценаристот односно претседателот на Собранието, господин Стојан Андов во стилот - Деловникот, тоа сум јас, и направи список на дискутанти како одговараше на сценариото за пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ги потрошат сите сили и потоа - ќе удриме сите на нив, заборавајќи ја точката на дневен ред.

Во сите дискусии на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ постоеше критика во однос на водењето на надворешната политика на државното раководство. Во тие критики постоеше една голема доза на конкретни предлози во натамошното водење на надворешната политика.

Х/5. -

Потоа според сценариото на дневен ред дојдоа пратениците на левиот блок. Сите тие говорници потрошија, многу малку време во врска со Декларацијата на Европската заедница. Не се ни обидоа да предложат нови конкретни решенија за идното водење на надворешна политика на Република Македонија, туку сета своја сила ја употребија за напади врз раководството, членовите и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Сите тие претставници на левиот блок се ставија во одбрана на двајца креатори на надворешната политика, без за тоа да имаат аргументи и јасни докази. Но, за момент, човек ако го проучува нивното однесување, со право ќе констатира дека истите тие го бранат својот лидер кој на првите повеќепартиски избори ја протежираше тезата за единствена комунистичка Југославија.

Сепак, најмногу од се уочлив е фактот што сите говорници од левиот блок настапија во стилот на Политичката школа од Кумровец и со крајни напори се обидуваа да направат култ од личност во согласност со паролите "И по Тито, Тито". Или просто кажано - ако ме нема мене, пропадна сиот свет.

Но, најмногу од се што збунува е тоа што најголема поддршка комунистите добија од претставниците на коалицијата ПДП НДП, кои со нежни додворувања постепено си ги остваруваат своите цели.

Но, како и да е, колку и да е ВМРО-ДПМНЕ прикажана поцрна од црниот ѓавол, маските паднаа со настапот на потпретседателот на Владата на Република Македонија, господин Блаже Ристовски. Јасно и гласно и разбирливо за секое уво кажа односно го цитираше господинот Денко Малески дека тој се залага за единствена опција т.е. сојуз на суверени држави на Југославија, но самостојност на Македонија само без него. И доколку Македонија биде призната тој ќе поднесе оставка.

X/6.-

Понатаму во своето излагање господинот Блаже Ристоски го кажа и податокот дека на седницата на Владата господинот Денко Малески ги убедувал членовите на Владата за изнаоѓање на формулација за името, доколку не сакаме да ни се случи економски хаос и колапс.

Интересна ситуација се јави откако го завршил својот говор господинот Блаже Ристовски. Некои пратеници така реагираа како да седеа на жар и наместо да го побијат она што го кажа господинот Блажо Ристовски, тие се обидуваа да ја докажат компетентноста на господинот Блаже Ристовски за неговиот настап и се запрашаа дали господинот Блаже Ристовски настапил во свое име или во името на Владата. Јас во овој момент ќе ги запрашам сите тие што реагираа на исказите на господинот Блаже Ристоски: Дали повеќе ќе веруваа ако настапеше во име на Владата или во свое име, а сепак ја кажеше вистината, како што тоа го стори на вчерашната седница.

Кога сум веќе на оваа говорница би сакал да запрашам: Дали кога се одлучуваше на седница на Владата за воведување на парична единица денар, четворица министри гласале против воведување сопствена парична единица, меѓу кои и господинот Денко Малески Згора на сето ова - (во редовите на претставниците на Владата се забележуваат некои реакции, на што говорникот одговори: "Кој си ја има мувата на капата, тој си ја ишка").

Згора на сето ова добивме и потврда дека во Република Македонија владее информативен мрак. Имено, во синоќешниот втор дневник на Македонската телевизија, текот на седницата не беше јасно прецизиран, иако верувам дека госпоѓа Мирјана Димовска се обиде со крајни напори да ја прикаже јасно состојбата во Македонскиот парламент, но цензурата беше видна од страна на уредниците и за најнеупатените гледачи. А капак на сето тоа стави господинот новинар Горан Хаџивасилев во третиот дневник

Х/7.-

на Македонската телевизија кој од петни жили се обиде да и докаже на Македонската јавност дека политиката што ја води македонскиот државен врв е најисправна и се друго кажано, посебно од ВМРО-ДПМНЕ, само може да ја дестабилизира Македониј *и дека господинот Блаже Ристовски ја искористил говорница за обични лаги и инсинуации.

Затоа, во овој случај им порачувам на новинарите да не ги прекројуваат работите бидејќи сите знаеме дека 45 години упорно се молчеше за вистината на Ченто и неговите следбеници, но сепак дојде моментот тие што ги убија сега со крвави раце да ги рехабилитираат.

Со намера да завршам го. истакнувам и следното, за да не се повторуваме и во интерес на времето, сите критики, забелешки и пред лози на ВМРО-ДПМНЕ се вистина, само би додал една моја забелешка, односно би Ги запрашал носителите на судбината на Македонија:

Каде беше улогата на Службата за државна безбедност? Да им подготвеше терен за настап во било кој крај на Европа и светот. Но, некој намерно ја пушти овде во Македонија да изнаоѓа непријатели, посебно да гони членови на ВМРО-ДПМНЕ..За ова прашање не би требало многу да се зборува отворено, но со ова мое кратко обраќање за улогата на Службата за државна безбедност, во напорот за меѓународно признавање, многу паметни глави ако малку размислат лесно ќе сфатат која е целта што сакам да ја кажам, а воедно и за во иднина ова нека служи како еден конкретен предлог во водењето на надворешната политика.

За да ова мое излагање не го добие стилот на многумина дискутанти од оваа говорница - колку да ме видат на телевизија, покрај претходниот предлог би сакал да отпочнеме едно прашање имено, станува збор за дел од активностите за признавање на Република Македонија.

X/8.-

Предлагам, воедно и барам да влезе како заклучок на ова Собрание, на Европската заедница да и предложиме меѓународен самит или како сакате ќе го крстиме на кој ќе бидат поканети сите научници од светот кои се занимаваат со прашањето за Македонија, исто така историчари од Македонија и Грција, и сите заинтересирани светски историчари. Потоа на тој самит да се отворат архивите од Белград, Атина, Истанбул, Софија, Москва и други центри во Европа и на тој самит во својство на посматрачи да бидат поканети министрите на 12-те најразвиен земји во Европа односно земјите кои директно одлучуваат дали ќе бидеме држава или не. И по тој самит Европските 12-мина да седнат на преговарачка маса и одлучат дали Македонија е Грчка или е Македонија само на Македонците и треба да биде призната како Македонија.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, оваа седница мене лично ми изгледа како судница, а не како седница на ПР Парламент во нормални услови. Еве зошто: на обвинителна клупа се наоѓаат, според пријавата, господинот Киро' Глигоров,прво обвинет второ обвинетиот - министерот за односи со странство господинот Денко Малевски и трето Европа односно советот на 12-мината, а од некои дискутанти и Европа и Четврто, зависи од кои пратеници, одре- дени парламентарни групи.

Според мене, најголемиот виновник во Македонија за оваа состојба е претседателот ан Републиката господин Киро Глигоров. Еве зошто; Поради тоа што истиот, иако јас барем го знам како чесен и поштен и човек кој му служел и опслужил на интересите на овој народ во оваа земја, прифатил после 40 и повеќе години работа со бел образ овде да биде ставен на обвинителна клупа. Нека ни служи на чест!

X/10.-

Второ, виновен е поради тоа што не дозволил во оваа Република од оваа ситуација да не произлегуваат меѓунационални судири.

Трето, што не дозволил да војуваме односно да се бориме со ЈУ армијата.

Четврто, што не им наредил на Европската заедница да ја признаат нашата Република, (во салата се слуша смеење од некои пратени! и маса и маса работи, што под наше влијание, под партиски разговор прифатил да одреди мандатор човек кој ние сме го сакале односно од] дени партии и маса други работи.

Лично сметам дека најмалку сме зборувале за резолуцијата на европската заедница од 27.06.1992 година односно Декларацијата на Европската заедница за поранешна Југославија. Лично сметам, ако некого го молиш не треба и да го лутиш, според тоа, за мене е прифатлив првиот дел на декларацијата каде што приближно се вели дека Европската заедница ќе ги признае, ги признава, ги гарантира границите ан нашата држава.

По однос на втората и другите точки предлагам и сум на мислење да ја замолиме Европската заедница да ја преиспита нејзина' одлука и да ги согледа грешките на нејзината одлука по однос на признавањето на нашата Република под тоа име под кое и таа егзисти

Што се однесува до некои дискутанти, кои не сакам да ги именувам, имаше разни изјави неодмерени спрема групата на пратениците на ПДП НДП, поради тоа што тие се лицемерни, поради тоа што тие досега неколку пати се докажале дека не ја сакаат и ред други лаги односно невистини. Ние веќе албанците кои заедно со групата пратеници македонци партиципираме во овој парламент веќе се научив на разни зборови, меѓутоа, тие ќе ги поднесеме во интерес на оваа заедничка татковина.

X/11.-

Од некои дискутанти произлезе дека сакале и ги молат колегите албанци тие да бидат лојални на оваа земја. Јасно, а и пред јавноста на сите тие колеги им укажувам дека албанците нема да им бидат лојални. ќе бидат лојални на државата каде живеат колку ќе бидат лојални македонците, турците, ромите, власите и другите, а по однос на власта ќе бидат толку лојални колку законите ќе бидат по демократични.

XI/1 сп/вц

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (продолжение)

Ние, односно јас лично Македонија ја признавам и ќе ја признавам како демократска и модерна заедница на рамноправни граѓани и националности кои живеат во неа. Ниту некој со поголеми права и одговорности ниту другиот со помали или поголеми права.

По однос на името - македонец, по мое мислење, јас однапред се извинувам ако грешам сметам дека албанците немаат право да влијаат на името кое, нашите колеги, нашиот македонец го држи и нека го држи, а од нас сигурно ќе има поддршка и треба да се гордее со тоа име.

По однос на државата на која заедно ние сите и припаѓаме нека некој не мисли дека ние ќе го измениме мислењето и ќе бидеме согласни да се измени името поради тоа што никој нема право на промена на името и затоа сметам дека и сега и во иднина би требало да имаме доверба поготово на претседателот на Републиката и да му овозможиме нормален тек на"извршување на Неговите задачи поготово го имаме предвид најавената посета на нашата република на министерот* за надворешни работи на Велика Британија, Даглас Херд.

Што се однесува до признавањето на Републиката ми се чини дека албанците биле јасни и гласни дека не се против признавањето на Република Македонија како држава, меѓутоа како држава на рамноправни граѓани и народи односно националности и се друго и секој кој живее во Македонија, Македонија да ја чувствува како дел од својот живот. Спрема тоа, имајте доверба и не барајте консензус од албанците, туку секој кој ја извршува оваа задача нека мисли прво на себе, а за албанците не се секирајте. Тие сигурно знаат за што да се одлучат.

XI/2

Почитуваниот колега Арнаудов, колку ќе можам во онаа изрека односно поговорка проговори, јас се извинувам и барам однапред извинување ако погрешам кога рече: "тешко е да немаш мајка, а потешко е да немаш и татко, а без татковина не се живее". Јас само би ја продолжил таа изрека со тоа што би рекол таа татковина да биде за сите татко, ако е мајка за сите мајка, а не за некого мајка, за некого маќеа. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценети претседатели, на крај сум како дискутант, не сакам да повторувам, меѓутоа како и обично ќе бидам краток.

Овој Парламент и јавноста во Македонија не може да биде изненаден од однесувањето на пратениците албанци. Од самиот почеток ние сме се изјасниле дека Македонија ја сакаме и како наша држава, како демократска заедница на слободни и рамноправни граѓани. Оттука алузиите на одделни говорници за лицемерство ги отфрлувам со резигнација. За мене постои една дилема кој е лицемерен? Дали тој што се декларира албанец ја брани Македонија или другиот што се декларира проформа македонец ја мрзи Македонија, а ја сака Бугарија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, немав намера да земам збор во расправата која се води еве три дена, но поттикнат од средбите со граѓаните на Македонија и контактите што ги имав во

последните денови сакам да кажам неколку збора без да правам анализа на се она што беше кажано на оваа говорница. Сигурно, сите овде кои вршеа анализа на досегашната надворешна политика во врска со признавањето на Република Македонија сами ќе се преиспитаат преку својата совест за се она што го кажа но и оставам простор нека македонскиот народ суди за се она што е речено тука. Но, морам да кажам дека граѓаните на Македонија од пратениците од македонскиот парламент бараат,во овие моменти, консензус, единство за тоа дека Декларацијата на дванаесетмината од Европа, од Советот на ЕЗ е неправда спрема македонскиот народ кој опстојува и ќе опстојува на овој простор. Сигурно тие велат дека никој нема право да го одзема името Македонија односно да им го одзема правото на идентитетот на овој народ кој живее овде.

Мислев дека расправата многу побргу ќе заврши затоа што јасни се определбите кои произлегуваат од декларацијата на Советот на ЕЗ, а сигурно и она што се случува денеска во демократска Европа сметам дека, ако ЕЗ не најде консензус да не признае како Република Македонија со тоа име кое опстојува, во Европа сеуште има демократски сили кои токму на тие 12-мина кои ја донесоа оваа декларација ќе им кажат каде погрешија и ќе дојде време кога и тие можеби ќе си го коригираат својот став и ќе кажат еднаш дека оваа држава треба да опстои како држава Македонија. Затоа сметам, да не ја експлоатирам говорницата, сигурно по излагањето на претседателот на Републиката да ја прифатиме Декларацијата која веќе ни е понудена од Собранието сепак на Европа и кажеме дека никогаш нема да го прифатиме вториот дел од Декларацијата за името Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

(За збор се јавува Ештреф Алиу, но претседателот го опомена дека нема право по втор пат да се јавува).

Имаме донесено одлука на почетокот дека по втор пат нема јавување

Има збор претседателот на Републиката господин Киро Глигоров.

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Уважени пратеници,

Внимателно ги слушав, еве веќе трет ден, сите говорници. Мислев дека ние сме собрани да ја оцениме Декларацијата на Европската заедница во еден исклучително значаен момент за Републиката, кога нејзиното меѓународно признавање се условува со промена на името

Претпоставував,исто така, дека брзо ќе се согласиме околу суштината на проблемот дека не можеме да прифатиме независност по цена да го загубиме името на државата.

Бев длабоко убеден дека една куса, јасна декларација ќе биде усвоена уште претпладне првиот ден и уште истиот ден ќе прозвучи низ светот како глас на Македонија. Наспроти ова мое залудно очекување првиот ден поминал на комисиите во надмудрувањата околу формулации, точки, запирки, слушам, и да се надеваме дека тоа е веќе напуштено, ќе следат амандмани, вообичаени расправи, реплики. Да не беше реакцијата на Владата и моето обраќање ќе се чекаше еве петти ден од донесената декларација од страна на ЕЗ да се слушне гласот на Македонија. Што е најважно, колку можев да разберам, никој не е против да се донесе Декларацијата и да не се менува името. Сите партии, сите националности

се за тоа. Тоа е еден редок момент на едно општо согласие во една таква важна работа, а сепак не можеме да ги надминеме партиските пресметки. Мислам дека треба токму во овој миг кога се работи за Републиката, за нејзиното име да се замислиме над ова.

Се покажа дека се чекала ваква прилика за да прво, се оспори сета стратегија и политика и се што е досега постигнато, а потоа да се побараат оставки вклучително и на претседателот на Републиката. Всушност сосема се јасни барањата се работи за оставката на претседателот на Републиката се друго е додавка.

Потоа разбравме дека внатрешната и надворешната политика биле поврзани, па штом не не признале, тогаш мора да не чини не сами надворешната, туку и внатрешната политика и обратно. Слушавте, јас не би сакал да ги повторувам сите критики што се набројуваат почнувајќи од констатации за целосен дебакл на стратегијата до разни ситни примери кои не спаѓаат ни во стратегија ни во политика.

Имав впечаток дека секој од критичарите сакаше да каже се што носи во себе си, тоа не е зло. Осудите, прокламациите и о. барањата за нови стратегии беа во прв план, а аргументите на втор. На некои им се чинеше дури не се ни нужни.,На крајот од шумата проблеми што се покренаа се изгуби суштината на расправата. Декларацијата на ЕЗ и нашиот одговор, тоа се чека од нас, тоа го чека Европа, светот, тоа го чека нашиот народ. Тоа е нашата обврска.

Да бидам правичен овој пристап не е нов, во последно време кој и да е проблем што ќе се стави на дневен ред расправата се користи за политички пресметки и пропаганда и затоа Собранието не е во состојба да донесе ниту еден од почувствителните и важни закони. И на тоа треба да се замислиме. Собранието самото себе си си ги врза рацете. Заборави дека

во поделбата на власта тоа е, пред се, законодавно тело, а не орган кој се бави, пред се, и најмногу со расправи за покренати конкретни прашања, разни случки, непроверени работи итн. За формулирање на дневен ред, патем да кажам па дури се подготви и договори дневниот ред потребен е, по- некогаш, и цел ден, а одделни прашања од секојдневниот живот предизвикуваат најблаго речено, полемики, времето минува. Ако се работи, почитувани пратеници, на тој начин системските закони нема никогаш да ги донесеме. Но, да се вратам на прашањето што не беше на дневен ред и што можеше по изгласаната декларација и мерките по општа желба очевидно, бидејќи сите дискутираа за тие прашања да биде ставено на дневен ред и да се дискутира, ако треба, и со денови, да се отвори темелна расправа за стратегијата и внатрешната и надворешната политика, ако е можно, се разбира, така на куп да се расправа како ние што расправаме и да се дојде до некои рационални заклучоци. Јас се сомневам во тоа.

Но, да одиме по ред.

Прво, што беше, почитувани пратеници, наша клучна стратегиска цел на Македонија, на овој Парламент. Слободна и суверена Македонија. Затоа е донесена декларацијата во Собранието до нејзиното остварување низ разни етапи еднакви или слични како и кај другите републики со некои временски разлики редот беше Словенија, Хрватска, Македонија, па Босна и Херцеговина. Сите имаа повеќе фази од лабава федерација, конфедерација, сојуз на суверени држави и на крај самостојни држави. Во програмите на сите партии тоа ќе го најдете. Ве прашувам, дали таа стратегиска цел ја постигнавме? Одговорот е несомнено - да.

Втора цел беше да оствариме сувереност по мирен пат. Ова особено стана важно кога се започна војна во бивша Југославија. Таа стратешка

определба се покажа како клучна и пресудна за опстанокот на нашата Република Имајќи предвид каде се наоѓаме, какви се интересите околу нас и какви спорови се околу нас со децении и колку војни се водени за нас. Таа определба може да се оствари само со ставовите дека сакаме независност во сегашните граници, нудиме пријателство на сите соседи, не сакаме да учествуваме во војната и нема да ја провоцираме Армијата во Македонија, ќе бараме да ја напушти Македонија кога ќе спроведеме референдум и донесеме Устав со што таа веќе нема никаква основа за опстојување во Македонија.

Дали ја оствmember овaa цел почитувани пратеници? Несомнено - да. Притоа го добивме сето оружје на територијалната одбрана што беше под контрола на бившата ЈНА, тоа оружје во целост го повратија само Словенија и Македонија. Тоа оружје е доволно да се вооружи 100 илјадна армија. Меѓутоа, најважно е што знаејќи ја нашата геостратешка положба дека проширување на војната ќе ја загрозеше Републиката, бидејќи Третата армија е една од најопремените во бивша Југославија, тоа е општо познато, ќе предизвикаше огромни жртви, разурнувања и повторно ќе требаше да се бор*ме за ослободување на Македонија. Да бевме приморани, ние тоа ќе го сторевме, а знаеме сите оти тоа ќе значеше нова балканска војна за оваа Република, почитувани пратеници, во ослободителната војна паднаа 20 илјади жртви.

XII/1.-ЈМ/МЛ

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И ќе беше лудост и национална катастрофа повторно да лееме крв за истата цел, да дојдеме до Република Македонија. Кога ги гледаме на екраните борбите во БиХ и во Хрватска, којзнае уште колку животи тие ќе однесат. Сега се расправа за интервенција од надвор под закрилата на Обединетите Нации. Спечалената независност на Македонија по мирен пат ни изгледа како нешто нормално, како од бога дедено, или како што овде беше речено "па тоа е нормална работа" и тоа на овие балкански простори после две балкански војни и распарчувањето на Македонија и сите балкански спорови што постојат. Тоа бараше денонокна будност и ангажман за да не дојде до некоја провокација и грешка се дури не се постигна договор за мирно напуштање на бившата ЈНА од Македонија. Во тој поглед никој не спори ниту во бивша Југославија, ниту во светот дека нашиот пример е единствен во југословенската криза и војна и безброј пати сум запрашуван од новинари, од државници: како се успеа во тоа? Па само сочуваните невини животи и неразурнатите градови и села заслужуваат барем во оваа дебата да беа спомнати како факт. И крајно загрижената критика кога не ги одминува фактите, а такви критичари беа овде исто така, мислам тоа го ценам позитивно особено од ваков карактер побудуваат такви критики доверба и добронамерност без оглед дали се во се во право, или не се во право. А кога тоа не е случај, тогаш звучи како празна фразологија надвор од реалните настани, тоа е таа стара за жал недемократска пристрасна црно-бела техника која не влече напред, ги труе односите и го дестабилизира општеството.

Трето, не дозволивме да дојде до меѓунационални судири. Овде за тоа повеќе соговорници кажаа. Имавме многу спорови, по некогаш и овде жестоки спротивставувања, но останавме определени за политички

XII/2.-

средства во нивното решавање во легалните институции, преку дијалог и договарање. Тој пат е почитувани пратеници бавен, тој не дава резултати преку ноќ, туку бара трпение и толеранција. Но, тоа е единствениот можен пат ако сакаме да го сочуваме мирот, сожителството, стабилноста и иднината на Македонија. Со определба и ставот дека Македонија е држава на сите граѓани и татковина на си- те националности и дека рамноправноста еднаквите права и обврски се темел за заедничко живеење. Со таа политика да прецениме заедно дали ја оствaривме таа цел, таа стратегиска цел? Делумно, или не- целосно нужни се напори на сите заинтересирани натаму да дојдеме во уште подобри состојби. Но, ние не сме ниту Косово, ниту Санџак, ниту било која Краина, ниту БиХ, и Бадинтеровата комисија и Комисијата на ЌЕБС констатираа дека се релативно најзадоволни со состојбите во Република Македонија. Со добра волја можеме чекор по чекор во релативно брзо време да напредуваме во подобрувањето на меѓунационалните односи. Резултат на таа практика е и фактот што сакам со радост и задоволство да го подвлечам пред вас вечерва, а тоа е како се однесуваат пратениците Албанците во оваа тродневна расправа. Јасно и решително застанаа зад името Македонија, се почувствуваа заедно со нас повредени заради тој чин. Овој чин влева доверба. Многумина во очи на заседанието ме прашуваа со страв, доаѓаа кај мене во канцеларија и ме прашуваа дали пратениците Албанци ќе бидат со нас? Им реков дека сум уверен дека ќе се случи тоа што навистина се случи. Довербата се гради. Еве еден камен темелник што го положија Албанциве денес, пратениците Албанци овие три дена. Ред е и ние да положиме некој камен. Така ќе го градиме заедничкиот дом.

Да направам една дигресија. Како што сум информиран господинот Мицотакис кога го образлагал своето барање да не се дозволи нашата држава да биде признаена под името Македонија си дозволил да каже дека

половината од 2 милиони население во Македонија не го сака тоа име, очигледно мислејќи на другите националности. Ете, доби одговор од највисокото тело дека не само Македонците и Албанците пратеници, туку и нивните партии, но и партиите што сакам исто да подвлечам веднаш што реагираа, на Турците, на Ромите што практично значи целото население стои зад тоа име. Тоа е крупен аргумент во натамошната наша борба за нашето основно човечко право да ја викаме државата онака како ние сакаме и на тој начин да го браниме и името на нашиот народ што го носи со векови. До толку повеќе што нашиот народ веќе се изјасни на референдумот за суверена Република Македонија.

Четврто, исправно беше што се одлучивме да одиме на референдум и да донесеме нов Устав. Во нашата деликатна состојба кога можеа да се очекуваат оспорувања на името, на нацијата, правото на самоопределување го искористивме на време и тоа се зема како темелен акт за нашата независност. Да напоменам дека Комисијата на господинот Бадинтер бараше референдум во БиХ и не го призна актот на Собранието на БиХ и нивниот Уставен закон. Сосема исправно постапивме што донесовме таканаречен граѓански Устав. Тој е оценет од Бадинтеровата комисија како Устав кој ги исполнува сите европски норми. Патем да кажам не е точна овде изнесената критика дека Грците барале да го менуваме Уставот. Тоа го бараше Бадинтеровата комисија пред да го донесе својот суд. Со тоа ги исполнивме условите што ги бараше Европската заедница со Декларацијата од 16 декември 19 91 година при што Бадинтеровата комисија констатира де- ка името Македонија не имплицира територијални претензии спрема било кој сосед. Според тоа, дали сторивме се што е нужно за да бидеме признаени како држава? Одговорот е, да. И тоа по господин Бадинтер само ние и Словенија. Беше речено дека ние сме

доцнеле во тие подготовки што не е точно. Се пријавивме на Бадинтеровата комисија заедно со Словенија^ Хрватска и БиХ со тоа што БиХ не ги исполнуваше условите поради референдумот. При пријавувањето на нашиот претставник му е речено дека нашето барање е најдобро документирано. Знам од средбата што ја имав во Париз со заменикот на господин Бадинтер пред извесно време кога го посетив господин Дима, дека биле огромни пресиите, интервенциите, апелите од страна на Грција Бадинтеровата комисија да не донесе таква одлука. И тие ја донесоа таа одлука што покажува дека сепак постојат луѓе во тие европски институции кои одлучуваат според својата совест и според правото на секој народ ако ги исполнува условите да биде независна држава.

Накратко за нашата надворешна стратегија. Нашата геополитичка положба и нашите национални интереси во основа ја определуваат нашата надворешна политика, политичката стратегија. Определбата за меѓусебна поврзаност на внатрешната и надворешната стратегија само по се#е се разбира и од се порано што реков, ќе додадам уште три, четири напомени од кои јасно ќе се види тесната поврзаност на тие две политики.

Прво, секоја земја ако сака мир, безбедност и сигурност таа треба да има добри односи со соседите. Тоа е во голема зависност од односите со соседите и е вистинската стабилност и сигурност ан секоја земја. Во тој поглед со Бугарија постојат сите претпоставки за добри односи. Се надеваме дека оспорувањата околу нацијата ќе бидат превазидени. Со Албанија градиме добри односи, со Србија ќе настојуваме за добри односи. Се воспостави државна граница помеѓу нас во која сега без пречки и коректно се одвива движењето на луѓето и стоките. Со Грција вас ви е многу добро познато од оваа говорница колку пати сме повикале и

предложиле разговори, преговори, контакти на било кое ниво се до највисокото ниво. За тоа не постоеше спремност. Се обидуваа во тој поглед да дојде до контакт и САД и Германија. Вие се сеќавате мојот телефонски разговор со господинот Кол кога тој вети и превзеде на себе да обезбеди некои контакти и да дојде до разбирање. Ниеден од нив во тоа не успеа. Потоа во нашата надворешна политика европската опција е незаменлива. Таа е една наша генерална крајна определба. Ние сме европска земја и како ќе расте бројот на земјите кои се поврзуваат во Европската заедница во разни видови веројатно ќе дојде и до разни регионални сојузи, регионални поврзувања кои сите пак ќе бидат асоцирани,или дел на таа Европска заедница, бидејќи како се зголемува станува се покомплицирано управувањето, одлучувањето во една таква сложена заедница. Видете на еден проблем што се се случи. Утре како таа заедница ќе се шири и какви се проблеми уште ќе се јавуваат и колку ќе се усложни. Според тоа пак во духот на нашите стари заложби на нашите предци. Дали тоа ќе биде балканска асоцијација, уште поширока асоцијација, но секогаш поврзана и ослонета на Европската заедница, во тој заеднички европски дом. Без оглед колку сме лути на Европската заедница ние не можеме да се откажеме од ова и мора да го имаме тоа како една наша трајна определба. Тоа важи и за односите со САД со кои навистина имаме чести, широки контакти и големо разбирање, Канада, Австралија од познатите причини. Тоа се инаку и демократски и мироључубиви земји, земји кои се залагаат за мали народи и со сите тие три земји и заради нашата дијаспора се разбира ние мораме да ги имаме свртени нашите односи и кон нив и да бидеме активни и таму. Потоа Јапан, Кина, земјите во развој, се разбира сето тоа постапно и според нашите можности. Можам да ви кажам како резултат на тие основни определби на нашата надворешна политика и внатрешните промени,

претставата за Македонија во светот е дека се работи за една земја која се определила за демократски курс и за пазарно стопанисување. Никаде ништо друго во светот за Македонија не е речено ниту напишано. Јас го повикувам секој кој може да најде статија во било кој посериозен весник каде што се пишува за Македонија дека не е демократска земја, да ми ја покаже, да ја објави, да видиме каде е тоа напишано и дали тоа постои. Никаде такво нешто јас не сум почувствувал, а илјадници како што знаете написи, па и уводници во најугледните весници за Македонија говореле само добро.

Но, дали јас ја идеализирам таа демократија? Далеку од тоа. Па еве нашиот Парламент, мислам каква е^^нашата демократија веќе овде може да се види колку ние сме усвоиле некои демократски норми на однесување, какво е нивото на нашето политичко однесување . меѓусебно, колку се почитуваме помеѓу себе како личности, како општествени дејатели, како луѓе одговорни пред оваа земја за судбината на овој народ дури сме тука итн. Тоа со разбира е нешто за што сите треба да размислиме. Јас не сум ндаеаков идеалист да мислам дека тоа со некој договор и одлука ќе биде променето, но мислам дека сите имаме обврска во тој правец нашите настојувања да тргнат. Имаме многу добри примери. Меѓу другото и на ова заседание дека може да се разговара на еден друг начин. Потоа, нема никаква смисла сами за себеси да говориме дека надвор не знаат што се случува во Македонија и дека кога би знаеле што се е овде и веројатно заради тоа нас не не признаваат итн.

Почитувани пратеници не треба да ве уверувам дека една Америка со својот огромен апарат на Европската заедница која особено во југословенската криза секој чекор го мери. Бидете убедени дека има јасни сознанија за секоја партија, за физиономијата на секоја партија, за сите лидери на партиите, се разбира и за нас

XII/7 . -

кои сме на определени државни функции. Не треба и не би го правел тоа воопшто да ви докажувам нешто спротивно/ затоа што тоа и не е на крајот на краиштата ниту толку пријатно, но ве поканувам да не го читам јас, уште еднаш погледајте го писмото на претседателот Буш и низа други изјави од Стејдепартментот, од средбите во одделни

земји каде што сме биле што е речено за политиката на Македонија, не говорам на раководството итн., бидејќи овде ја градевме таа политика, што е речено за таа политика, какви оценки се давани и дали таму има било какви забелешки на нас како земја и на личностите кои ја претставувале таа земја.

И сега стигнавме до клучното прашање. Зошто не сме признати на 15 јануари кога ги исполнивме условите и зошто веќе шест месеци трае непрекинатото одлагање на нашето признавање? Пред да одговорам на ова прашање ќе направам една поширока, но нужна елаборација. Најнапред како што знаете се појавија сега поради ова што сме погодени, а ние сме чувствителен народ, емоционален народ, веднаш се почна со викање на Европа, со осуди од една страна, од друга страна колнење во Европа итн. Мислам дека мораме и тие работи да ги анализираме сосема објективно и реално. Само тогаш можеме да видиме како со нашите интереси најдобро ќе се справиме, како ќе успееме.

XIII/1/JJ/OM

КИРО ГЛИГОРОВ: (Продолжение)

Што Европската заедница? Европската заедница е интерес на 12 земји, Она е создадена, пред се, за полза на тие земји, за ширење на нивниот пазар, за нивното политичко економски и секое друго влијание во Европа па се разбира и во светот. Со тој чин, здружувајки ги своите интереси тие направија што направија огромен напредок и станаа, после пореметениот баланс меѓу двете поранешни супер сили, станаа вистински фактор кој што во Европа сите прашања на определен начин ги решава или барем мора да минат низ негови раце, да ги филтрира. Таа не е нити заедница, и ако она има најдобри документи кои што досега се напишани, Хелсиншките документи како основа, Парнската повелба, КЕБС и неговите документи итн. Во нив ние, малите народи гледаме гаранција за нашето опстојвуање, во човечките права, во тоа да бидеме рамноправно третирани со другите народи, да не бидеме хемегонизирани од други, да не бидеме притиснати војно било како друго, бидејќи сите тие документи се ослонуваат на тазсанаречената колективна безбедност, која е определена гаранција за нас, без оглед што сето тоа не функционира така идеално, како што се замислува. Да функционираше идеално, овие војни немаше да бидат. Но, тоа е она што ветува дека Европа не е веќе онаа од 18 и 19 век, дека на еден друг повисок ниво и по други меѓународни норми се трудат да ги уредуваат односите меѓу државите и народите, со се оноа што и понатаму е движечки, така да кажам, мотив на секоја држава, без оглед колку е здружена и поврзана, а тоа се нејзините интереси. Тоа е движечкиот мотор. И не треба таа Европска заедница ниту да ја идеализираме, ниту од друга страна, да мислиме оти таа Европска заедница работи на наша штета и оти таа Европска заедница е една ваква или онаква заедница, која што сака мали народи да пороби итн. итн. Тоа се работи кој што се надвор од

XIII/2

една реална и објективна анализа за состојбите во Европа . Ова ви го говорам заради тоа што случајот со Македонија, расправата во Европската заедница е расправа во интерес на заедницата, каде што како што исправно овде господинот Пановски рече, го постави тоа прашање, при признавањето на било која од бившите југословенски републики не постоеше тоа дека една членка од Европската заедница има некои свој сопствен, дали е оправдан тоа е друго прашање, свои сопствен национален интерес да го попречи признавањето на една држава. Тоа не беше случај ни со Словенија ни со Хрватска, ни со Босна и Херцеговина. Ако тој факт не го имаме предвид, тогаш ние зборуваме за овој проблем без познавање на нашата, без признавање на реалноста и заклучоците ќе ни бидат погрешни. И патиштата ќе ни бидат погрешни по кои ќе бараме да ги оствариме своите права.

Таа заедница, во меѓувреме, во Мастрих склучи договор да одлучува со консензус. Таа заедница, пред се, се грижи за себеси, за својата интерна кохезија, бидејќи сите тие одлуки се условно донесени. Треба тие да бидат потврдени од парламентите или на референдум зависи од законодавството и уставот на секоја одделнаа земја, треба да бидат потврдени за да од први идната година стапат во сила и таа заедница да стане една политичка целина, не само економска. Таа позиција на привилегирана учесничка во спорот со Македонија ја имаше Грција. Тоа е привилегирана позиција, да присуствува , постојано кога се одлучува за трето лице, кое не може да биде присутно тамо, а ти можеш да ја спречиш одлуката која е во интерес на таа страна. Тоа е одговорот зошто шест месеци трае и се одлага признавањето на Македонија. Тие не можат да го симнат од дневен ред. Би сакале по секоја цена да го симнат. Ние мислиме дека е проблемот дали сакаат нас да не признаат. Тоа е непостоечки проблем. Затоа постои

апсолутна согласност, дека ние како држава мора да бидеме признаени. И сега би се состанале, следната недела кога ние би прифатиле да го менуваме името, тоа да се констатира како факт. Ако постојат други причини, тоа не би ни дошло на дневен ред. Според тоа да зборуваме за работите онакви какви се. Сепак се работ за национално прашање број 1 сега за рас, и немојте да ни го помути умот вниманието и одговорноста што ја носиме пред овој народ, да изнесуваме аргументи и причини кои што не стојат, не заради друго мене сето тоа друго не ми пречи,да речам7заради тоа, да не се заблудиме, да го бараме решението таму каде што го нема.

Се поставува прашање од каде тоа право на Европската заедница да одлучува за вакво прашање? . ПОЈШ*Г6 тие работи се решавале со пријава на Обединетите нации. Во случајот на распаѓањето на Југославија, бидејќи се создаде европски проблем, КЕПС го стави на дневен ред и КЕПС ја овласти Европската заедница да одлучи за тоа кои држави ги исполнуваат условите за да бидат меѓународно признати. И мислам дека основната грешка, и мислам дека ние на тоа треба да биеме, незнам дали тоа го забележавте, двапати во моите изјави каде што јас велам и тоа сега наидува се" повеќе надвор на разбирање дека овој случај е погрешно третиран. Европската заедница применува консензус кога се работ за нејзини внатрешни проблеми и нејзини интереси. Тие правила важат како правила за Европската заедница, за се она што неа ја обединува. Во овој случај се работи за трета страна која не е членка, а на која треба да пресуди Европската заедница, при што една членка зазема спротивна позиција. Консензусот во тој случај, по мое длабоко уверување,е неприменлив. И затоа не може да се реши нашиот случај. Мислам дека за тоа ќе мора да побараме повторно од Бадинтеровата комисија и во тој

правец како што и досега, во последно време ги истакнувавме овие аргументи. И тој е аргументот зошто тие не можат да го симнат тоа прашање од дневен ред.

Што е одлучено од страна на Европската заедница? Од страна на Европската заедница е заземен нивни заеднички став дека се спремни да ја признаат Македонија ако го промени името. Тоа не е мандат, како што се вели, ниту тоа нас не обврзува. Да се разбереме, да ја знаеме природата на тој документ. Еве да ви прочитам одноќеска што изјавил портпаролот на Стејт Департманот госпоѓа Тат Вајлер. Ова е веќе во два дена второ јавување на портпаролот во случајот на Македонија, што само покажува понатаму колку тоа прашање станува проблем, јас често пати тоа го нагласувам, морален пробелем, но и политички проблеми и за Заедницата и за другите држави и тоа прашање мора да биде решено. Еве таа што вели? "Ако можете да ни појасните дали САД ја следат неодамнешната одлука на Европската заедница за Република Македонија и нејзиното признавање?".

Госпоѓа Тат Вајнер: 11 За Македонија Соединетите Американски држави ќе не радува да ја изнесам одново нашата политика која што ние ја изложивме без број пати, овдека, од овој подиум. Таа политика спрема Македонија не е променета. Европската заедница изјави на 28 јуни дека е спремна да ја признае Македонија под друго име. Македонскиот претседател ја критикуваше изјавата на Европската заедница и ја повика нацијата за национално единство. САД ги прифаќаат напорите на господинот претседател за одржуваше на мир и стабилност и водење на неговиот народ до потполна независност низ овој процес на договарање. САД продолжуваат да ја поддржуваат Европската заедница во нејзините напори да го разреши овој ќорсокак. Ние сме подготвени да го поткрепиме било кое решение, кое е прифатливо не само  за Европската заедница и

Грција, туку и Македонија. “Гледате дека и натаму во сите истапувања се зборува за Македонија.

"Како што имаме речено многу пати, ние ја понудивме нашата помош на двете Влади на Грција и на Македонија, спремни сме да делуваме за едно брзо разрешување за прашањето за името."

Сега следува следното прашање: "Значи вие не го прифаќате решението на Европската заедница за прашањето на името"? Следува одговор: "Јас ќе продолжам да правам она што ние го правевме досега со ова, не само што е тоа сторено на овој подиум, јас ви напомнувам за јавните забелешки на државниот секретар, кога тој беше пред извесно време во Брисел. Тогаш тој предлагаше да се признае и Македонија, кога го прашаа за ова прашање. Ќе ви укажам на објавените документи, ние ќе продолжиме, повторувам да делуваме со Европската заедница, со Грција, да делуваме заедно со Македонија

Според тоа,не велам дека е ова лесен момент за нас. Ќе имаме уште многу тешкотии, но не е точно дека ни е пресудено дека ова или ќе го примиме и ќе бидеме во некаков изолиран простор овдека, економски и политички и ќе живееме сиромашно, но тоа е само една фаза од тие преговори и напори , а во последниот случај Грција се има наложено со се она што, сосема јасно и отворено го има речено господинот Мицотакис, јас ќе го повторам сега, а вели: "Ја ставив Европската заедница пред следната дилема да одлучи или Грција или Македонија. На оваа страна имате 2 милиони население половината не го сака тоа име, а на оваа страна имате 10 милиони грци кои се ваши сојузници и членки на НАТО". Тоа се односите на силите, тоа се позициите и ние немаме друго, туку да се бориме за нашето право, тргнувајќи од сите тие документи, правејќи напори насекаде, понатаму да ја пробудиме сета јавност, светска, домашна,

европска итн., и со нашата аргументација, која што е јака аргументација да се бориме за нашето право.

Но, морам и нешто друго да ве информирам. Веројатно вие тоа сте го забележале, но мислам дека е тоа значајно прашање, кога говориме за нашите национални интереси. Дали се работи само за името? Дали не е тоа само почеток, после , за една историја, која што треба да се повтори, која доведе до денационализација, асимилација на нашите сонародници во соседните земји и тоа да се доврши, откако ќе се одземе името итн.?Е,таа стратегија, ако е точно, бидејќи во мегупартиските пресметки, како што знаеме на сопствените примери, изгледа дека се е дозволено. А, грчката политичка сцена, многу не се разликува од нашата, ако не е и полоша, уште се расправаат аферите на старата Влада,а сега почнаа и на оваа Влада. И тоа се најважните теми од политичкиот живот покрај ова, Македонија, Турција итн., во Грција.

Господинот Папандреу го вели следното: "Пирова победа на господинот Мицотакис, тој всушност пропушти да сврши две работи, ние дозволивме да се случат. Прво, да се поправи грешката што се создаде Република Македонија 1944 година. И второ дека не смеел господинот Мицотакис да прифати само надвор да носи државата друго име зошто требал да бара да не смее тоа име да се употребува ниту внатре и да не смее тој народ да се вика Македонци. Значи тоа е крајната стратегија, тоа е крајната цел. И имајќи го предвид тоа, мислам уште повеќе нам ни е потребно тоа наше меѓусебно формално, бидејќи интересите ни се исти, сите исто мислиме, сите исти чувства имаме во тој поглед, плус сите националности и мислам што дека е тоа наша обврска во овој миг. Тоа се

XIII/7

почитувани пратеници состојбите и фактите. А сега дозволете уште нешто да кажам.

Разликите мораме да бидеме искрени, отворени, што денеска ги видовме, всушност остануваат разлики меѓу македонците. Тоа би бил знак на зголемена демократичнсот, но само кога би бил во прашање било кој друг проблем. А за ова прашање, се плашам, да не се повтори историјата. Во 1944 година имавме единство и под не полесни услови дојдовме до држава. Сега сме повторно на испит. Успеавме, пак, без оглед на сите разлики, да постигнеме единство на клучните акти, кои ги удрија темелите на независна Македонија, која мора да биде призната. Сега пред прагот, во еден од последните моменти треба да се разделиме, да направиме како што почна да пишува грчкиот печат "Хаос е започнат во Македонија", веројатно ќе прочитате утре или друг ден или пак по ова прашање ќе демонстрираме национално единство и единство на сите граѓани на Македонија.

Јас се надевам дека ќе го положиме овој испит, без оглед на се тоа .што овде се рече. Не смее да НРГ го помати умот желбата за власт. Ќе дојдат избори и шансите на сите се пред нив. На опстојувањето на Македонија не можат и не смеат да се прават политички поени и кариери. Ако бидеме неединствени пред преговорите што ни претстојат, можеме да загубиме се и тогаш се илузорни и желбите на нестрпливите да дојдат на власт. Ќе ја немаме власта. Да се остав на страна партиските нетрпеливости, подметнвуањата, тешки зборови во кои длабоко сум уверен не веруваат ниту самите тие што ги кажуваат, тргнувајќи од грозното правило, за да се постигне целта оправдани се сите средства и да се негира постигнатото, да не се гледаат опасностите од дестабилизацијата на државата, од проширувањето на војната од губење на самостојноста итн. Тие методи му припаѓаат на најмрачното европско минато. Денешна Европа е Европа

на договарање и кога изгледа дека поставува диктат, остава отворена врата за дијалог и навестување за да се најде некое решение зашто само така може да се живее. Основното правило во демократијата е компромиси и разбирање. Секој има во по нешто право и никогаш не е вистината само на едната страна. Тоа се стари аксиоми, како да кажам и треба да се потсетиме на нив. Наместо да најдеме решение ние сме упорни во разурнувачката критика а не предлагаме алтернативна стратегија. Јас неа за жал не ја чув, но уште еднаш внимателно ќе барам да се извадат сите понудени предлози од сиот стенограм и да презентираат на Владата, на Министерството, на мене за да може да се искористи се од оваа наша расправа, тродневна што е рационална, а тоа сигурно  го има. Но тоа што нема некоја јасно оформена алтернативна стратегија не е така да кажам слабост на критиката и критичарите, затоа што сегашната стратегија која обезбеди мир и стабилност самостојност и суверенитет на Македонија во основа се покажа  успешна. Ако мислевме дека секако досега ќе ни оди по лој да не влеземе во војна, да си оди бившата југословенска војска, сериозно да не се нарушуваат меѓунационалните односи, широко да се афирмира Македонија во меѓунационалните односи. Ако мислевме дека и признавањето ќе дојде само по себе бидејќи ги исполнивме сите услови,  е тоа е нашето опкружување тогаш тоа е наша илузија. Ако не можеа да се постигнат целите од претендентите на оваа земја преку вовлекуваше во војната, преку пуч кој можеше да го изведе армијата преку ноќ

XIV1/пј/см

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (Продолжение)

...како бевме без ништо во рацете. Или да се предизвика меѓунационален судир, сега последната шанса ја гледаат преку непризнавањето на Македонија, преку одолговлечувањето, поправо, признавањето мора да дојде. Одолговлечувањето е шанса да дојде ,до внатрешни превирања, до судири и по тој повод да дојде до нестабилност на Македонија да можат да се вмешаат оние кои постојано ја кроеле судбината на овој народ. Тогаш ќе ја бараме Европа, Европа ќе дојде посвестум откако овде ќе дојде досието она што сега го гледаме во Сараево. Тоа е последната битка пред да се признае реалноста која е непобитна, зашто ние опстоиме имаме држава, сами си ги контролираме границите и се друго. За тој последен чекор последна битка како некој да губат здив или почувствуваа сега е можеби шансата за нешто друго. Како да не ги гледаме сеништата на историјата дека можат повторно да бидат тука. Дека се можеби денес меѓу нас, наместо ние да го окуражиме народот наш во овој миг, мислам дека тоа е наша должност, а не да сееме неверици или очајувања. А мислам дека народот поздраво реагира на овие работи отколку ние што правиме. Бидејќи тој народ е со право загрижен за судбината на својата држава, наша е должност да се договориме за идното дејствување, да настапиме заедно пред преговорите што не чекаат. Овде се случи познат историски образец, од нашата, за жал сопствена историја. Гледаме како да го повредиме достоинството, она што се вели атхоминен, тоа да ни биде главна мета. Како да го продлабочиме јазот меѓу партиите. Како да го извалкаме секој кој не е со нас и не е спремен на такво нешто. За да се претставиме само ние за да се претставиме како национални бранители. Но

јас сум длабоко уверен дека сето тоа е пак пена од разбранетото море, излив на нашите страсти и нашите:емоции, нашиот бурен темперамент, типичен за нашето поднебје, кој во историјата токму заради тоа дали ќе дава големи културни вредности, но на тој начин не се води држава, не се води државна политика, па затоа ве молам да ги смириме страстите, да не мисли некој од нас дека има волшебно стапче во џебот. Градењето на една политика е макотрпна работа која бара да се знаат многу нешта, трезвено да е анализираат и систематски да се гради синтеза која ќе може да ја издржи т пробата на времето.

Нашиот народ сето ова го гледа и нема, верувам никому да прости за нашите кавги во време кога треба да се покаже смиреност, реална проценка на ситуацијата и промислени чекор јасно е да ги собориш фигурите на шаховската табла, треба да ја добиеш партијата.

Ми остануваат уште две кратки прашања и ве молам за уште кусо внимание. За личните навреди ме прашаа дали ќе одговарам, одговарам на се што беше речено, а тоа беше многу речено еден  цел куп навреди и дали ќе одговарам, очекувајќи дека ќе го сторам тоа. Не, не само заради функцијата но и заради карактерот на навредите полни со инсинуации, невистини и полувистини. А во животот сум се уверил дека најопасни се полувистините. Тие можат да го заварат човекот, вистините, многу бргу се откриваат.

Апелот на господинот Стоиле Стојков добронамерно го сфаќам и прифаќам и тоа е една од причините да не одам во анализа на се тоа што беше речено. Исто така, Не сакам да се бранам и не ми паѓа на памет да го докажувам мојот патриотизам или некој да ме брани, благодарам. За сите нас други ќе кажат кои, што сторил

што згрешил но со други критериуми. Тогаш зборот ќе го има историјата која има таканаречен научен инструментариум. А наврeдите и ова се овде што. беше изречено ќе биде знак на времето на навиките, на луѓето и затоа сум спокоен.

Сега е опасно да се чукаме во градите кој е поголем патриот. Зашто, тоа во вакви времиња знаат да ги прават и луѓе кои најмалку сториле за Македонија. А, со напади на други луѓе не се докажува патриотизмот. Патриотизмот е вистинско интимно чувство на секој човек кој кај правиот патриот^се пројавува во моментот кога треба нешто да се стори и да се помогне на татковината. Тоа треба да се докаже со чин. Но, ме загрижуваат две работи, тежината на зборовите. Зборот некогаш може да биде тежок како секира. Англичаните велат дека треба да се економизира со зборовите, а ние .медитерански менталитет обилствува. со борови и нешто кога сака да каже малку му е, едно, второ, трето објаснување, епитети итн., и бара најтешкото и најгрдото да го каже за да биде поубедлив. А познато е пак од таа стара англиска мудрост, искуство дека правиот збор кој директно ја одразува вистината никогаш не е жесток и тврд. Но, второто односно втората моја импресија е уште потешка. На мигови имав впечаток дека се враќа оној наш национален нихинизам. Секој против секого да се судриме, да се обидеме ако не можеме во овие времиња физички да се истребуваме како некогаш што било меѓу поделените македонци во софиските улици и по Европа во Беч и другите градови, тогаш ова време, се надевам, не го дозволува тоа, не сум до крај сигурен, но барем можеме да преминеме ка духовни атентати, да обезличиме луѓето и да дојдеме во ситуација кога

никакви вредности не постојат се е под знак прашање, а сакаме да градиме правна држава и неа да ја почитуваат граѓаните и во своите институции нешто да гледаат итн.

Сосема на крај, последното односно пред тоа, се извинувам, реков дека нема ни на една навреда да одговорам сакам само уште V еднаш пред нашата јавност, си дозволувам да прочитам одговорот на пратеникот господин Арсов еден мал пасус, секој граѓанин во Македонија да го чуе и ги молам средствата за информирање ако можат да го објават повторно тој дел за да може секој да со прочита во кој се вели: "Претседателот во Републиката за краткото свое владеење успеа да го згази моралното достоинство на Македонецот, а Македонија да ја направи земја на која веќе и се потсмеваат и ја сожалуваат". Би сакал за ова да помисли кога ќе го прочита или чуе секој граѓанин на Македонија и во себе да си донесе заклучок. Не сум, и тоа сакам јавно да го изјавам против ниедна партија, сакам секоја со својата програма и со се она што во ред на нештата во една демократска атмосфера да се води чесна борба на мислењата. Најмалку сум против оној огромен број луѓе што гласале, длабоко сум уверен од патриотски причини за Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, не ги окривувам пратениците, па ни жестоко говореа, а не одеа на лични навреди. Ова се однесува само на оние кои беа заслепени во своите говори со страста да треба да се понизи човекот. А тоа е недозволено.

На крајот сакам да се искажам и за барањето од повеќе пратеници овде и соопштението и на некои партии дека претседателот на Републиката треба да поднесе оставка. Навредите моралните и другите притисоци не

можат да бидат повод за оставка. Доволно сум одговорен човек во овој миг на таков начин под такви притисоци тоа нема да го сторам повеќе заради тоа и најмногу заради тоа што се пред тоа што кажав, што беше преглед на остварувањето на нашата стратегија, тоа не го бара и не го дозволува. Но, не го спорам правото таа оставка да се побара од страна на оние кои сметаат дека тоа е нужно да се направи и тоа може да се стори на два начина.

Првиот начин соберете ги потребните потписи во овој . . Парламент, тоа не е тешко и побарајте Парламентот да се изјасни по тоа барање и тогаш јас сум разрешен од таа одговорност.

Второ, а ова сфатете го како мој официјален предлог втор начин тоа е, ако можам да помогнам во тоа барање, имено, изборот на претседател е скоро до крај регулиран со Уставот на Република Македонија. Треба да се донесе еден мал закон од десетина членови за нужните технички норми околу изборот. Слушнав дека таков предлог е изготвен и предлагам уште идната недела по итна постапка да се стави на дневен ред и да се донесе и веднаш да се распишат во најкус можен рок што го дозволува Уставот избори за претседател на Републиката. Ете шанса со тоа партиите во Парламентот и оние надвор од Парламентот, личностите кои се овде или се надвор од оваа сала да ги остварат своите шанси и своите желби.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Се договоривме во оваа расправа нема по два лати да се јавуваме и тоа е одлука на Собранието.

XIV/6

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи сум прозван само два збора^ќе кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не сте прозван, прозван е само господинот Арсов., ако тој сака може да се јави за збор. Вие господине Котевски не сте прозвани и не ви давам збор. Инаку, може да се договориме за тоа кој е за по втор пат да се јави за збор. Можеме да гласаме за тој предлог. И нека крене рака.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе на Собранието,јас навистина се извинувам, не сакам да ја злоупотребам говорницата/ јас во моето излагање имам потполн легитимитет и потполно право да се произнесам на оваа говорница. Јас претходно се произнесов, но во одењето на мојата столица таму каде што седам господинот претседател Киро Глигоров ми го постави следното прашање. Ги затоа јавно да одговорам. Дали сум јас македонец? Не му должам никаков одговор на господинот претседател, дали сум македонец. Не му должам никаков одговор на господинот претседател дали сум македонец, а во неговата суета се сомневам, затоа што големите луѓе во историјата склони се да простуваат а не да се светат. Јас не сум осветник ни по душа, а она што го мислам и она што го сметам аналитички сум го проценил и го изнесувам овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Котевски, од вас зборува гневот. Пуштете сега. Дајте да расправаме и ве молам сите да се вратите на местата.

XIV/7

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Сосема ми е јасно дека тука на демократски.;,начин не можеме да се заштитиме, па барам Собранието тоа неопходно да го обезбеди, на начин исто така кој ќе ни прилега. Но, на сила да се излезе на говорница, а на друг да не му се даде збор не;треба да се толерира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мене ми преостанува само да ја прекинам седницата и ништо друго.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас се јавувам прв пат за збор, нема да одолговлечувам ќе кажам само неколку збора што навистина не погодија во излагањето на претседателот, а кои што кажа дека страв за Македонија е да почнеме да изнаоѓаме начини како да се уништуваме, а тоа е духовното уништување. Би сакала да напоменам нешто што навистина ме погодува и што навистина ми смета многу кога се движам 4 по улиците јас сум одбележана како врховист и како член на една . .. партија која што е бугарофилска, а која што е наметната лично од господинот Тито Петковски на оваа говорница и јас ви се молам тоа само доведува во ситуација еден човек да размислува како на него да му врати. Тоа е болката на македонскиот народ и јас ве молам од сега натаму на оваа говорница не се изговорува зборот бугарштина, зборот србизам, зборот грцизам или незнам што друго. Тоа е болката на нашиот македонски народ. Јас го молам господинот Тито Петковски да не зборува во таков дух. Тој истото таа го зборуваше пред два дена к овие два дена размислувам дали тој сега работи за оската север - југ, затоа што мене ме навредил дека работам за оска Исток - Запад. Нашата оска е центарот во Македонија.

XIV/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент, ќе му дадеме збор на Тито Петковски бидејќи тој сега е лично прозван. Јас морам да ви кажам .апелот на госпоѓата Лазаревска е правилен и треба да се "поддржи, само ве молам треба и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ први да се држат за тоа како и другите што треба да се држат, затоа што не е еднаш јас лично овде сум прозиван за незнам какви се глупости, па Тоа не е точно. Или, вие пак можете да лепите етиќети секакви на луѓето, а само никој не смее вам да ви одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, предлагам да се објави стенограмот од мојата дискусија каде госпоѓата Лазаревска најде дека:јас ја етикетирав ВМРО-ДПМНЕ како бугарска партија или бугарофилска партија. Молам, за средствата за јавно информираше заради македонската јавност и вистината да се објави интегралниот текст на мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборевте еднаш, партијата се спомна и дали сите 37 ќе дојдете на говорница?

Молам, господинот Арсов беше спомнат и му даваме збор.

XV/1 сј/вц

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина ми е непријатно да му реплицирам на господинот претседател на Републиката, не очекував дека тој токму ќе го посочи тоа место и дека ќе го посочи моето име. За мене големо нарушување и згазување на моралното достоинство е тоа, а не е видено нигде во ниеден парламент претседателот на Република да V го напаѓа прво Парламентот, да ги напаѓа народните пратеници тоа е едниот момент.

Вториот момент да го потсетам претседателот на Републиката кога го згази моралното достоинство на македонецот, тоа беше кога не ја изрази спремноста по првите парламентарни избори да ја дели власта со победничката партија, дозволи тоа право кое право го извојува пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и која што имаше право да учествува во поделбата на власта тој тоа право и го оспори на партијата и формира влада која ја довери на левите. партии и со тоа ја суспендира младата демократија во Македонија и на тој начин изврши пуч врз таа млада македонска демократија. Господине претседателе со таквиот пуч врз македонската млада демократија вие ја запечативте судбината на демократијата на Македонија и на тој начин направивте нашата земја да биде земја на која и се потсмеваат и ја сожалуваат затоа што таа во светот не претставува демократска земја која изрази спремност да ја дели демократијата заедно со оние партии што поинаку мислат и што се со поинакво политичко убедување.

**БОРКО ГОРГЕВСКИ:**

Се јавувам прв пат, тоа е сигурно гарантирам, може да провери претседателот .Нема да критикувам никого, реплики нема да давам на никого, но и јас би рекол дека проклетство е ова за македонскиот народ што

сами со себе се уништуваме.

Нешто јас би спомнал за оставката на господинот Денко Малески. Ми се чини јас како човек го почитувам и големо зло му правиме, многу лоша услуга нему му правиме. Читав доста телеграми испратени со доверба да не си дава оставка. Слушав доста предлози од тука од парламентот да не дава оставка. Тоа е најголемо зло на еден човек што може да му се направи ако тргнал по еден пат што прво некој го натерал, увидел дека способностите му се толкави и самиот во излагањето го рече вчера дека повеќе не може ништо да стори од она што сторил и си дава оставка. Затоа ако присилно го натераме пак да остане на исто место тоа е како некој човек кој тргнал по нешто го вратиме назад тој само ќе се измачува себеси, ќе ја измачува фамилијата и сите околу него. Овде ќе му направиме лоша услуга нему како човек што тој вистина си ја проценил можноста односно ја оценил можноста своја до каде може да достигне и достигнал и тие се негови врвни достигнувања и осетил дека не може ништо повеќе да даде од она што го дал затоа и се повлекува. Ако ние му направиме сега лоша услуга да не се повлече, да го натераме. Пак во едно зло со тоа правиме три зла. Едно за него како човек, го уништуваме неговиот морал што сакаме да го втурнеме уште во поголем срам односно во грев, го уништуваме моралот на името македонско што тој веќе во говорот негов кажа и се замери со Европската Заедница така да сега и Европската заедница спрема него нема да има респект, а со тоа му правиме зло и на македонскиот народ односно на Македонија и името на Македонија. Тој веќе во сукоб влезе со ЕЗ. Сега тој веќе нема перспектива понатаму. Затоа човекот сето тоа го увиде и си ја дава оставката. Ако ние го натераме насила на тоа да ја повлече оставката тогаш верувајте му правиме големо зло. (реакција во салата од пратениците).

Второ, дозволете, имам уште неколку збора, слушнав вчера големи увреди спрема човек било кој се рече “јудини бакнежи" никогаш не се сложувам да се навредува една личност, било која, зошто ќе ви кажам. Некогаш навредите се враќаат како..бумеранг. Зошто тоа? Господинот Блаже Ристоски не е тука, не би требало да зборувам штом не е тука, сепак кога веќе спомнав ќе довршам беше наречен "јудини бакнежи" Ако не е вистина тоа што го рекол за господинот Денко Малески, ако не е вистина велам, а тие најубаво самите си знаат, ќе ги гризе совеста кој е во право и кој не е, тоа веројатно слушнал и друг и другите ја знаат вистината, ако не е вистина пак пак повторувам што го рече Блаже Рисовски тогаш тие тешки зборови што беа изречени за него не би рекол пак да му прилегаат, но би бил предавник. А ако е вистина тогаш е она што го спомнав бумеранг. Ако е вистина тогаш господинот. Денко Малески е навреден со тие зборови дека е јуда. Затоа да се контролираме малку да не втрчуваме со такви навредливи зборови. Господинот Љубомир Поповски да речам, не би требало уште еднаш да се служи со “јудини бакнежи" затоа што едниот кој е во право е наречен како. "јуда", наречен е, макар и да го заслужил не би требало со тие зборови да се нарече.

**СТОЈАН АНДОВ**

Ве молам, јас прашувам се има ли намера па се изјасниме по Декларацијата и да ја донесеме? (Пратениците се согласуваат за тоа) . Ако се има намера треба да одиме на тоа.

Минуваме на Декларацијата.

Ве известувам дека надлежните комисии дадоа забелешки на текстот на Предлогот на декларацијата. Врз основа на овие забелешки и

предлозите на декларациите поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратениците Љупчо Јакимовски, Тодор Петров, Владимир Голубовски изготвен е нов текст на Предлог Декларацијата со кој се согласила Владата на Република Македонија. Предлогот на Декларацијата ви е поделен.

Во меѓувреме Предлог на Декларацијата поднесоа независните пратеници Димитар Трпеновски, Ефтим Манев и Тодор Петров, и таа ви е поделена и доставена е до Владата на Република Македонија. Со оглед дека оваа Декларација е доставена по изготвувањето на новиот текст на Предлогот на Декларацијата предложено е од Владата... (независните пратеници ја повлекуваат Декларацијата) ја повлекувате? добро,

Законодавно правната комисија поднесе амандмани со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се вградени во новиот текст на предлогот на Декларацијата освен со амандманот поднесен на насловот,

Пратеникот Мухамед Халили поднесе амандман на точка 3. Пратеникот Наќе Стојановски (пратеникот се откажува) се откажува а во ред . Шабан Превала поднесе амандмани за промена на местото на точките 1 и 2 и на точка 6 на новиот текст на Предлогот на Декларацијата. (Шабан Превала го повлекува амандманот). Молам, сите ли ги повлекуваат? Добро, а Халили? Добро.

Продолжуваме со претресот,

Дали некој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Без разлика што предлагачот на амандманот господин Мухамед Халили го повлече пред малку својот амандман бидејќи тој беше поделен

на пратениците..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не расправаме по амандманот, нема предлог

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Добро, ќе дискутирам по друг основ ќе дискутирам тоа што сакате да ми го скратите, за Декларацијата. Прво да констатирам дека во овој македонски Парламент јас како македонец немам под еднакви права со другите пратеници во искажување на својата волја и своите иницијативи. Затоа што на Комисијата и тоа на трите комисии кои што се одржаа истовремено мене ми беше побарано моите предлози да бидат безимени за да можат да бидат прифатени. Тоа беше кажано на очигледно на сите членови на комисиите и на средствата за информирање каде што пратеничката група на ПДП и НДП се бараше -дека може да го прифатат предлогот ако е безимен.

Друго, и покрај тоа, инаку не би инсистирал, што сум убеден дека Предлогот на Декларацијата е поквалитетен или барем беше во таа фаза на донесување по квалитетен од предлогот на Владата, се постапи на начин кој што беше диктиран од позиција за на предлагачот односно и од други мотиви кои што имаат политичка димензија. И, на тој начин не ми беше рамноправно од фактот што сум еден пратеник и затоа што сум македонец по националност да ги имам истите можности во овој македонски Парламент. Во знак на протест ја повлекувам својата Предлог Декларација. (реакција на пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина, овде се има политички мотиви, нема само еден предлог. Се штос е работи се разбира е политички мотивирано.

XV/6

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ;**

Јас не сум рекол дека ја повлекувам. Извинете. Во точката 3 има една невистина, ако ни сме меѓународно признаени, тогаш не бараме признавање, таму така пишува. Тоа е иста теорија на Црна Гора дека Србија не треба да бара признавање бидејќи е признаена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на точка 3.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Дозволувам дека не сум сфатил прецизно, меѓутоа јас сфатив дека амандманот на декларацијата е затоа што се заклучило дека од тој дел на текстот дека произлегува дека ние не бараме признавање затоа што сме,веќе признати. Прво, тоа образложение не одговара на образложението прилог на амандманот, па затоа не може да биде прифатено на тој начин. И второ, извадено од контекст покрај другите аргументи овој аргумент е вклучен и голем пропуст е во процедурата на барањето за признавање на Република Македонија што не се повикало веќе на вложениот суверенитет во изминатиот период, заради тоа што членките на Европската заедница и самите се членки на Обденетите нации, па оттаму произлегува нивната обврска да не признаат како обврска, заради тоа што припаѓаме на институција чии правила мора да ги почитуваат. И ве молам заради тоа треба да се дозволуваат демократски расправите да се довршуваат до крај за да не може да се манипулира со полувистини. И тоа беше дел за она што сакав да реагирам по излагањето на господинот претседател, но се повлекувам во делот на внатрешната политика каде што не можам процес на признавање кој што може да прифатам во вакви

моменти еден паралелен процес да се одвива внатрешната политика да наметнува одредени правила на однесување кои што се спротивни од парламентарниот повеќе партиски амбиент во република Македонија, барем така треба да функционира.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Еве сега посмирено тебе да ти објаснам тебе, јас не сакам како Република ние да испаднеме смешни пред Европската заедница, зошто да бидеме смешни кога можеме и да не бидеме. Ако вака стои точка 3 тие ќе ни речат тогаш кога вие сте признати што барате од нас, а ние сега донесуваме Декларација затоа што не сме .признати. А, твојата теорија ти тука што ја браниш, тоа е теорија на Србија и Црна Гора дека ние не треба да бараме призвание. Ние сме признати. Затоа јас точката 3 ја оспорувам и не ја прифаќам.

XVI/1 ЛК/лј

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (реплика)

За да нема дилема дека во својот предлог Декларација барам или не барам да бидеме признаени, ќе ја прочитам, бидејќи е куса, една страница. Тоа е мое право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, амандманот е на расправа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи се спорам со една невистина

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (**од место)

Тоа не ви треба воопшто и не сакам да ве слушам.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

"Собранието на Република Македонија ја прифаќа гаранцијата за неповредливоста на границите на Република Македонија од страна на Европскиот совет на Европската заедница согласно Повелбата на ООН и Париската повелба.

Собранието на Република Македонија не прифаќа Република Македонија да биде признаена под било кое друго име освен под постојното историско име. Собранието на Република Македонија и натаму бара и инсистира од Европската заедница и пошироката меѓународна заедница Република Македонија да биде меѓународно признаена.

Конференцијата за Југославија, констатирајќи во своите документи дека сите републики на бивша Југославија се нејзини рамноправни наследнички и го призна статусот на -сукцесор на Република Македонија.

Легитимноста и оправданоста на своето бараше Република Македонија го доби и официјално со извештајот на арбитражната комисија на конференцијата за Југославија на Европската заедница, во кој е заземен ставот дека Република Македонија ги исполнува условите од насоките за признавање ан новите држави во Источна Европа и во Источна Европа,

XVI/2.-

Советскиот Сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Европската заедница на 16 декември 1991 година, како и дека употребата на името Македонија не содржи какви и да било територијални претензии кон друга држава.

Признавањето на Република Македонија е обврска на Европскиот Совет на Европската заедница, која произлегува со членството на нејзините членки во Обединетите нации. Бидејќи Република Македонија со пренесувањето на дел од својот суверенитет во ДФЈ, ФНРЈ, и СФРЈ, врз основа на правото на самоопределувањето е меѓународно признат субјект со јасно изразено име, признато име, суверенитет и територијален интегритет.'

Со ирационалното барање на една членка на Европската заедница, меѓународното признавање постојано и неоправдано се оддолжува, поради што Европскиот совет на Европската заедница ја презема одговорноста за големата неправда која со тоа му се нанесува на македонскиот народ, а воедно ја презема одговорноста за мирот и стабилноста на овој регион.

Господа, после ова можеме само да констатираме дека секое однесување деновиве овде во Парламентот беше лицемерно да судиме за моралните вредности на тие што така се однесуваат.

Ве молам, да одиме понатаму.

Реплика бара господинот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ако некој е лицемерен во оваа сала и во цела Македонија, тоа си ти. (претседателот се обидува да го прекине начин на дискусија со зборовите "ве молам, немојте така, немојте со такви обраќања") .

XVI/3.-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи учествував во работата на Комисијата на заедничката седница, морам да кажам дека ние и Комисијата за надворешни работи, меѓутоа и останатите две комисии кои држеа заедничка седница се соочија со навистина една сериозна задача пред себе, бидејќи на масата имавме шест или седум предлози на различни текстови на декларации .Во основа, елементите беа во сите истоветни, главните поенти беа во сите содржани и ние во извештајот исто така рековме дека сите Тие предлози на некој начин се содржани во овој дефинитивен текст и во голема мерка придонесоа за зголемувањето на неговиот квалитет

Морам да кажам дека се надевав, ако веќе еден ден моравме да изгубиме со работа во комисиите, барем овде во Собранието ќе биде олеснета задачата и ако го имам правото како претседател на Комисијата за односи со странство да се изјаснам по овој амандман на пратеникот Мухамед Халили, би кажал:

Прво, целиот член 3 има една основна порака, а тоа е дека врз основа на документите усвоени на конференцијата за Југославија за сукцесијата, Македонија е еден од сукцесорите на поранешна Југославија, автоматски во голема мера е стекнат и статусот за меѓународно признавање. Тоа беше поракатa, меѓутоа, јас се согласувам дека овде има една не докрај прецизна формулација, а тоа е дека е веќе меѓународно признат субјект и мислам дека само со испуштање на зборот "признат" туку дека е "меѓународен субјект" со јасно изразено и признато име, суверенитети територијален интегритет" ќе го надминеме свој спор мислам дека ќе бидат задоволни и двајцата пратеници кои во неколку наврати реплицираа.

XVI/4.-

И повторно би апелирал, дајте барем на крај, до сите овде присутни, да најдеме сили што побрзо да дојдеме до оваа декларација и да Ја усвоиме по моја желба едногласно.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Прво, мислам дека амандманот на пратеникот Мухамед Халили не е прифатлив. Има повеќе образложенија и не е убедителен.

Второ, правилно стои во точка 3 декларацијата бидејќи ние сме меѓународно признати од одредени држави.

Трето, формално правно процесно не е пропишана постапката за меѓународно признавање. Овде се работи дека не сме признати од Европската заедница како асоцијација, ние можеме признати од Обединетите нации од оваа Европска заедница да не бидеме. Затоа воопшто не држи предлогот за никаква измена, туку правилно си стои "меѓународно признати", тоа треба да стои, бидејќи утре во првиот повоен устав на Македонија се вели дека Македонија се конституира како држава во Сојузот на државите на Југославија. Ние сме го имале тој субјективитет. Меѓутоа, се обраќаме до Европската заедница г која како асоцијација не не признава, а поединечно може луѓето да не признаат, затоа, не држи предлогот, правилно стои точката 3 и треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, внимавајте овде на амандманот и еден, предлог на господинот Црвенковски и да видиме дали тој може да помогне. Изгледа тоа е едно добро решение. Господинот Халили излезе од салата не може ќе да го консултираме, но сеедно. Иако, се работи да се брише зборот "признат" а да остане "меѓународен субјект со јасно изразено и признато име".

XVI/5.-

Значи, амандманот на Халили само делумно се прифаќа со оваа измена.

Кој е за тоа, молам да крене рака. (Повеќе пратеници креваат рака но, господинот Голубовски бара збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Да кажам нешто процедурално. Ние како да сакаме да се направиме дека ништо не разбираме амандманот усмено што беше даден не може да важи. Мора да важи следната содржина на амандманот. Ја чистам: "Собранието на Република Македонија донесува декларации кои ја изразуваат волјата и согласноста на сите пратенику а не партиски декларации, со оглед на фактот дека точка 3 од Декларацијата е препишување на Предлогот декларацијата на Владимир Голубовски, предлагам истото да не прифаќа", а за што вие сега гласате. Тоа е спорот на амандманот, а не содржината, ние немаме амандман го имаме ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, имаме амандман.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ**

Процедурата во Собранието не дозволува Бранко Црвенковски да поднесе, непосредно сега амандман, уште поконкретно, во рамките на Комисијата за надворешни работи. Прво треба да држи состанок, да го спази рокот, непотребно на говорница не се поднесува и не може да биде предмет на гласање. Може да биде предмет на гласање само амандманот што е поднесен кој го дискутираме, бидејќи понатаму вели - меѓународно признати ние сме од одредени држави одредени партнери. Меѓутоа, сметам дека треба да се стави на гласање, усогласениот текст на Декларацијата и посебно амандманот, а не ова делумно уфрлање, само иницијативно наместо како комисија.

XVI/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

После толку многу породилни маки за оваа Декларација, мислев најдовме еден излез.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

По се изгледа сакаме "да правиме Бајрам со себе". Многу е лесно ние да напишеме дека сме меѓународно признати. Немам ништо против зошто сите се залагаме за тоа. Меѓутоа, сметам дека е исправно решението кое го нуди господинот Црвенковски, дури е исправно, тоа е правата состојба и така треба да се прифати.

И уште нешто друго. Незнам зошто се вжештува атмосферата при крајот и зошто се воспоставуваат некои непријатни односи. Овде испаѓа дека предлагач на Декларацијата е пратеникот Голубовски а предлагач на амандманот Мухамед Халили. Познавајќи ги процедуралните постапки испаѓа дека пратеникот Голубовски мора да се изјасни дали го прифаќа амандманот на пратеникот Халили или не. Овде нема што да прифаќа пратеникот Голубовски или да не прифаќа. Овде Собранието ќе се изјаснува. Мене воопшто не ме интересира за судбината на амандманот на пратеникот Халили. Јас сметам дека исправно и излезно решение е предлогот на пратеникот Црвенковски и како таква Декларацијата да се прифати. Да не чекаме, оти и така доцниме.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: ( од место)

Треба да се констатира дека нема таков амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот па Халили го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(8 пратеници креваат рака).

XVI/7.-

Според тоа, амандманот на пратеникот Халили не е прифатен. Сега имаме предлог во текот на седницата овде даден усмено.. Тоа е можно ако Собранието прифати да дадеме усмен предлог тука. Затоа: го давам на изјаснување. Дали интервенцијата; на господинот Црвенковски да ја дадеме на изјаснување; имаме право да ја третираме како амандман, кој е за тоа молам да крене рака. (55 пратеници креваат рака) .

Тие се согласни да гласаме за предлогот.

Кој е против? (11 пратеници) -

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Констатирам дека сега е овозможено овој предлог да го третираме како амандман.

Амандманот гласи:

Во петтиот ред каде што стои "е меѓународно признат субјект" сега се менува и гласи: "е меѓународен субјект со јасно изразено и признато име".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, ако го земете Уводот на Декларацијата се. вели: "Расправајќи по Декларацијата на Европскиот совет на заедницата за поранешна Југославија", овој текст има смисол само Европската заедница што расправала за поранешна Југославија и ако појдеме од почетокот на точката 3 вели "од моментот кога создаваме држава уставно", Македонија како Република првпат пренесува државност во Федеративна Демократска Југославија,, па доаѓа Федеративна Народна Република Југославија и на крајот доаѓа, СФРЈ. Одредбите на Уставот јасно говорат дека сите републики како конститутивни елементи за состав на оваа држава имаат државност и кога говориме за сукцесија, ако оваа одредба ја нема, тогаш

самите треба - да си ги одиме отсечеме нозете на кои стоиме, да учествуваме рамноправно, во автоматски добивање признание. Ние сме таму, тој. Устав е признат, како таква држава сме признати и републиките имаат државност во тој Устав. Ќе го третираме, нека остане. Што ни пречи ова повеќе? Зошто бегаме од нешто повеќе.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Јас воопшто не ја гледам смислата на сега поднесениот усмен амандман, ,Бришењето на зборот "признат". Ние сме меѓународно признат субјект, а дека е тоа факт, доволно е само една држава да не признае и тој субјективитет на тој начин се потврдува. А факт е дека сме признаени од 6 држави.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Во рамките на оваа расправа што се води по поднесениот амандман на претседателот на Комисијата и што овој парламент се согласил да расправа, сакам да укажам на следното.

Основно е познавање на одредени термини. Пред се, Декларацијата изразува општ став на Собранието за одредено значајно, прашање од внатрешната и надворешната политика. Поаѓајќи токму од значењето на декларацијата, усогласувањето што настана во овие три комисии за кои исто така се потроши еден ден беше токму на оваа линија оваа декларација да го изрази токму тој општ став како политичко прашање, па во таа смисла оној текст на Декларацијата што го поднесе Владата беше анализиран и во таа смисла беше поднесена и соодветна Декларација од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ако внимателно ја следиме Декларацијата ва Европскиот совет од 27.06.1992 година, јасно е дека Европа ја сместува нашата судбина во однос на признавањето и името во пет- шест реда. Првата верзија на Владата ни беше понудена во 90 редови, па се договоривме да редуцираме и стасавме до 60 редови"..  Јас мислам дека она што е предложено од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е рационално и во духот на самиот поим Декларација, бидејќи одговара во се на она што треба да се одговори на Декларацијата на Европскиот совет. Тоа се трите прашања и оттука нелогично е за мене оваа Декларација што е дадена да биде фактичка содржана од првата точка, втората точка и точката 7 што мислам дека е Вистинскиот одговор на Декларацијата, ако сакаме таа да го изразува општиот политички став на овој парламент. Точките 3, 4, 5 и 6 се содржина која не може да биде текст на една Декларација, меѓутоа, бидејќи на овие три комисии се утврдуваше текстот на Декларацијата што ќе биде понудена на овој парламент, ние останавме во малцинство, едноставно сите комисии со гласање го утврдија текстот што е понуден овде за усвојуваше. Во таа смисла е и дадена нашата Декларација пратениците да ја имаат предвид и изјавувам дека пратениците на ВМРО ќе гласаат за декларацијата.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Морам да извршам дополнување. Прво, самата Декларација на Европскиот совет не признава како правен субјект како држава, ни го негира само името. Исто и Стејт департманот, не признава како фактичка држава, така се однесува, беа тука и делегации, ќе ни даде и хуманитарна помош, како правен субјект државен не признава, само името ни е спорно. Сами себе си противречиме. Јас затоа сметам дека амандманот не треба да се прифати, сами себе се негираме, да не остане спрема надворешниот свет.

Инаку, не постои критериум кога се смета меѓународно призната држава, дали после три држави, дали првата или последната членка на Обединетите нации. ~Јас сметам дека ние како држава уште на првото заседание на АСНОМ се прогласивме како држава која се здружи во Југославија и сега, меѓународно призната, исклучиво е од оваа асоцијација. Барем јас сметам дека не треба да се прифати амандманот.

XVII/1 сп/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Богдан Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Јас ќе појдам од историска гледна точка. Еден пратеник од овде комунистите ги направи борците магарињa. Вториот сега сака да им ја избрише историјата од 1944 година. Меѓународен субјект може да биде Кавадарци и признат со своето вино во Америка, Канада, Грција и било каде. Ние бараме меѓународен субјект, продолжение на историските граници на Македонија одГ1944 година, а не да бидеме меѓународен субјект и сега да бараме од денеска меѓународно признавање на Македонија во овие граници. А досега каде беше, која граница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да само точката не е да бараме, туку дека сме Тука е разликата. За збор се јави Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас се согласувам со предлогот изнесен од: пратеникот Црвенковски, но истиот го разбрав дека наместо во петтиот ред зборот "признат" да стои "Република Македонија е меѓународно правен субјект со јасно изразено и признато име". Овој атрибут меѓународно правен субјект" произлегува од претходниот текст на заклучокот затоа што со пренесен суверенитет во склопот на СФРЈ и по основ на правото на самоопределување тој меѓународно правен субјективитет Република Македонија досега го имала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега нови амандмани не ни треба,

За збор се јави Абдурахман Халити.

XVII/2

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Јас се обидам да помогнам нешто. Очигледно дека со точката 3 нешто не е во ред, затоа што, според ваквата формулација произлегува дека Република Македонија беше во составот на Демократска Федеративна Југославија, а тогаш таа беше со некое друго име, федеративна Народна Република, Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, тогаш се викаше Социјалистичка Република Македонија и оттука предлагам уште еднаш да ја погледнеме оваа формулација не заради нас туку заради другите.

Ние можеме да се согласиме ако сакаме меѓутоа да бидеме конзистентни, јасни во тоа што викаме. Желбите,се едно, а стварноста е друго. Ако остане формулацијата "Република Македонија е меѓународно признат субјект со јасно изразено и признато име" тогаш дословно нема потреба од никакви декларации затоа што тогаш ние сме меѓународно признат субјект а не сме

Оттука предлагам луѓето што се вични во овие работи уште еднаш да ја погледаат оваа формулација и евентуално уште некоја и да се договориме за текстот; Инаку го прифаќам текстот, навистина треба да биде пократок, појасени попрецизен во тоа што сакаме, односно што не сакаме

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Прво на памет не ми беше да давам некаков амандман. Овде имаше еден спор помеѓу двајца пратеници околу еден член, околу еден амандман, со желба да помогнам да се надмине тоа недоразбирање, а се со цел оваа Декларација да биде што поуспешна и единствено изгласана од овој Парламент и што побрзо, се обидов да дадам една сугестија.

Инаку, јас учествував во работата на Комисијата и ако сум имал намера или желба да дадам некакви амандмани или сугестии сум можел тоа таму да го правам. Тоа е едната работа.

Втората работа немам дури ни потреба во некоја голема мера да го бранам овој текст, бидејќи тоа не е ниту мој текст, а уште помалку овој член е мој предлог туку е ова текстот што врз основа на 6-7 предлог текстови на декларација од поодделни пратеници, од парламентарни групи, од предлог на Владата, по целодневна работа со усогласување, надгласување, меѓусебни убедувања успеавме да дојдеме до еден текст. Тоа е тој текст што го имаме пред себе. Кога јас би го пишувал текстот на Декларацијата, значи кога би правел јас осми предлог онака како што јас мислам дека треба, веројатно би бил во многу работи различен тој текст од овој што го имаме пред себе.

Во основа можеме да се спориме и~по овој амандман и по уште незнам колку амандмани, во основа оваа Декларација има три поенти и тоа го има буквално во сите предлог текстови на Декларацијата.

Првата дека го поздравуваме и прифаќаме оној дел од декларацијата на ЕЗ која ја гарантира безбедноста на границите.

Втората поента е дека условот околу промената на името кој е неопходен да се исполни за да добиеме меѓународно признавање го отфрламе. Тоа беше содржано во сите предлог – текстови.

Третата поента е дека ние и покрај ваквата декларација на ЕЗ немаме намера да ги прекинеме комуникациите со ЕЗ, напротив се залагаме и понатаму таа комуникација да опстои и дека се надеваме значи, нашето барање за меѓународно признавање и понатаму стои и се надеваме дека ЕЗ ќе го провери, ќе го преиспита својот став и ќе донесе успешно решение за нашето барање.

XVII/4

Тоа се трите поенти што беа содржани во сите предлог- текстови на Декларацијата. Она што е плус од она што го предлага господинот Томислав Стевковски и покрај тоа што мене и неговиот предлог ми се допаѓа и го уважувам, меѓутоа тоа е овој усогласениот текст се состои во тоа да ја искористиме оваа прилика и да кажеме уште еднаш на сите кои оваа Декларација ќе ја добијат во разно разни прилики пред себе врз основа на кои аргументи го поставуваме нашето барање за меѓународно признавање. Тука се прави една хронологија.

Прво, со тоа што веќе на Хашката мировна конференција се договори дека сите републики кои ќе произлезат од бившата Југославија имаат право, стануваат наследнички сукцесори на претходната СФРЈ и правни, меѓутоа што се однесува на меѓународниот;суверенитет на СФРЈ стануваат носители на дел од тој суверенитет што претходно  го здружиле во таа СФРЈ. Сега тој аргумент од членот 3 го поставуваме. Во членот 4 велиме дека имаме направено референдум значи овој народ, граѓаните на Македонија демократски се изјаснија за таквата определба за создавање, а Уставот итн. Тоа^е;декларацијата и ние можеме уште три часа да се убедуваме, да гледаме различни предлози, да гледаме запирки дали овој збор или некој друг, меѓутоа тоа е пораката што со оваа декларација треба да ја упатиме на сите во светот. Дајте малку да се соочиме што е суштината, да не се зафаќаме со формални работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Бранко останува на овој предлог што беше за меѓународното признавање.. Треба да знаеме формално треба да биде чисто кој текст е тоа.

XVII/5

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас лично мислам дека е добро овој збор да се тргне од едноставна причина што ги намалува сомневањата дали е целиот текст исправен. Овде поентата не е дали сме ние меѓународно признати или не, поентата од каде влечеме право/ аргументација да бараме сега меѓународно признавање. Од сукцесијата на бившата поранешна СФРЈ. Тоа е пораката, а не сега овој збор или оној.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, во ред. Оваа промена што ја предлага господинот Црвенковски е во петтиот ред и гласи: "е меѓународно признат субјект" се менува во "е меѓународен субјект" текстот си продолжува како што е.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

63 пратеници гласаа за.

Дали е не"кој против? (18)

18 пратеници се против.

Дали некој се воздржува (4

Бидејќи веќе немаме амандмани констатирам дека овој предлог на господинот Црвенковски е усвоен.

Дали некој по целиот текст бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и I Предлогот на декларацијата го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (94)

94 пратеници гласаа за.

Дали некој гласа против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека Собранието ка Република Македонија ја донесе Декларацијата едногласно во врска со Декларацијата на Европскиот совет

за некогашна Југославија, став за Македонија.

Ова беше пропратено со бурен аплауз.

Повторувам, констатирам дека Собранието на Република Македонија едногласно ја донесе Декларацијата во врска со Декларацијата на Европскиот совет за некогашна Југославија, став за Македонија. . -

Благодарам.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,30 часот).